Митрополит Струмички Наум

# ЕДЕН ОД НАС

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЛЈУСА 2024

Македонска Православна Црква –
Охридска Архиепископија, Јустинијана Прима
Струмичка епархија

Издава:
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса

*Издавањето на оваа книга го овозможи*
*г. Трајче Заев.*
*Господ да го благослови него и неговото семејство.*

Лектура:
Петар Георгиевски

Книгата ја посветувам на моите духовни чеда, кои ги покриваат сите мои недостатоци со својата саможртвена љубов кон мене; посебно на оние кои со некоја моја постапка сум ги разочарал, па предвреме излегле од послушание, или ме напуштиле, или во меѓувреме починале, а јас не сум успеал со моето покајание да стигнам до нив.

Предисловие

## МОЖЕТЕ И ВИЕ
(Од херменевтика до христијанска психотерапија)

*Точно е дека Христос чука на вратата од човековото христијанско срце, но однатре.*
– Владика Наум

Постојат чудни врски кои нè сврзуваат со некои луѓе, а за кои не може да се пронајде рационално објаснение. На пример, се сеќавам дека кога, како гимназијалец ја читав иконата на нашата љубовна поезија, антологиската стихозбирка *Деницијa* од Петре М. Андреевски, според мене – дијамант и на светската љубовна лирика, првпат почувствував дека со тој човек ме сврзуваат некакви мистични врски, иако не го познавав. Имено, јас тогаш, безнадежно вљубен, и самиот пишував љубовна поезија, ама кога ја прочитав *Деницијa*, престанав. Немаше потреба: тој за мене тогаш непознат човек, ја беше напишал (пред јас да ја напишам) *мојата* стихозбирка, и тоа на таков начин, што јас и немав што да кажам! Истото ми се случи потоа и со поезијата на Анте Поповски: кога го читав, чувствував моја крв во неговото мастило, а кога го

запознав, и кога се спријателивме, почувствував и негова крв во моето мастило.

Третото такво искуство во мојот живот е со Владиката Наум. Од каде тој во мојот живот, од каде дојде, кој го прати и зошто – ни денес не знам. Односно знам, ама би било многу нескромно од моја страна да кажам, и уште да се надевам дека со нешто сум ја заслужил милоста на тој праќач. Дури, не се сеќавам воопшто на нашето запознавање. Но знам дека повеќе од 20 години, дури и кога не се гледаме со месеци, меѓу нас речиси ништо не се менува во таа мистична поврзаност. Доказ за тоа е и фактот дека тој веќе две децении мене ми ги доверува неговите книги на прво читање, и ме чести мене, како мирјанин, со за мене незаслужена богословска почест – да пишувам предисловија за неговите Слова.

Се разбира, кога ги читам неговите книги, јас го немам она чувство од Анте и Петре – дека Владиката го напишал токму *шака* и токму *она* што јас сум сакал да го напишам. Но, имам чувство дека Владиката го напишал она што и јас го чувствувам, неретко и го мислам, ама не знам до го срочам и така да го напишам. Тој го пишува она што јас го споделувам, во што длабоко верувам (многу понеревносно и го живеам), и што можеби би можел да го напишам, кога само бројчаникот на животот би се свртел назад на мојата 26-та година, и кога и јас, на истата возраст како и Владиката, би се замонашил и би поминал низ истиот негов светогорски и севкупен духовен опит.

По оваа најнова негова книга, по ова Слово за Светиот апостол Петар, чувството на мистична поврзаност меѓу мене и Владиката добива веќе и една радосна, речиси оптимистичка човечка димензија. Оваа книга ме охрабрува. По оваа книга, во која препознавам свои намери – да го сторам на теренот на книжевноста истото тоа што тој го сторил на теренот на библистиката и богословијата, веќе сум убеден дека Некој не дава да се оддалечам од Владиката. И дека оваа книга е напишана, меѓу другото, и за да ме укрепи мене во некои мои ставови за книжевноста кои сум немал доволно храброст досега да ги сочинам „на книга и писмо“, да ги објавам. Тие мои ставови можат да се сведат на простото тврдење дека најмногу од книжевноста се учи од навидум споредното; во уметноста, како и во Светото Писмо и другите свети писанија, и „споредното“ е главно. Во таа смисла, јас ја обожував (и сѐ уште многу ја сакам) драмата *Розенкранц и Гилденстерн се мртви* на големиот драматург Том Стопард, во која тој од споредните ликови на најпознатото дело на Шекспир, од обични „маргиналци“ и „играчи од резервна клупа“ – извaја главни ликови, протагонисти! И на моите студенти секогаш сум им укажувал да не ги потценуваат „споредните“, зашто подеднакво се учи и од „вториот“ лик, од ликот „епизодист“, од оние ликови кои теоријата на книжевноста ги именува како *ликови-рефлектори*, затоа што тие, иако само го придружуваат главниот лик како сведоци, го осветлуваат со дополнителна светлина отстрана,

со што му даваат нова, многу продлабочена димензија на „протагонистот“.

Таков „лик-рефлектор“ по однос на „протагонистот“ Исус Христос, во ова чудесно богословско лепословие на Владиката Наум е токму – библискиот и житејниот лик на Светиот апостол Петар. И, за оние кои не веруваат дека меѓу мене и Владиката постои чуден однос на некаква „универзална аналогија“, иако тој се занимава со сосема една (света) а јас со сосема друга (профана) текстологија, еве го доказот. Со своја рака Владиката пишува:

„Чудесна личност е Петар. На самиот почеток од неговото житие, по ништо не е посебен, дури и би рекле дека изгледа како просечен – најобичен човек. (...) Ќе разгледаме некои покарактеристични моменти од она што го среќаваме во Новиот Завет поврзано со Апостолот Петар за што подобро, во нашето сознание, да ни се комплетира неговата личност. Нема да имаме тешка задача затоа што Петар е *главен спореден лик* во Новиот Завет Христов (истакнатото мое)“.

Зар тоа не е истиот порив како и кај мене – да ги проучувам повеќе „споредните“ ликови од главните? Се сеќавам дека јас, додека сите мои студиски колеги се обидуваа да ја објаснат „филозофијата на апсурдот“ во *Странецот* на Ками пишувајќи есеи за главниот лик Мерсо, напишав цел есеј за „споредниот лик“ на старецот Саламано, кој според мене подобро (иако поскриено) ја осветлува филозофијата на апсурдот од самиот Мерсо? Тоа е оној лик кој го бие својот пес секој ден, ругајќи

го, а кога песот еден ден ќе исчезне – Саламано речиси умира, зашто ја губи смислата на својот живот – љубовта кон песот!? Зар тој мој есеј не е со истата „стратегија“ како и онаа на Владиката во оваа книга? Зар не е тоа истото она верување дека и „малиот“ може да стане „голем“ и дека и „последниот“ може да стане „прв“, како што стана впрочем и со апостолите, од Христа избрани? Еве го тоа исто место што го делиме со Владиката, таа верба дека и последниот може да стане прв, најлошиот – најдобар, а грешниот да се покае и „од Савел да стане Павел“, еве ја таа вера во љубовта Христова и во спасението на душата на „обичниот“:

„Намерно ја потенцирам неговата просечност, обичност, и ја споредувам со истата кај нас, за да видиме сите колку и најобичниот човек денес ја има истата можност како и Апостолот Петар, во средбата со Синот Божји, да стане син Божји по благодат, па дури и Апостол. (...) Верувам дека токму и поради тоа Господ го избира него – *ем да имаме пример, ем да не паднеме во крајно очајание од самите себе* (истакнатото мое). Замислете избран да беше за наш пример светиот апостол Јован Богослов – возљубениот ученик? Дури, нам ни е и затоа полесно да говориме или пишуваме за Петар, додека пак, за Јован – што би можеле да кажеме?“

Во она *ем да имаме пример, ем да не паднеме во крајно очајание од самите себе*, како да го слушам кај Владиката теоретското наследство на мојот книжевен Аристотел од неговата „Поетика“, со она негово гласовито начело дека при читањето

или гледањето трагедија се поистоветуваме само со ликови кои не се „ни најдобри“ „ни најлоши“, зашто ретко кој од нас е најдобар, и ретко кој е и најлош. А без да се поистоветиме (идентификуваме) со ликот, нема прочистување, нема *катарза* (кажано со речникот на Аристотел), или нема – *очистување на срцето од страстите* и натамошен духовен подвиг, кажано со речникот на Владиката. Оваа позиција на Владиката – на Светиот апостол Петар да гледа како на „ни најдобар“ (Владиката педантно ги лови, како некаков теолошки „дефектолог“ сите падови на Петар) ни „најлош“ (Владиката педантно покажува колку доблест има во неговите покајанија по падовите, за разлика од Јуда) целосно одговара на моите книжевни лични убедувања.

Доволно беше за сличноста меѓу мене – книжевникот и авторот на ова преубаво лепословие за Светиот апостол Петар. Многу поважни се разликите, односно она што јас или не го знам, или не знам така да го напишам, а ме воодушеви во неговото Слово.

Најпрвин: ме воодушеви што оваа книга има личен печат, жиг на душата. На книгата личен печат ѝ дава пред сѐ изборот на „епизодите“ во кои овој „главен спореден лик“ се јавува, во кои сведочи за чудата на Христос, во кои го придружува, добива укори или пофалби. Изборот е, се разбира, лична и личносна категорија, и е многу важен:

кога некој избира извадоци (фрагменти) од некоја книга, изборот многу помалку говори за книгата отколку за избирачот. Дури сега сфаќам зошто врвниот (за жал покоен) загрепски професор Анте Стамаќ, кај кого студирав постдипломски студии, како предуслов да дојдеме на прв час, ни даваше да ги прочитаме првите педесет страни од *Браќа Карамазови* и да потцртаме со молив она што ни е најважно. На првиот час му ги покажувавме книгите со нашите маркирани делови, тој ги гледаше, и покрај името на секој од нас запишуваше нешто во својата тетратка. Многу години подоцна, кога со него станав и пријател, ми кажа дека на тој начин најдобро ги запознавал своите студенти, нивните специфики и начини на размислување.

Што избира Владиката Наум од „диегезата“ низ која во библиската приказна минува ликот на Светиот апостол Петар?

Избира само места што се погодни за *исклучително длабока херменевтика* (толкување). Воодушевуваат неговите херменевтички толкувања на постапките, мислите, изговорените реченици и на Апостолот и на Богочовекот. Иако Владиката тврди дека тие толкувања се резултат на македонско-светогорската аскетско-исихастичка школа, во комбинација со александриската алегориска школа, има во нив и многу од *најличниот опит* што Владиката го стекнал од својот повеќе од тридецениски *личносен* однос со Бога! Тоа ме води кон помислата дека херменевтиките, словата и беседите на Владиката Наум отсекогаш имале и еден личен, крити-

чки печат по однос не само на закостенетите шаблони на библиската херменевтика, туку особено по однос на некои аномалии во устројството на Црквата. Имено, Владиката е познат како еден од критичарите на „формалното“ свештенство и поборник за вистинското, есхатолошко свештенство. Еве еден таков *критички* екскурс и во оваа книга:

„Денешните наследници на Апостолите немаат внатрешно духовно покритие за чинот што го носат и затоа строго внимаваат на надворешната форма преку којашто градат лажен авторитет – оттаму и посебно украсените одежди, велелепните храмови, недостапните олтари, комфорните резиденции, специјални осветени црковни сосади и понижувачките правила за лаиците, а посебно за жените. Богочовекот Христос дојде да ни покаже дека целиот свет е храм Божји; дека секое наше работно место, каде што работиме во слава Божја и Го сведочиме Него, е олтар Божји; дека ни е потребно најнапред да сме облечени во благодатта на царското и есхатолошко свештенство; и дека нема посвета икона Христова од личноста на нашиот ближен и дека, за Него, нема ништо посвето од човекот. Денес ни се случува градење и надградување на форма, одвоена од својата суштина, која дури и го одбива современиот човек, кој не гледа тука решение и утеха за своето страдање“.

Таа *критичка димензија* ја има и во *толкувањето* на епизодите со Светиот апостол Петар, зашто Владиката не го идеализира на еден житејски начин неговиот духовен подвиг, туку покажува дека тој подвиг бил *реалистичен*, што значи – со

многу падови. Според тоа, мене ми се чини дека со оваа книга, Владиката Наум покажува дека се вистинити наводите на Ели М. Фрејзер, кога пишува: „Критичката (филозофска) мисла за религијата би требало да биде разликувана од религиозната мисла. Некаква среќна коинциденција сигурно би одвратила многу судири меѓу нив двете, зашто критичката размисла е сепак, зајадлива дејност“[1]. Се разбира, тоа „зајадлива“ овде значи само – сомничава, херменевтички расположена за нови, а не само за клиширани, закостенети и општопознати значења. И токму за една таква „среќна коинциденција“ која „одвраќа многу судири“ меѓу филозофијата на религијата и самата религија (вера) ја сметам оваа книга на Владиката Наум. Таа е дури *единство* на двете: на филозофијата на религијата и на *личниот* верски подвиг и опит! Затоа и велам: во овие херменевтики на „исечоците“ во кои се јавува „главниот спореден лик“ – Апостолот Петар, Владиката втиснува и силен *личен* жиг на сопственото духовно искуство; личниот жиг секогаш има нешто „критичко“ во себе, во него има сопствено расудување.

Еве еден таков пример каде Владиката спроведува херменевтички семиозис, примарно „религиско“ толкување, на кое се надоврзуваат секундарни, лично-опитни толкувања:

„*Во она време, се случи Исус да оди во градот наречен Наин; и со Него одеа мнозина Негови ученици*

[1] Ели М. Фрејзер (ур.): *Теми во религијата*. Збирка на избрани текстови. – Скопје, „Табернакул“, 2009, стр. 8.

*и многу народ. А кога се приближи до градската порта, ете, изнесуваа мртовец, единствен син на мајка си, а таа беше вдовица; и многу народ од градот одеше со неа* (Лука 7, 11–12)“.

Погледнете со каков личен тон, од личен духовен опит започнува херменевтичката потрага по смислата на овој извадок: „И што ако многу народ одеше со неа? И целиот свет да одел, ниту еден човек или ангел не може да врати во живот мртов човек, т.е. да воскресне човек од мртвите. Но, сепак, има Некој кој може и мртви да воскреснува, па дури и од адот да ги извлече“. Овој *личен тон* се совпаѓа со онаа дефиниција на Фрејзер за критичкото промислување како „зајадлива дејност“. И навистина, има нешто „зајадливо“ длабоко таговно-човечко во она „И што ако многу народ одеше со неа?“ И, токму кога ќе помислите дека Владиката напишал книга од жанрот „филозофија/критичка мисла за религијата“, доаѓа демантот: се отвора најубавото симболичко ковчеже на македонско-светогорската аскетско-исихастичка школа, па доаѓа до вистинско растајнување на симболите кои кријат цврста *верска* (религиозна) поука:

„Така, во ова евангелие мртовецот го претставува умот на човекот – заробен и умртвен од страстите, а мајка му е душата човекова; носилата на кои е положен мртовецот се гревовите, додека пак, носачи се демоните. Народот, т.е. ангелите сочувствуваат. (...) Сакајќи да извлечам духовна корист од оваа евангелска парабола, *не претендирајќи на единствено можно толкување* (истакнатото мое), ќе речам вака: мртовецот го носат носачите

на носила надвор од градот, т.е. умот е мртов, умртвен од своите страсти лежи во грев, а демоните го носат во правец во кој тие сакаат – надвор од безбедноста на Царството Небесно. Мајката плаче, т.е. душата, сепак, плаче и тагува над умот кој нема никаква контрола над страстите и демоните. Интересна состојба што би ја споредил со состојбата на умот на човек кој се наоѓа во некоја многу тешка зависност. *За оваа духовна состојба добро е да се размисли и да се дискутира: умот е немоќен да нè извлече од духовното беспатие на коешто се наоѓаме, но нашата душа плаче пред Бог поради тоа. Изгледа дека и тогаш имаме надеж* (истакнатото мое)".

Она *не претендирајќи на единствено можно толкување,* како и последните две реченици, истакнати од мене, се повторно враќање на *личниот жиг*, на *личниот глас*, произлезен од *сопствениот духовен опит* со Бога. Тие се доказ за една *слобода*, некарактеристична за догматската библиска херменевтика, слобода која може да биде и осудена од позиција на религиозната догма (но без слобода – нема ни љубов Христова!). Овие исклучително живи херменевтики на Владиката, мене многу ме потсетуваат на прочуениот метод на „стилистичко кружење" на стилистичарот Лео Шпицер, кој предлагаше нешто слично при „отклучувањето" на значењето кај книжевните дела шифрирани со симболи: кружење од површината кон длабочината, од општото кон поединечното, од колективно познатото кон личниот опит! Херменевтиките на Владиката се постојано „кружење" меѓу македонско-светогор-

ската аскетско-исихастичка школа и личниот негов духовен опит со Бога. За таков херменевтички подвиг, јас не гледам некој друг „конкурент“ на теренот на нашата богословија денес.

И да, на ваков брилијантен херменевтички ум, облагороден уште со тоа што на тој ум престолот му е во срцето, јас, како световен херменевтичар и толкувач на значења, со задоволство би му отстапил дел од моите часови по световна книжевна херменевтика, затоа што сум убеден дека и студентите по книжевност, мирјани (па дури нека се и атеисти), би станале свесни за длабочините до кои може да се оди во потрага по духовноста и скриените трезори на значењето на текстот.

⁂

Веќе реков дека Владиката Наум не е воопшто склон кон хагиографска идеализација на својот „главен спореден лик“, иако со огромна почит се однесува кон неговото духовно растење. Тој преку ликот на Апостолот нѐ води од настан до настан во библискиот диегезис, па ги читаме епизодите (за некого повеќе, за некого помалку познати) со крвоточивата жена, десеттемина лепрозни, одењето по вода, откажувањето од Христа трипати пред да запее првиот петел, покајанието, сѐ до оние апостолски дела што Петар ги прави по Воскресението Христово, а опишани во житејни извори.

Еве едно место на кое се детектира човекова слабост кај Апостолот, а на крајот се прави директна паралела со сегашноста и со нас, „главните спо-

редни ликови“ на едно лудо, обезбожено, капиталистичко-корпоративно време, време на беснило на страстите *славољубие, сластољубие и среброљубие*:

„Петар и другпат ја пројавува истата слабост, или подобро речено – несовршенство. Тој се интересира, да не речам, однапред бара да ја знае сигурноста на својата иднина: *Тогаш Петар одговори и Му рече: ’Ете, ние оставивме сѐ и по Тебе одиме: што ќе стане, пак, со нас?‘* А Господ Исус, повторно му снисходи, и им рече: *’Вистина ви велам, дека вие што врвите по Мене, при повторното раѓање, кога Синот Човечки ќе седне на престолот на славата Своја, ќе седнете и вие на дванаесет престоли и ќе судите над дванаесетте Израилеви колена‘* (Матеј 19, 27–28).

Нели истиот тој наемнички дух многупати го забележуваме и кај самите нас – правиме нешто за да добиеме нешто од Бог; и однапред сакаме да знаеме што, за да сме сигурни?“

Според тоа, она што е посебно важно за ова Слово е дека е Книга за нашата, обична човекова надеж – дека можеме да станеме подобри, дури и тогаш кога ни се чини дека Господ сурово се однесува кон нас. Коментарот на Владиката за епизодата со жената Хананејка е одличен пример за карактерот (дури и намерата) со која е напишана оваа книга. Владиката на тоа место се труди да го објасни она што сите ги збунува, а тоа се навредливите зборови на Христос кон жената која бара „услуга“ од него без никаков личносен и љубовен однос со него. Владиката не чувствува нелагода што треба да ги објасни тие зборови:

„Христос го изговара Својот, за неа многу тежок и навредлив збор кој ја изедначува жената со бесловесните животни: *Не е добро да се земе лебот од децата и да се фрли на кучињата* (Матеј 15, 26). Во вакви кризни и стресни моменти човек најчесто ги губи и надежта, и почитта, и довербата кон оној што му ги причинува навредата и душевната болка. Вообичаено следат помисли и затемнување на умот, како и оддалечување од оној што повредува. Но, не и во овој случај. (...) Прво, таа го прифати Христовото однесување, т.е. Неговото дело, постапката на крајно игнорирање и понижување кон неа. Второ, го прифати Неговиот збор, крајно навредлив за неа, а со тоа и Неговото учење. Трето, таа ги прифати Неговата волја и промисла за неа, во врска со нејзиното спасение. И, бидејќи ги прифати делото, зборот, промислата и волјата Христови, неизбежно веднаш ја прими и благодатта Христова, т.е. тоа сѐ е едно и исто, и оствари личносна заедница со Него. Нејзината молба веќе имаше друг квалитет и вредност пред Него: *И во тој час оздраве ќерката нејзина* (Матеј 15, 28)“.

Но, она што мене ми се чини особено важно, и што сакам да го потенцирам за сите кои ќе ја читаат книгава, е дека таа всушност е палимпсест: зад испишаниот херменевтички текст во кој се толкуваат клучните „епизоди“ од животот на Апостолот и неговиот духовен раст во содејство со Христос, се чита *и* еден друг текст: тоа е оној кој говори за *христијанската психотерапија*, тема која веќе години наназад го преокупира Владиката

Наум. Во стилот на Авдеев, тој веќе неколку книги station наназад го дава клучот за враќање на нашето ментално здравје – верата и покајанието (враќањето од противприроден во природен начин на живот), повторувајќи ги тие неколку главни постулати на христијанската психотерапија. Впрочем, многумина можеби и ќе ги збуни што и оваа книга, посветена на Апостолот, започнува со пообемен осврт на основите на православниот психотерапевтски метод. И навистина, доказот за тоа дека првата искра што го зачнала ова лепословие за Свети Петар е токму идејата – *врз неговиот пример* да научиме како духовно и душевно да оздравиме, го наоѓаме веќе на самиот почеток на егзегезите, токму кај случајот со жената Хананејка. Откако херменевтички ќе ни го објасни значењето на таа парабола, Владиката поентира токму во смисла на духовник-психотерапевт:

„Исто така, од жената Хананејка можеме да го научиме целиот христијански психотерапевтски метод за правилно надминување на секое искушение, од најголемо до најмало.

Прво, сè што ни се случува прифаќаме како дар Божји; второ, Му благодариме на Бог за тоа; трето, се осудуваме себеси како заслужни за уште полошо од она што веќе ни се случува; четврто, не му покажуваме (надворешно), а посебно – не на демонот, ни на лице, ни со збор, ни со некоја постапка дека се наоѓаме во искушение; петто, ја продолжуваме молитвата, ама не како борба против искушението, туку како градење заедница со Бог“.

На многумина мирјани не им се допаѓа почетната хипотеза на сета православна психотерапија, а тоа е дека – сите ние, денешни луѓе од општеството на постхуманитетот и конзумеризмот, сите ние кои живееме противприроден живот (неусогласеност на нашите желби со степенот на нашиот духовен раст, кој најчесто се сведува на, што вели Владиката „падни-стани“ обид да се очисти срцето од страстите) – сме болни во психоаналитичка смисла. Болни сме од страстите, кои или ги задоволуваме (стратегија на конзумеризмот), или ги потиснуваме (метод на западната психотерапија). Но, тоа се „терапии“ однадвор, терапии кои за христијанската психотерапија се лажни, затоа што ги лекуваат само симптомите, а не и причините за болеста (како на човек болен од воспаление на бели дробови да му давате само антипиретици но не и антибиотик). Причините за болеста се во нашата богозапуштена душа, во одбивањето да се погледне во себе, да се видат сторените гревови, да се окајат, а срцето да се очисти од страстите. Вистинскиот пат кон духовно и душевно здравје, според оваа христијанска доктрина е да се разбере дека:

„Проблемот не е никогаш надвор од нас, туку тој е секогаш во нас – во нашиот став или однос кон сè што се случува; дека правилното надминување на искушенијата е исто што и барање Божја правда, а не човечка; дека само преку правилното надминување на искушенијата нам ни се случува процес на преобразување на страстите, а не нивно по-

тиснување или нивно задоволување; дека на овој начин не му даваме материјал и право на демонот да ни пречи во молитвата; дека на овој начин го избегнуваме самооправдувањето, а го усвојуваме самоосудувањето; дека единствен начин да го промениме светот околу нас е прво себеси да се промениме; и сето тоа во Христос, во Црквата".

Или, како што тоа е брилијантно кажано во само една реченица во оваа премудра книга, во препознатливиот, гномичен, речиси „телеграфски" стил на Владиката: „Точно е дека Христос чука на вратата од човековото христијанско срце, но однатре". Не однадвор: ниту со купување материја која ги задоволува страстите, ниту со таблети кои ги репресираат страстите, зашто ни едното ни другото не ги преобразуваат страстите во она што на светот најмногу и му треба: *љубов*. Безусловна Христова љубов не само кон себеси, туку пред сè кон ближните, а најмногу кон непријателите, како што упорно повторува Владиката, со децении.

Но, какво е тоа „попување"!? Па сите знаеме дека љубовта лекува, но кои се *конкретните* лекови за да се помине од противприроден во природен начин на живот!? – со право ќе речат нетрпеливите невротичари на денешнава доба на постхуманитетот.

Еве кои се. Ќе направам само мал избор на конкретни духовни „иљачи" за нашето душевно здравје, од многуте кои Владиката ги дава од книга во книга, а овојпат врз примерите од животот на Светиот Апостол Петар.

Прво: во *молитвите*, кои се посилни од сите „седативи“ и „антидепресиви“ на западната психотерапија, „Ние никогаш ништо не бараме од Него за себе (здравје, успех итн.), туку само Му се даваме и Му се принесуваме“.

Второ, за и околу *простувањето*: „Оној што им простува на сите што му згрешиле, па дури и на своите непријатели, има Божја благодат во себе; а оној што нема да му прости и само на еден човек, па бил тоа и најголем непријател, има демон во себе. (...) Без искрено простување, нема напредок во православниот духовен живот. Со простувањето го сечеме коренот на нашето самољубие и ја исцелуваме нашата душа од секакво зло, па дури и си го штитиме телото од болести – кои и само од тоа произлегуваат“.

Трето: околу *самољубието* – „Знаеме дека самољубието го сочинуваат три главни страсти: славољубие, среброљубие и сластољубие. Ако не се ослободиме од страста на славољубието преку простувањето и барањето прошка, напразно е да се подвизуваме против сластољубието и среброљубието. Ѓаволот ниту е сластољубив, ниту е среброљубив, но затоа е многу славољубив. Славољубието е коренот на сите останати страсти и гревови“.

И четврто: она што денес се вика „филантропија“ (а зад која се крие обично интерес, па затоа и се вика „црна филантропија“) е идеално дефинирано кај Владиката, а инспирирано од Христовото однесување и однесувањето на неговите Апостоли: „Клучниот момент е – давање и кога се нема доволно ни за себе, односно саможртвената љубов.

Давање и кога се нема – тогаш се случува Божјото чудо; и тогаш сите добиваат колку што треба и им останува (добиваат) повеќе отколку што дале“. Кој од денешниве светски филантропи е ваков, вистински, Христов, „бел филантроп“? Па повеќето од нив даваат од она што им е вишок, а не од она што и ним им недостига!

Има уште лекови, но за ова предисловие доволни се овие четири. Немам намера да ја прераскажувам оваа книга, која и не може да се прераскаже. Не може ни само да се прочита. Може само да се *чиша*. Постојано. И со секое ново читање, да се црпат сѐ нови и нови, лековити лажици мед од саќето на Христовата премудрост и љубов.

За крај: отсекогаш сум верувал дека постојат два типа читатели: едни се оние кои сакаат да прочитаат колку што е можно повеќе книги (читање in extenso), а другите се оние што претпочитаат помалку книги, но ги читаат „во длабочина“ (in intenso). Ова Слово на Владиката бара втор тип на читатели. Дури, со оваа книга Владиката ни докажува дека за цел живот доволно е да се прочита само една книга (да не заборавиме дека нашите предци под „книга“ го подразбирале само Светото Писмо, и дека Библија значи – книга), под услов да се чита секогаш на друга длабочина, што зависи од степенот на духовниот раст на читателот. Колку повисоко се воздигнува неговиот дух, толку подлабоко слегува во тајните значења на книгата.

Само тој што така чита, како што чита Владиката Наум, ќе може така длабоко и да пишува. И ќе може, од тие причини, и „мртвите“ приказни (митовите) да ги оживува, да ги поврзува со нашата сегашност, да ги *воскреснува* тие значења за нас, денешните луѓе, во форма на човекољубиви поуки. Затоа е оваа книга голема: таа ни дава надеж. Надеж дека можеме да станеме подобри, иако сме „маргиналци“, полни со слабости. Еве го последниот извадок предвиден за ова предисловие, од кој се гледа на кој начин Владиката ги воскреснува „старите“, подзаборавени библиски семантеми и ги претвора во современи дијагнози на нашето болно време, но полн со убедување дека е можно наше лекување и исцелување! Во одделот „Воскресение без распнување“, тој пишува:

„И покрај сè, слабостите на Петар и понатаму се провлекуваат – и од помали стануваат некако сè поголеми. Како и ние денес и Петар тогаш сака воскресение без Крст. Иако, повторно, не можеме да му ги одречеме простодушноста и храброста, како и желбата да биде со Христос.

*Оттогаш почна Исус на Своите ученици да им открива дека Он треба да отиде во Ерусалим и да пострада многу од старешините, првосвештениците и книжниците и да биде убиен, и на третиот ден да воскресне. А Петар, како Го повлече настрана, почна да Му говори, зборувајќи: ’Биди милостив кон Себе, Господи; тоа со Тебе нема да се случи!‘ Но Он се заврте и му рече на Петар: ’Бегај од Мене, сатано! Ти си ми соблазна, оти мислиш не за она, што е Божјо, а за она, што е човечко!‘* (Матеј 16, 21–23).

Еве јасен пример, како сите ние, не само Петар, се откажуваме од Крстот Христов и бараме царство земно, т.е воскресение без Крст. Се откажуваме од Крстот секогаш кога нашата безбедност ја темелиме на нешто што е надвор од Бог, а не на Него, односно на самите себе и своите сопствени знаења и сили, и на некоја од формите на самочовечко општествено уредување или групирање. На пример, кога нашата сигурност ја темелиме на државата, нацијата, партијата, на семејството или на некои други видови групирање (обично бизнис, разни јавни или тајни организации и слично), како и кога се чувствуваме безбедни поради имотот и парите што ги поседуваме и човечката власт. Такво втемелување на нашата сигурност е откажување од Крстот Христов. Нормално, страдањата што секако ќе дојдат, ќе бидат бесмислени и полни со очај".

Не е потребен никаков посебен коментар. Затоа, браќа и сестри, сите кои паѓате, станувајте. Ако оној кој дури и од Христос бил наречен „сатана" (а врз кој како врз камен е втемелена сета Црква Христова), ако тој, таков несовршен како и ние, можел да стане апостол, и да го положи животот за Христовата љубов распнат (по своја желба со главата удолу, за да покаже дека не му е ни до нозете на Христа), тогаш можеме и ние.

Тоа е човекољубивата и најсилна порака на оваа книга. Пофалба Богу за ова сочинение што слезе од небесата до нас, долу. Амин.

Академик проф. д-р Венко Андоновски

# НАМЕСТО ВОВЕД

## *Противприроден и природен начин на живот*

Христијанската психотерапија и Светите отци и учители на Црквата дефинираат два начина на живот на душата, а со тоа и на телото: противприроден и природен.

Во противприроден начин на живот, на човек кој себеси се претставува како верник, спаѓаат три болни душевни состојби кои, од помалку лоша до најлоша, модерната психологија и христијанската психотерапија ги степенуваат и означуваат како: религиозна невроза, религиозно растројство на личноста (психопатија и социопатија) и религиозна психоза или демоноопседнатост.

Религиозна невроза му се случува на оној верник што не ги контролира своите мисли и чувства. Религиозно растројство на личноста (психопатија и социопатија) му се случува на оној верник што, покрај своите мисли, не ги контролира и своите зборови и дела – таквиот го карактеризира и голема бесчувствителност. Додека, пак, скриена демоноопседнатост му се случува на оној што свесно

ја исполнува токму демонската волја – таквиот го карактеризира крајна бесчувствителност. Значи, трите состојби можат да бидат и често се суптилни и незабележливи, а посебно поопасните од нив, за неопитното око на останатите. Постои и видлива демоноопседнатост. За ова поопширно понатаму во воведот.

Во природен начин на живот на христијанинот спаѓаат три духовни состојби кои, од начелно исцелителна, преку архетипна, до совршена – по подобие, Светите отци во христијанската психотерапија ги степенуваат како: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* – со дарот на умно-срдечната молитва, и *обожение*. Степените на духовниот развој се одредуваат според квалитетот на молитвата.

Молитвата на првиот степен од духовниот развој е обична – се изговара само усно или и со умот. Аскетската умно-срдечна молитва е Божјиот дар што го одвојува вториот од првиот степен на духовниот развој, а благодатната, односно непрестајната умно-срдечна молитва е Божјиот дар што го одвојува третиот од вториот степен на духовниот развој.

Битно е да се запамети следното: која било појава од кој било степен на душевното разболување може да се забележи кај кој било од наведените степени на духовниот развој, и обратно; но сепак, клучните одредници на границите меѓу кои било од наведените степени остануваат непоместени, а најчесто и самите степени на кои се наоѓа човекот. На пример: кај обожениот може да се случи

лоша мисла, многу тешко лош збор, а речиси невозможно е лошо дело, ама сепак, може. Или, кај демонизираниот може да се случи добро дело, добри зборови за друг, како и навидум добра замисла за општо добро, ама тешко и крајната цел да е добра. Можни се и сите други комбинации на појави, од сите, на сите наведени степени – намерно и ненамерно. Тоа кај неопитните, кај оние што не ги разликуваат границите меѓу степените, секако ќе направи забуна, која може да се манифестира на различни начини (како озборување, осудување, соблазна или, пак, како пофалба, следење, воодушевување и сл.) кон лица и кон состојби кои тоа не го заслужуваат.

Согласно гореспомнатото станува јасно, на пример, зошто толку често се случува светители да бидат осудувани, а лажни пророци да бидат следени. Или, зошто толку многу отсуствува расудувањето, денес, при чисти и јасни знаци за нештата. Или, зошто често се промашува големата слика, а од нејзините мали делови се проектираат големи лаги. Односно, зошто на луѓето повеќе им омиле темнината...

Исто така, преминот од противприроден во природен начин на живот се случува само доколку човек стане жив член на Црквата – Воскреснатото Тело Христово (тоа е првиот услов), и доколку влезе во целосрдечно послушание, односно под духовно раководство на духовен отец (тоа е вториот услов). Значи, и послушанието е conditio sine qua non – услов без кој не се може. Подвигот на послушание кон духовен отец трае сè додека не се достигне

степенот на просветлување на умот – со дарот на умно-срдечната молитва, не и потоа.

Општопознато е дека, од различни причини – најчесто субјективни, вториот неопходен услов (послушанието) на православниот духовен живот и подвиг, малкумина го исполнуваат; затоа и ситуацијата е таква каква што е: прво, голем број од денешните христијани се наоѓаат во религиозна невроза, некои од верните и од свештенството се наоѓаат во религиозно растројство на личноста (религиозна социопатија или психопатија), а за жал, некои од нив и во религиозна психоза (демоноопседнатост). Во овие последните спаѓаат оние што, на пример, во време на суптилен прогон на христијанството, без некои сериозни догматски причини, создаваат нови расколи. А за одличен пример на социопатија би ги истакнал оние што шират апокалиптични вести, со кои, пак, ги плашат оние што се наоѓаат во религиозна невроза – како Апокалипсата да зависи од некој надворешен фактор, а не од самите верни; оние што јавно осудуваат и навредуваат личности, наместо, доколку имаат некој духовен основ (просветлување на умот), да критикуваат гревовни состојби и дела; како и оние коишто не сочувствуваат со страдањата на своите ближни и не им помагаат – пасивни социопати. Има и многу други несоодветни однесувања за показ...

Работите не се црно-бели, како што е веќе напомнато, но ги објаснуваме школски и накратко. На пример, постои и една посебна и многубројна

категорија христијани кои, иако се наоѓаат во религиозна невроза, со некоја добронамерна идеја се трудат во духовниот подвиг (се исповедаат, постат, се причестуваат, се молат, се покајуваат и плачат), дури достигнуваат и до делумно очистување на енергијата на умот, но поради неисполнување на вториот услов – послушанието, т.е. ставањето на умот во процес на исцеление преку духовно раководство од духовен отец, доживотно остануваат во една падни-стани состојба, во едно постојано мачење, без да ги вкусат плодовите од својот труд.

Понекогаш Бог, Кој се грижи за спасението на сите луѓе, и на таквите им дава некои посебни духовни дарови поради посебните позиции и служби во Црквата, и што е најважно – поради самата Црква, но тоа не ја менува нивната состојба на религиозна невроза; и слично... Следствено, никој не треба овие дарови да ги сфати како основа за утеха, оти тоа би било прелест која би го запрела стремежот вистински да се допре до Бог.

Инаку, ако некој правилно премине од противприроден во природен начин на живот и зачекори по патот на очистувањето на срцето од страстите, нема како а да не стигне и до просветлување на умот и дарот на умно-срдечната молитва. Господ не е неверен, туку верен, не се кае за Своите дарови, сака луѓето да стигнат до мерата на полната возраст на Христовото совршенство, и волјата Негова е да им го дарува Царството Небесно[1].

---

[1] Види: Рим. 3, 4; 11, 29; Ефес. 4, 13; Лука 12, 32.

## *Светите отци за третите степени на духовниот развој*

Многу е битно да знаеме дека постои одреден Божествен ред и хармонија во православниот духовен живот, особено што светоотечкото Предание тоа недвосмислено и прецизно ни го открива. Ако ова Свето Предание го игнорираме, тогаш нашиот душевен живот може да биде само имитација или импровизација на некаков духовен живот каков што ние самите си го замислуваме, односно некој вид религиозна невроза или религиозно растројство на личноста. Нормално, треба да внимаваме, на крајот, да не испаднеме и богоборци.

Светите отци на Црквата, во својот духовен подвиг забележале три нивоа или стадиуми, или степени на духовниот развој, предавајќи ни ги како свој духовен опит: *чистење на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение* (боговподобување). Можат да се сретнат и други називи за овие степени.

Во теологијата на свети Максим Исповедник овие три степени се претставени како: *практична философија*, *природно созерцание* и *мистично богословие*[2].

Кај свети Исак Сирин трите степени ги пронаоѓаме именувани како: *покајание*, *чистота* и *совршенство*[3].

---

[2] Ἱερομόναχος Ἀρτεμίος Ραντοσάβλιεβιτς, «Τό μυστήριον τῆς σωτηρίας κατά τόν Ἅγ. Μάξιμον τόν Ὁμολογητήν», Ἀθήνα, 1975, стр. 165.

[3] A.J. Wensinck, *Mystical Treatises by Isaac of Nineveh*, Amsterdam, 1923, стр. 20.

Во своите списи, свети Дионисиј Ареопагит ги опишува трите степени на духовниот живот како: *очистување*, *просветлување* и *совршенство*[4].

Свети Никита Ститат вели дека постојат три степени во напредувањето кон совршенството: *почетна состојба на очистување*, *преодна состојба на просветлување*, *мистична состојба на совршенство*[5] итн., слично како и кај други Свети отци.

Но, ова учење за трите степени го среќаваме и посредно објаснето. Овојпат, на пример, ќе видиме како Светите отци го поврзуваат со свештеничките чинови. Обрнете внимание и на сличната терминологија што ја користат при објаснувањето.

Свети Максим Исповедник ги поврзува трите стадиуми на духовниот живот со трите степени на свештенството. Тој пишува:

„Делото на ѓаконот го врши оној што го вежба својот ум за свештени подвизи и ги изгонува од себе страсните помисли. Делото на презвитерот го врши оној што го просветлува својот ум во познание на битијата и со тоа го уништува лажно поименото знаење; додека, пак, делото на Епископот го врши оној што го восовршува својот ум со светиот мир на познанието на Света Троица на Која се поклонуваме“[6].

Свети Никодим Светогорец дообјаснува: „Богоносниот Максим смета дека задачата на ѓаконот е,

---

[4] Види: Митрополит Јеротеј Влахос, *Православна психотерапија*, Образ светачки, Београд, 1998, стр. 68.
[5] Истото, стр. 66.
[6] Свети Максим Исповедник, *400 глава о љубави*, Призрен, 1992, 2 стотица 21, стр. 77.

по пат на морален напор, да ги очисти другите од нивните страсти и лошите помисли; задачата на презвитерот е да ги просветли другите со природно созерцание на внатрешните принципи (логоси) на сѐ постоечко, и на крај, задачата на Епископот е да ги восврши другите во светлината на внатрешните принципи (логоси) на богословието [возење трактор е симпатично, но ќе се согласиме дека воопшто не е Епископски идеал]“[7].

Свети Дионисиј Ареопагит истото го вели вака: „Епископите [епископскиот чин] во потполност ја поседуваат моќта на просветлувањето... Нивната задача [внимавајте точно што е Епископскиот идеал] не е само да просветлуваат, туку и да восовршуваат. Презвитерите се просветлени и просветлуваат, додека ѓаконите очистуваат и знаат да расудуваат“[8].

Да повториме, Светите отци степените на духовниот развој ги одредуваат според видот на молитвата. Оние што се молат само со уста и со разум се на првиот степен – *очистување на срцето*, оние на кои им е откриено местото на духовното срце и аскетски се молат со умот внатре во него се на вториот степен – *просветлување на умот*. Обожените ја имаат непрестајната (благодатна) умно-срдечна молитва.

[7] ᾿Αγ. Νικοδήμος ἁγιορείτης, «Συμβουλευτικόν Ἐγχειρίδιον», ἐκδ. Σχοινᾶ Βόλος, 1969, стр. 154.
[8] Dionysius Areopagita, *De Coelesti Hierarchia*, 2.

## *Светите отци за трите степени на молитвата*

I.

Додека го пишував делото „Исихазмот во светогорското монаштво од 20 век“, читајќи, наидов на едно огромно богатство од светоотечки сведоштва за трите степени на молитвениот подвиг. Тоа ми беше потребно за историскиот дел од трудот, зашто делата на светогорските отци веќе ми беа познати. Многумина од нив и лично ги запознав, а со некои и сум разговарал, па дури и контактирав сè до нивното блажено упокојување.

Ќе се обидам накратко да ја доловам самата суштина на начелното светоотечко црковно Предание за умно-срдечната молитва во редовите што понатаму ќе следат.

Преданието на православната теологија и молитва не се две одвоени области, туку само една, и тоа достапна за секој христијанин, без оглед на неговото интелектуално ниво. Во Православното Предание нема место за елитизам и гностицизам – откриено е и достапно за секој што сака.

Прво, ќе ви претставам два цитата кои со различни зборови изразуваат еден и ист светоотечки опит на умно-срдечната молитва. Свети Василиј Велики (330 – 379) вели: „Умот што преку сетилата не се расејува по светот успева да се врати кон самиот себе... Умот што не се расејува кон надвор се враќа кон самиот себе, и преку себеси се искачува кон

Бог, како по пат на кој не постои опасност од прелест“[9].

Исто, но со други зборови, вели и светогорецот свети Григориј Палама (1296 – 1359): „Кога ќе го оддалечиш својот ум од секакво расудување, макар тоа било и добро, и кога целиот ќе го собереш во него самиот, достигнувајќи го тоа по пат на упорна сосредоточеност и непрестајна молитва, тогаш, на тој начин, и ти ќе влезеш во божествениот спокој и ќе се здобиеш со благословот на седмиот ден, престојувајќи во самосозерцание, и низ самосозерцанието вознесувајќи се кон богосозерцание“[10].

Според евангелското учење на Црквата, односно според православната црковна антропологија на Светите отци, суштината на умот се наоѓа во срцето како духовен центар на човекот, а енергијата на умот преку нашите сетила се расејува по светот. Насочувањето на енергијата на умот кон светот се нарекува секундарна функција на умот, односно разум. Потребно е, значи, да ја активираме примарната функција на умот, односно да ја пренасочиме единствената енергија на умот, од надвор, кон неговата суштина во срцето, а преку неговата суштина таа енергија да се насочи кон Бог – Кој е присутен во срцето преку благодатта на Крштението.

Со ова непрелестно кружно движење се остварува соединување и општење со несоздадената енергија Божја, а на тој начин и преобразување на

---

[9] Migne, J. -P., *Patrologia Graeca*, T. 32, Βασίλειος ὁ Μέγας, ΚΕ.Π.Ε. (Centre for Patristic Publications), Ἀθήνα, 1999, стр. 228.

[10] Saint Gregory Palamas, *The Homilies*, Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 138–139.

севкупниот наш ум. Со преобразувањето на умот истовремено се преобразуваат и обожуваат и волевиот и желбениот дел на нашата душа, како и нашето тело, та на крајот, и со своите телесни очи да можеме да ја видиме и несоздадената енергија Божја како Божествена светлина и слава – во нас и во сѐ создадено околу нас.

Очигледно, учењето за умно-срдечната молитва не е просто еден дел од севкупното Свето Предание, тоа е самата срж на Преданието на Православната Црква.

## II.

Пред да го изложиме учењето за трите степени на молитвата на светогорските отци од 20 век, да го чуеме прво свети Дијадох Фотикиски како подвигот на молитвата го базира врз живот на исполнување на заповедите Божји во Црквата: „Благодатта ја крие својата присутност во оној што е крстен, чекајќи душата да ја посака. Кога, пак, целиот човек наполно ќе се сврти кон Бог, тогаш во неискажливо доживување благодатта открива дека е присутна во срцето. (...) Ако човекот почне да напредува држејќи се до заповедите и неуморно повикувајќи го името на Господ Исус Христос, тогаш се разгорува огнот на божествената благодат...“[11]

Учењето за вежбањето во умната и умно-срдечната молитва на светогорските отци ќе ви го прет-

[11] «Φιλοκαλία τῶν νηπτικῶν καὶ τῶν ασκητικῶν», τόμος 9, Διαδόχου Φωτικῆς, Πατερικαί ἐκδόσεις «Γρηγόριος ὁ Παλαμᾶς», Θεσσαλονίκη, 1986, *Κεφάλαια Γνωστικά, 85,* стр. 247–249.

ставам преку една личност – светиот Старец Јосиф Исихаст (1898 – 1959), непосредниот возобновител на светогорското исихастичко монаштво во 20 век, а посредно – преку некои од неговите ученици, и многу пошироко од границите на Света Гора.

„Практиката на Исусовата молитва е да се присилуваш себеси да ја кажуваш молитвата гласно и непрекинато. На почетокот настојувај брзо, за да не стигне умот до состојба и помисла што расејува. Восредоточи се само на зборовите *Господи Исусе Христе, помилуј ме*. По извесно време се свикнува и умот, така што сам ја кажува молитвата [прв степен – умна молитва]. Кога умот ќе се навикне, кога ќе се насити и кога ќе ја научи, ја испраќа молитвата во срцето [втор степен – аскетска умно-срдечна молитва], бидејќи умот е хранител на душата и сè добро или лошо што ќе види или слушне го внесува во срцето, каде што се наоѓа центарот на духовните и телесните сили на човекот, каде што е престолот на умот.“[12]

Еве уште еден цитат од него каде што, ако читате внимателно, јасно се распознава определувањето на трите степени од духовниот развој, соодветната благодат што им содејствува, како и различниот квалитет на молитва по кој се разграничуваат тие степени:

„Духовната состојба се разделува на три степени и соодветно на тоа дејствува и благодатта кај човекот. Првата состојба се нарекува очистителна,

[12] Старец Јосиф, *Исихастички сведоштва*, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 31–32.

која го чисти човекот. Неа ти сега ја имаш и се нарекува благодат очистителна. Таа го води човекот кон покајание. Секоја усрдност, желба за духовен живот се должи на таа благодат. (...) Оваа благодат, кога се подвизуваш, останува кај тебе неколку години. А ако човекот напредува преку умната молитва, добива друга благодат, многу поразлична. (...)

Првата, како што веќе рековме, се нарекува чувство – енергија, и таа е очистителна, бидејќи оној што се моли чувствува Божествено движење – енергија, внатре во себе. А другата се нарекува просветлувачка. Со неа се добива светлина на познанието, се воздигнува човекот кон созерцание на Бог. Не светла, не фантазии, не слики, туку бистрина на умот, чистота на помислите, длабочина на значенијата. За да се појави оваа состојба, оној што се моли треба да има тишина, мир и непрелестен патеводител. И третата состојба, осенувањето на благодатта, следува по сè ова. Благодатта што восовршува е голем дар“[13].

Уште еднаш, разликата помеѓу вториот и третиот степен на молитва е во тоа што на вториот степен ние самите, со свој молитвен напор, треба да го задржиме умот во срцето и во Бог – аскетска умно-срдечна молитва, додека на третиот степен тоа го прави самата восовршувачка благодат Божја – непрестајна, т.е. благодатна умно-срдечна молитва.

---

[13] Истото, стр. 36–37.

### *За хармонијата на православниот духовен живот*

Посебно важно да се знае кога се зборува за правилниот духовен живот е фактот дека севкупниот духовен живот на човекот се одвива во совршена хармонија. Значи, православниот духовен живот не е нешто случајно, нешто хаотично, нешто што може како било, туку во духовниот живот постои еден препознатлив и совршен ред кој не може нималку да се пренебрегне, кој мора да се почитува. Тоа особено треба да го знае и живее духовниот отец, согласно своето искуство, согласно тоа колку е просветлен од Бог.

Исто така и сите христијани, а особено монасите, треба да го знаат овој поредок за да не се прелажат, односно за да се избават од прелеста, од лажната состојба на умот. Зашто, да се мисли погрешно за некои прашања од секојдневниот живот и не е така трагично и катастрофално, но да се мисли нешто погрешно во духовниот живот, тоа посебно на монасите може да им го обезвредни целиот живот и подвиг. Затоа, добро е учењето за духовниот развој и молитвата на срцето да се изложи и сфати во рамките на редот и хармонијата што владеат во духовниот живот. Постојат и некои ретки исклучоци, како на пример кај свети Силуан Атонски, но и тој потоа го поминува вообичаениот пат на подвигот. Опасно е да помислиме за себе дека сме некаков исклучок.

Како што може да се забележи во Светото Предание на Православната Црква, согласно Светите

отци, постои поделба на духовниот раст, од природниот начин на живот, на степени. Отците го познаваат првиот степен, кој најчесто го нарекуваат очистување; потоа вториот, кој го нарекуваат просветлување; и третиот степен, кој го нарекуваат обожение. Првиот е *очистување на срцето од страстите*, вториот е *просветлување на умот*, а третиот – *обожение на целиот човек,* и душа и тело. За секој од овие три степени карактеристично е дека има своја молитва, свој начин на организиран живот, соодветни искушенија; секој степен има свој однос со духовниот отец и духовно раководство; секој степен одговара на одделни свештенички чинови итн.

На првиот степен, кој се нарекува очистување, молитвата е само умствена и усна, односно монахот или подвижникот може да ја изговара со устата и може да ја следи со својот ум. Зборовите на молитвата се: *Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот*. На вториот степен, кој се нарекува просветлување, умот веќе се наоѓа внатре во срцето и таму ја следи молитвата што се изговара со внатрешното слово. Разликата меѓу вториот и третиот степен е во тоа што на вториот степен монахот со напорот на својата волја го држи умот собран во срцето, а на третиот тоа го прави самата Божја енергија или благодат, која непрестајно го задржува умот во срцето. Молитвата тогаш, според Светите отци, тече во срцето на подвижникот и кога тој спие и кога зборува или што било работи или мисли. Видовме дека на секој од овие степени постои соодветна молитва.

Како што на секој степен му одговара посебна молитва, исто така му одговара и посебен начин на живот. Истото важи и за христијаните во брак и за оние во манастирите, само што на монашкиот пример полесно се објаснува. Во Православната Црква познати се три начини на организација на монашкиот живот: општожитие, што подразбира живот на поголем број монаси во една заедница; скит, што означува живот во заедница на тројца или неколкумина; и пустина, што означува живот на еден монах оддалечен од светот. На првиот степен – на очистувањето на човековото срце – му одговара општожителниот, на вториот степен му одговара скитскиот, а на третиот степен – еремитскиот начин на живот. Секако, секој од начините на организација на монашкиот живот е поткрепен со соодветен манастирски типик. Не може да е ист типикот на општожителниот манастир со типикот на манастирот во кој се спроведува скитски начин на живот. Типикот на општожителниот манастир го карактеризираат долги заеднички богослужби во манастирскиот храм според редот во богослужбените книги, додека типикот во скитот се заснова на повеќечасовна Исусова молитва во осаменоста на монашката ќелија.

Исто така, Светите отци бараат да се почитува и правилото по кое примањето свештенички чинови соодветствува со овие три степени на духовен раст. Оној што е на степенот на очистување и го поминува правилно под раководство на духовен отец може да добие ѓаконски чин. Оној што го достигнал

степенот на просветлување на умот може да биде ракоположен за презвитер, а оној што го достигнал степенот на обожение може да биде Епископ. Може лесно да се забележи како принесувањето на даровите на олтарот од храмот, односно излегувањето на свештеникот пред олтарот е поврзано внатрешно со излегувањето на умот пред олтарот на срцето и словесната жртва на човековата личност што таму се принесува. Оваа состојба се нарекува и внатрешно духовно покритие за свештеничкиот чин, како и царско и есхатолошко свештенство. Кога би се почитувало ова правило, тогаш секако би имало многу помалку пастирски и административни проблеми отколку сега, кога на некој начин станува световен и тој дел од животот на Црквата.

Постојат и различни искушенија на секој од степените. На првиот степен, додека е срцето заробено од страстите, демонот има директен пристап однатре. Доволно е да уфрли некоја помисла, да поттикне некоја желба, однатре да побуди некоја страст за да го наведе човекот на пад. На вториот степен, кога е достигнато одредено очистување од страстите, доволно за да се пројави благодатта на Крштението во срцето и да се привлече умот во срцето, демонот нема толку сила за да предизвика пад кај монахот однатре преку страстите, и тој мора да нападне однадвор. Тоа значи дека оној мал дел недопреобразени страсти мора да биде поттикнат со голем предизвик. На вториот степен, демонот мора да причини реален предизвик. На пример,

наместо само обична блудна помисла за лице од спротивниот пол, мора да обезбеди негово реално присуство. Потребен му е токму реален предизвик за да се обиде да предизвика пад кај подвижникот. На третиот степен, што може да се види во житијата на светиите, демонот и лично се појавува со цел подвижникот на некој начин или да го доведе во заблуда на умот (па се појавува во образ на светител) или да го исплаши за овој да направи некој чекор што би го одвел во пад. Демонот, исто така, преку луѓето – свои слуги, успевал, со Божјо допуштение, и физички да ги елиминира светителите, како што читаме во житијата на светите маченици.

Исто така, и односот со духовниот отец е различен на секој од овие степени. Тоа е една од најважните области во православнато духовно предание. Во односот со духовниот отец монахот мора да биде во апсолутно послушание особено на почетокот, кога е на првиот степен, на степенот на очистување. Бидејќи, како што рековме, најголемата болест на човекот е во неговиот ум, разум, во неговата суета, гордост и високо мислење за самиот себе. Треба да се прекине дотурот на храна за страста на гордоста – односно човековиот болен разум не смее да остане критериум за сѐ видливо и невидливо. Затоа основна добродетел во манастирот, основно барање кое се поставува пред оној што доаѓа во манастир е да го стави својот ум во послушание на друг, а тоа во манастирот секако е умот на духовниот отец. Без апсолутно по-

слушание кон духовниот отец, монахот го промашил своето доаѓање во манастир зашто останува во една од главните страсти од кои боледува и која го држи неговото срце затворено за повисоките степени на молитвата. Само преку послушанието умот се става во процес на исцеление.

Секогаш се бара монахот да биде послушен, односно да го стави умот во процес на исцеление, додека е на првиот степен, без разлика на кој степен е неговиот духовен отец. Можеби ни духовниот отец не достигнал просветленост, но на почетокот на монахот не му е битно на кој степен е духовниот отец, туку да ја сочува довербата во Бог и да престане да ја храни страста на славољубието. Многу е добро ако духовниот отец е на степенот на просветлување на умот, бидејќи тој тогаш има поминато добар дел од патот и веќе знае како да ги води другите. Меѓутоа, кога монахот ќе стигне на вториот степен, тогаш односите со духовниот отец преминуваат на друго – повисоко ниво, на ниво на однос меѓу духовни браќа. Ако духовниот отец не е на вториот степен, тогаш монахот е слободен дури и да го напушти својот духовен отец – но само ако е на вториот степен и ако со тоа добива подобри услови за молитвено тихување, т.е. исихија, односно за исихастички начин на живот. Ако, на пример, отецот е на третиот степен, тогаш монахот би требало да остане со него, бидејќи отецот ги има поминато сите овие степени и знае да го води низ нив и да му измоли од Бог совршенство. Од тоа на кој духовен степен се наоѓа мо-

нахот, зависи и каков ќе биде односот со духовниот отец.

Значи, смислата на раководењето во духовниот живот низ личносниот однос *духовен отец – духовно чедо* е нов квалитет на односи, растење во Христос, според икона и подобие на Бог, Света Троица. А не е однос, како што некои го сфаќаат и кој најчесто се сретнува, или погрешно разбира, во далекуисточните филозофско-религиозни системи, под видот на еднаш засекогаш дадените идолопоклонички односи: гуру (учител) – ученик.

Постојат уште некои специфичности во врска со молитвата: на пример, што се чисти со молитвата на првиот степен, што на вториот, а што на третиот. Треба да се знае дека најнапред се чисти енергијата на умот. Дури на вториот степен, кога енергијата на умот ќе влезе во срцето, тогаш почнува да се чисти суштината на умот, која се наоѓа во срцето. На третиот степен се случува она што кај Светите отци се нарекува грабнување на умот, и гледање на несоздадената божествена светлина. Значи, во зависност од степените може да се зборува за особеностите на молитвата[14].

---

[14] Зошто е потребно да се повторуваат веќе еднаш кажани нешта? Затоа што се забораваат. Знаењето во Црквата не е толку ментална категорија и процес на памтење колку што е опит и благодат. Тоа е, пред сè, дар на Светиот Дух, по молитвите на духовниот отец, а потоа и опит. Знаењето подвижникот го стекнува, и му се дава исклучиво опитно, преку благодатното искуство во молитвата, во рамките на одреденото послушание. Преку молитвениот подвиг најпрво се чисти енергијата на умот, а потоа тој се просветлува и обожува до самата своја суштина. На тој начин човекот стекнува познание на Бог и на самиот себе. Заборавот

Овде може да се говори и за други појави од православниот духовен живот кои произлегуваат од трите степени или нивоа на неговиот развој, како што е, на пример, прашањето за тоа на кој начин човекот Го сведочи Христос, или каде ја бара вината при некој судир со ближниот на секој од степените, или на кој степен од духовниот развој би требало оној што е искушеник да биде замонашен, или за разликата помеѓу духовната и душевно-телесната љубов, но сметаме дека и досега кажаното е доволно за да се насети и запознае тајната на постоечката хармонија. Значи, целта на досега изложеното е да се види и освести фактот на постоење хармонија во духовниот живот и дека во него не може да има импровизација. Затоа мора да се почитува и да се постапува согласно поредокот или законот што постои во духовниот живот; зашто може да се скршне од патот, а таквите грешки се многу опасни.

и незнаењето се случуваат при повторното паѓање, отпаѓање, губење на благодатта; тогаш кога се случува враќање на животот и делата според страстите на стариот човек (види: Наум, Струмички Митрополит, *Слово од Елеуса*, Велјуса, 2001, стр. 115–116).

### *Восогласување на начинот на живот со степенот на духовниот развој или нивото на душевното разболување, како и со позицијата што ја зазема човекот во Црквата и општеството*

#### 1. Општо восогласување

Битно за православните христијани е како Бог гледа на човекот и на светот (на сѐ создадено), а не какво е човековото гледиште. Доколку нечиј поглед на човекот и на светот не се совпаѓа со Божјиот, тогаш тој е должен да ги восогласи, оти што општо има меѓу светлината и темнината?[15]

Бог го гледа секој човек личносно и органски поврзан со целото човештво, како и со сѐ создадено, и не прави разлика меѓу луѓето – Бог ги љуби сите, целосно. А луѓето, најчесто, ги делат луѓето по разни субјективни основи – повеќе според непостоечки отколку според постоечки, и го гледаат човештвото распарчено во секоја една индивидуа, а човекот како нешто наполно „откачено“ од целината на универзумот.

Како човекот да го восогласи Божјиот и својот поглед? Се подразбира дека само со учество во Светите Тајни и Светите Добродетели на Црквата, но најлесно човековата лично-соборна свест се образува преку молитвата за сите луѓе. Секогаш кога човекот се моли, всушност, треба да се моли за сите

[15] Види: 2 Кор. 6, 14.

луѓе – без да ги исклучува непријателите, и за целиот свет, и за нивното спасение, зашто Му се моли на Оној Кој го создал и Кој промислува за секој човек и за целиот свет; таквата молитва, во тие мигови, станува согласна со Божјата промисла и со Неговиот Домострој за спасение на секој човек и на целиот свет.

Кога цел на молитвата (се мисли на молитвата во која постојано се повикува името на Богочовекот Исус Христос) е Бог, односно заедницата на човекот и на сѐ создадено во Бог, тогаш молитвата, проземена од Духот, се кажува во покајание, и го чисти и духовно проширува човековото срце. И обратно, ако цел на молитвата е самиот човек и неговите потреби, тогаш молитвата на почетокот се кажува со распалена крв, потоа механички и на крај престанува – откако ќе остане без одговор.

Ако човекот не ги восогласи својот поглед и животен подвиг со Божјиот поглед и Домострој, никогаш нема да влезе во Духот – на молитвата *Оче наш*, во просторите на Царството, внатре во нас[16]. А ако ги восогласи, ќе ги придодаде и восогласи со погледот и подвигот на сите Светии, односно со подвигот на Црквата – со подвигот на Богочовекот Христос, продолжен во сите векови[17], до свршетокот на светот.

---

[16] Види: Лука 17, 21.

[17] Види: Архим. Др Јустин Поповић, *Светосавље као философија живота*, Манастир Ћелије, Ваљево, 1993, стр. 80.

## 2. Посебно восогласување

Секој еден христијанин, кој ќе ја дознае и разбере класификацијата на душевните разболувања според нивните степени, како и класификацијата на степените на духовниот развој, и кој ќе ги разликува, барем теоретски, одредниците на границите меѓу степените на душевното разболување, како и меѓу степените на духовниот развој, таквиот не може а да не сфати колку е битно да си ја знае својата состојба и колку е битен подвигот на восогласување на начинот на неговиот живот со степенот на духовниот развој или со степенот на душевното разболување на кое се наоѓа. Едноставно, без точна дијагноза нема ни точна терапија.

Јасно е дека секоја неподобност и невосогласеност на начинот на живот, или подвиг, со степенот на болната душевна состојба или со степенот на духовниот развој е прелест. Прелест е повреденост на умот од лагата што човекот ја прифатил како вистина.

Прелеста, голема или мала, дефинитивно го попречува душевното заздравување или духовниот развој. Што значи, ако некој душевно страда, таквиот ќе го прилагоди своето однесување со потребите за заздравување, кои пак, ќе бидат во согласност со тежината и со видот на душевното страдање. Додека, пак, ако некој духовно расте, таквиот ќе го прилагоди своето однесување со потребите на духовниот напредок, кои пак, ќе бидат во согласност со стадиумот на духовната зрелост.

Со други зборови, без точна терапија нема исцеление.

Уште едно восогласување, не помалку важно, христијанинот треба да има предвид, а тоа е восогласувањето на начинот на неговиот живот и со местото и улогата што ги има во општеството или во Црквата. За ова понатаму во текстот, затоа што е од исклучително спасително значење.

Восогласувањето е главно поврзано со послушанието и почетокот на духовниот живот, и поради тоа овде ќе наведеме неколку општи примери од секој степен на духовниот развој поединечно. Примерот е земен од монашкиот аскетско-исихастички подвиг, но во суштина важи за секој христијанин.

Видовме дека постојат три степени или нивоа во духовниот развој на една личност. Аскетско-исихастичкото живо предание најчесто ги именува како: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение на човековата личност*. Како што уште видовме, на секој од претходно наведените степени на духовен развој му соодветствува одреден процес на очистување, одреден вид молитва и одреден вид благодат; одреден вид искушенија, одреден вид уредување на заедничкиот живот итн.

Следователно, на секој од овие три степени се одвива и одреден, специфичен и различен за секое ниво, духовен однос на духовното чедо со духовниот отец, кој зависи и од тоа на кој степен се наоѓа секој од нив. Овој однос е динамичен: пре-

минува од еден квалитет во друг; се менува и се преобразува. Односот помеѓу духовниот отец и духовното чедо е една од најважните области во духовноста на православното Предание.

Ќе изложиме пример од светогорското монашко предание, со напомена дека истото, во суштина, важи за сите христијани. На примерот на монасите сите духовни појави се подобро воочливи.

Во односот со духовниот отец монахот треба да биде во апсолутно послушание особено на почетокот, кога е на првиот степен, на степенот на очистување.

Главната болест на човекот се наоѓа во неговиот ум и разум, односно во неговата суета, гордост и високо мислење за самиот себе. Затоа, основна добродетел во манастирот, основно барање што се поставува пред оној што ќе дојде во манастир е подвигот на смирението: да го стави слободно и своеволно својот ум во послушание на друг, односно во процес на исцеление; да го потчини својот ум под умот на друг. Секако, во манастирот тоа е умот на духовниот отец.

Без апсолутно послушание кон духовниот отец, монахот го промашува својот монашки подвиг затоа што одбира и понатаму да ја храни едната од главните страсти на умот од кои боледува – гордоста, мнението, високото мислење за самиот себе, која пак, го држи неговото срце извалкано и затворено за повисок степен на молитва. Православната аскетска литература е преполна со примери и совети за послушанието на првиот степен од духовниот развој.

Неопходно е духовното чедо да е во подвиг на апсолутно послушание додека е на првиот степен од духовниот развој, без разлика на кој степен е неговиот духовен отец, кого веќе го избрал. Можеби духовниот отец и не достигнал просветленост, но на почетокот за духовното чедо не е толку битно на кој степен е духовниот отец, колку што е битно да престане да ја храни страста на гордоста, да влезе во процес на исцеление на умот и да ја сочува верата и довербата во Бог. Поради вера и доверба во Бог и поради својата духовна несовршеност монахот доброволно и своеволно влегува во послушание, а не поради тоа што се надева само на човечката способност на духовникот.

Целосрдечното послушание Светите отци го сметаат за единствено вистинско, зашто само тоа ги уништува самољубието, самодоволноста, високото мислење за самите себе, кои претставуваат *мерзост на запустението...* кое *стои на место свето* (Матеј 24, 15) – во духовното срце на човекот. Последица и полза од послушанието е исцелувањето на човековата природа, која после падот е извитоперена. Со целосрдечното послушание се гаси секаков вид самољубие или сопствена желба и се активира волјата во остварување на тоа што го налага Старецот или некој брат што го застапува.

„Дури и ако заповедта на Старецот е погрешна, Бог поради послушанието ќе ја претвори во духовна полза. Тоа е верата на христијанинот. Старец Јосиф говореше: 'Ако некој е послушен, па дури и заповедта да е лоша, сè ќе излезе на добро само поради

послушанието‘. Нема никакво значење кој е Старецот што ја издава заповедта. Каква полза имаше Јуда од тоа што Старец му беше Самиот Христос? Што му вредеше на Адам што беше во рајот и што на некој начин Старец му беше Самиот Бог? Ништо.“[18]

„Сè зависи од нашиот однос со Бог. Ако имаме доверба во Неговата Промисла, ќе најдеме сила да го следиме словото на нашиот духовен отец. Логиката што му е својствена на секојдневниот живот и на нашите размислувања не се доволни. Бог го напушта оној што има преголема доверба во својот разум! Нема големо значење ако некое слово на духовниот отец е против нас или ако некој совет ни се чини неразумен според општата логика. Ако сме подготвени да го следиме словото, советите, ако имаме доверба во него, тогаш Бог ќе ги нареди работите, така што крајот да биде позитивен. Тајната на послушанието е една од посериозните стварности на патот кон спасението!“[19]

„Нема големо значење, ако совршенството на нашиот духовен отец е несовршено. Бог ќе ги исправи нашите дела во мера во која тие се извршуваат во послушание и со вера во Христос. Тоа што ни се чини погрешно, ќе стане правилно. Наспроти тоа, она што ни се чини совршено во нашата логика, многупати не е ништо друго, туку отсјај на

---

[18] Старац Јефрем Катунакијски, *Ученик Крста – подвижник послушања*, Образ светачки, Београд, 2002, стр. 69.
[19] Старец Софрониј, *За духот и животот*, Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 65–66.

нашата огревовена волја, така што Бог нема да е со нас.“[20]

Со апсолутното послушание кон духовниот отец, новодојдениот всушност на дело ја покажува и својата вера и доверба во Божјата љубов и промисла за негово спасение. *Вистина, вистина ви велам: кој го прими оној, што го праќам Јас, Мене Ме прима, а кој Ме прима Мене, Го прима Оној Кој Ме пратил* (Јован 13, 20). Затоа послушанието, односно духовното раководство, не треба да се сфати идолопоклонички, туку во рамките на градењето на нашата заедница и однос со Бог: *Вие сте скапо платени, не станувајте робови на луѓе* (1 Кор. 7, 23). Ова е клучен момент во подвигот на послушание кој не смее да се превиди!

Многу е добро ако духовниот отец е на степенот на просветлување на умот, бидејќи тој тогаш има поминато добар дел од патот и веќе знае како да ги води своите духовни чеда од степенот на очистување до степенот на просветлување.

„Бог го придвижува опитниот Старец и духовен раководител кој е способен да ја спаси душата и кој поминал по истиот тој пат. Подобро кажано, Самиот Бог престојува во него, зборува низ него и ја прави средбата. Кога ќе започнат да беседат, доаѓа до враќање на Божјата благодат. Отецот зборува, а неговите зборови проникнуваат во длабочината на срцето како молња. Душата е озарена од божествената светлина, а демоните бегаат далеку

[20] Истото, стр. 64.

оттаму, зашто не се во состојба да стојат пред Старецот. Во тој момент, светиот Старец е целиот божествен оган, а неговите зборови се преисполнети со божествена просветленост. Неговите совети се суптилни, произлегуваат од големо познание, поимање и преисполнети се со созерцание, бидејќи Божјата благодат ги придружува. Штом ќе го допрат срцето, умот се придвижува кон вдахновеност и восхитеност затоа што се поучува во натприродното и во она што е неопходно за да се поднесе тешкото бреме на демонската злоба.“[21]

Кога духовното чедо ќе стигне на вториот степен, тогаш односите со духовниот отец – ако е и тој на истиот степен – преминуваат на едно друго, повисоко ниво: ниво на однос меѓу духовни браќа, меѓу брат и сестра. И новонастанатата состојба треба да се восогласи. Ако духовниот отец не е на степенот на просветлување, тогаш духовното чедо е дури и слободно да го напушти својот духовен отец – но само ако е на вториот степен и ако духовниот отец (кој е на првиот) не му обезбеди услови за молитвено тихување. Односно: духовното чедо може да го напушти својот духовен отец ако со заминувањето добива подобри услови за молитвен подвиг.

Житијата на Светителите се преполни со вакви примери, но директни духовни совети во оваа насока тешко се наоѓаат во православната аскетска литература, затоа што може да се случи да бидат

---

[21] Старац Јосиф Исихаста, *Изложење монашког опита*, Образ светачки, Београд, 2000, стр. 295–296.

погрешно сфатени и протолкувани. Непосредни показатели постојат. Самиот факт дека постојат три степени на духовен развој, со сето она што со себе тие го носат, е доволен за да се подразбере дека секој степен носи со себе свој специфичен духовен однос – не само помеѓу духовниот отец и духовното чедо, туку и со останатите луѓе.

Кога е отецот на третиот степен, тогаш духовното чедо треба да остане со него, бидејќи тој ги има поминато сите овие степени и знае да го води низ нив и да му измоли од Бог совршенство. Исто како кога некој има богат татко и го чека неговото наследство.

### 3. Примери на восогласување

Православната вера се прославува единствено со правилен духовен живот. Нема православна вера каде што нема правилен духовен живот. Што е тоа кое многумина христијани, вообичаено, го превидуваат? Токму восогласувањето на начинот на својот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаат, како и со местото и улогата што ги имаат во Црквата и општеството. Таму каде што не постои оваа восогласеност нема ни православен живот, ни православна вера, туку неосвестена ерес во пракса, камуфлирана во православие.

Ќе наведеме и неколку поконкретни и покарактеристични примери:

Пример како да се воспостави првото восогласување: ако некој се наоѓа на степен на религиозна

невроза, а е сепак од оние со добронамерен подвиг (пости, се моли, се исповеда, живее во покајание, се причестува), сепак, не може да си дозволи (кога веќе ги знае границите) да мисли дека е некој просветлен или, обожен. Затоа што, колку е поголема разликата меѓу она што некој е и она што си мисли дека е, толку е поголема прелеста.

Исто така, многу внимателни треба да се и христијаните, од претходно наведениот пример, кои покрај добронамерниот подвиг имаат и некакви свештенички позиции во Црквата, а со тоа и некои посебни дарови (за проповед, за пишување, за советување, за организирање итн.). Таквите треба да знаат дека тие дарови се, пред сè, за надградување на Црквата, и ни случајно не смеат да си ги припишат на своите способности, затоа што ќе навлезат во областа на прелеста. Не смеат ни оние што се избориле за тие дарови, а камоли оние што не...

Друг пример за восогласување ќе земеме од степенот на очистување: оној што нема барем просветлување на умот и кој нема такво послушание, не би требало јавно да се занимава со никакви теми, ниту со световни, ниту пак, со сложени теолошки теми. Световни теми се: политика, туѓи гревови и слично, а сложени теолошки теми се: ерес, раскол, екуменизам, свети канони, календар... Клучно за духовниот живот е да се сфати дека, кога некој го нема дарот на просветлениот ум – кој произлегува од умно-срдечната молитва, секоја тема и пракса што е надвор од овој внатрешен и скриен дар, а со која некој јавно се занимава, го

вади таквиот надвор од себе, а тој, очигледно, не е посветен внатрешно на очистување на срцето од страстите и во откривање на молитвеното место на срцето, во послушание, смирение и анонимност, односно не го восогласил начинот на својот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓа; и нормално, отпаѓа од Божјата благодат.

Што не е им јасно од претходно изложеното на денешните христијани и зошто се однесуваат толку деструктивно? Понекогаш изгледа дека, теоретски, сè им е јасно, но некои или воопшто не веруваат дека постои или не веруваат дека токму тие можат да го достигнат дарот на умно-срдечната молитва, па не се трудат во таа насока. Други, пак, се однесуваат како да немаат доволно интелектуален капацитет да сфатат што им е предочено; имам свое објаснување за овој феномен, но не сакам да должам. Меѓутоа, има и такви на кои не им одговара овој поредок и хармонијата на православниот духовен живот да им станат општопознати на верниците, затоа што така полесно ја кријат својата падната состојба.

Просветлен ум има само оној кој е носител на дарот на умно-срдечната молитва – од која и произлегува просветленоста. Секоја друга „просветленост“ е сигурно демонска. Демонската просветленост може да произлезе од начитаност, од висока позиција, од човечка слава, од умисленост, од имотност итн.

А секоја темнина на острастеноста, т.е. на поистоветеноста, си има свој демон, кој се крие во неа, кој истовремено, со сите сили, преку по-

мислите се труди да ја одржи или зголеми истата. Ќе наведам уште некој пример од актуелните случувања:

Оние „христијани“ кои сè уште не ја отфрлиле темнината на поистоветувањето со државата, народот и партијата, наместо пастирскиот пристап кон истите, треба да знаат дека се наоѓаат во религиозно растројство на личноста и дека се главни носители на растројството на државата и народот и на партијата со кои се поистоветиле. Иако тие за себе мислат дека се најголеми патриоти. Едноставно е: оној на кого Богочовекот Христос не му е на прво место, пред кој било и пред што било, ниту е Христов, ниту е христијанин, ниту е спроводник на благодатта на Светиот Дух во овој свет. Напротив...

Распаѓањето пред нашите очи на сето она што го љубиме: татковина, народ, семејство итн. се должи на злото на поистоветувањето, поради што се останува без Божјата благодат, додека преку пастирскиот пристап, тоа што го љубиме полека се преобразува и спасува преку Божјата благодат. Православниот духовен живот е во голема мера антиномичен, а пастирскиот пристап е најпродуктивен и единствен патриотизам.

Од оние, пак, христијани кои ги отфрлиле темнините на неверието и на поистоветувањето, мнозина само телесно стануваат членови на Црквата, крстени и причестени итн., но не ја откриваат тајната на послушанието, односно тајната на восогласувањето на начинот на својот живот со степенот

на духовниот раст на кој се наоѓаат, како и тајната на восогласувањето на начинот на својот живот со местото и улогата што ги имаат во општеството и во Црквата; и во најдобар случај, душевно остануваат во темнината на религиозната невроза, со повремени проблесоци од светлината на природниот начин на живот.

### 4. Восогласување со местото и улогата во Црквата и општеството

Уште едно восогласување христијанинот треба да има предвид, а тоа е восогласувањето на начинот на неговиот живот со местото и улогата што ги има во општеството или во Црквата.

Секоја позиција и секоја улога во општеството, како и во Црквата, си имаат своја хиерархија, свои задачи и цели, свои привилегии, но и своја одговорност, кои е невозможно да се превидат. Секоја појава на невосогласеност и во овој дел, а во комбинација и со потребата од првото восогласување, е не мало промашување. Но, иако второто восогласување е просто невозможно без првото восогласување, сепак, овојпат ќе наведам еден пример, колку теоретски да се разбере.

Пример за второто восогласување: ако некој е лаик во Црквата, без оглед на општествената позиција, и исто така не е ни важно на кој степен душевно или духовно се наоѓа, не може да си дозволи јавно да противречи на слово на Епископ на Црквата, дури и ако во тоа слово има некоја греш-

ка; или јавно да обзнанува некоја негова грешка на дело. Што треба да направи? Ако во словото на Епископот, или во некое негово дело, има некоја грешка, тогаш тој треба истата да му ја открие на својот духовен отец, а тој, пак, на својот Епископ. Истото ако го направат уште неколку христијани од други епархии, грешката на Епископот сигурно ќе стане тема и на некоја Синодска седница, каде што Епископот ќе биде замолен од страна на Светиот Синод да не ја повтори или да ја исправи грешката на дело или во следното свое слово. Ако е тој нормален, секако дека ќе ја исправи; и ова веќе се случувало. Тоа е нормалниот црковен начин, ако човек постапува согласно местото и улогата што ги има во Црквата и општеството. Има и варијации на тема доколку, на пример, Епископот ненамерно напише ерес, или намерно... или не послуша... итн., ама сè, главно, оди прво преку духовниот отец.

## *Заклучок*

Доколку не се освести и не се достигне ова восогласување за кое говориме, човековиот душевен живот може да се нарече секако освен правилен, односно секако освен христијански, а последица од таквиот начин на живот најчесто е неосновано високо мислење за самите себе, односно идеи на величина, или пак, суптилна состојба на умот што престојува во когнитивни дисторзии (контаминации – според трансакционо-аналитичката теорија на Ерик Берн); или, едноставно – гордост. Со други зборови, како што е веќе објаснето – бесовска прелест.

Прелеста, без оглед дали е поголема или е помала, дефинитивно го попречува душевното заздравување или духовниот развој. Затоа, ако некој душевно страда од некаква прелест, таквиот треба да го восогласи своето однесување со потребите за заздравување, кои пак, ќе бидат во согласност со тежината и со видот на душевното страдање. Додека, пак, ако некој духовно расте, таквиот треба да го восогласи своето однесување со потребите на духовниот напредок, кои пак, ќе бидат во согласност со стадиумот на духовната зрелост. Со други зборови, без точна терапија нема исцеление и нема восовршување.

Затоа Светие отци и бараат духовниот живот да се случува во познание – освестено. Само тогаш и најоправдано може да го носи епитетот *православен духовен живот*. Доколку христијаните би

воделе правилен духовен живот, може да се претпостави колку позитивно влијание би имало тоа во функционирањето на целото општество, особено ако се има предвид примерот од актуелните случувања.

Сè што не е правилен духовен живот е живот одвоен од Духот на Црквата, иако човекот што води таков живот формално може да се смета за член на Црквата. Основа на секташкото однесување е паднатата природа на човекот. Дуализмот меѓу умот и разумот, односно расцепот меѓу примарната и секундарната функција на умот, се одразува како расцеп и невосогласеност меѓу умот – како словесна сила на душата, и волјата и желбата – како бесловесни сили на душата; така што умот не управува со волјата и желбите. Овој расцеп и невосогласеност се пројавуваат како неконтролираност и збрка на чувствата. Конфузноста на чувствата се пројавува, пак, како недостаток на контрола врз зборовите и делата. И обратно...

Сето погоре опишано со еден збор би го дефинирал како збркано или темно и тесно срце. Затоа што, духовното срце е центарот на словесната и бесловесните сили, на сите чувства, извор на мисловното и говорното слово, и на сите човекови дела. Ако тоа е збркано, сè ќе биде темно и тесно.

Зошто е темно и тесно? Затоа што, откако човекот влегол во Црква, не успеал да го восогласи начинот на својот живот со нивото на душевноста со која влегол – кон духовен развој, како и со местото и улогата што ги имал во Црквата. Тоа е причината

за развојот на секташкиот дух. Со други зборови, луѓе непросветлени, без дарот на умно-срдечната молитва, јавно сакаат и се занимаваат со многу комплицирани црковно-општествени теми.

*авторот*

# Еден од нас

## СВЕТИОТ АПОСТОЛ ПЕТАР

Чудесна личност е Петар. На самиот почеток од неговото житие, по ништо не е посебен, дури и би рекле дека изгледа како просечен – најобичен човек. Оженет, неук и сиромашен рибар, кој си ја гледа својата работа – како и повеќето луѓе од секое време. Потоа станува ученик Христов и Апостол.

Во неговото, како и во нашето житие, забележуваме доста падови – и тоа, кај него, наизглед многу потешки од нашите, но гледаме и повторни подигања. На крај, неговиот живот завршува свето, со маченичко сведоштво на Својот Учител – Богочовекот Исус Христос, а нашиот, допрва ќе видиме...

Намерно ја потенцирам неговата просечност, обичност, и ја споредувам со истата кај нас, за да видиме сите колку и најобичниот човек денес ја има истата можност како и Апостолот Петар, во средбата со Синот Божји, да стане син Божји по благодат, па дури и Апостол.

Верувам дека токму и поради тоа Господ го избира него – ем да имаме пример, ем да не паднеме во крајно очајание од самите себе. Замислете избран да беше за наш пример светиот апостол

Јован Богослов – возљубениот ученик? Дури, нам ни е и затоа полесно да говориме или пишуваме за Петар, додека пак, за Јован – што би можеле да кажеме?

Ќе разгледаме некои покарактеристични моменти од она што го среќаваме во Новиот Завет поврзано со Апостолот Петар за што подобро, во нашето сознание, да ни се комплетира неговата личност. Нема да имаме тешка задача затоа што Петар е главен спореден лик во Новиот Завет Христов.

# СРЕДБАТА СО ГОСПОД

Да одиме по ред и да видиме прво колку и каков труд Му требаше на Богочовекот Христос најпрво да го привлече Петар за Свој ученик.

При нивната средба забележуваме три моменти поврзани со реалното послушание, како и со духовното растење, битни за почетокот на нивниот однос.

Прво, Христос, „притеснет“ од мноштвото народ, замоли услуга од Симон Петар ако може да го користи нивниот кораб – нивната сопственост и имот, за проповед. Симон и неговите другари Го послушаа: *Како влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, го замоли да се оддалечи малку од брегот, па седна и го поучуваше народот од коработ* (Лука 5, 3).

Второ, Христос уште еднаш ја проверува нивната подготвеност за послушност, но овојпат Симон Петар и другарите не треба да дадат или да позајмат некаков имот, туку треба да го стават својот ум во послушание и да ги активираат целата своја вештина и преостанатата физичка сила во извршувањето на Христовото слово. Со други зборови, наместо имот, Христос од нив побара да се вложат себеси, своите сили и своето време: *Заплови во по-*

*длабоко и фрлете ги мрежите свои за лов!* (Лука 5, 4).

Петар и другарите послушуваат, со мала забелешка: *Наставниче, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата* (Лука 5, 5). Сепак послушуваат – но не беспоговорно, и затоа што се сигурно допрени од словото во сила на претходно чуената проповед од Него.

Со второто послушание Христос им прави противуслуга – материјална: *И штом го направија тоа, тие уловија голема количина риба, та дури и мрежата им се скина. Им дадоа знак на другарите, што беа во другиот кораб, да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа* (Лука 5, 6–7).

И духовна: *А кога го виде тоа, Симон Петар падна пред нозете Исусови и Му рече: „Оди си од мене, Господи, оти сум човек грешен!" Зашто беше влегол страв во него, и во сите што беа со него, од тој лов на риби, што ги уловија; а исто така и во Јаков и Јован, синовите Заведееви, кои му беа другари на Симон* (Лука 5, 8–10).

Трето, откако ја проверува нивната посветеност во послушанието и нивното смирение, Господ Христос ги повикува и на апостолство: *И му рече Исус на Симон: „Не бој се! Отсега ќе ловиш луѓе!" Кога ги извлекоа двата кораба на суво, оставија сè и тргнаа по Него* (Лука 5, 10–11).

Гледате ли како Господ ги води Своите ученици низ процесот на духовно растење преку целосрдечното послушание и како постепено и мудро ги привлекува? Прво, тие видоа дека околу Него се

збира народ и тоа ги заинтересира да Го примат на својот кораб, потоа и самите го слушнаа Неговото слово кое ги привлече да Го послушаат, и на крај, откако го видоа резултатот на послушанието кон Него, тие Му станаа ученици и тргнаа по Него – оставајќи сѐ. Прекрасно!

Од страна на Христос совршено изведено привлекување, но во прифаќањето на повикот од страна на Петар има една сенка – Богочовекот му нуди да стане ловец на луѓе. Со други зборови, тоа не е чист повик – како кај Јаков и Јован, туку повик со понуда за промоција, повик со предлог да стане Апостол. Но, не можеме да му одречеме храброст и простодушност, како и желбата да биде со Христос – која почнува да се назира.

Петар и другпат ја пројавува истата слабост или подобро речено – несовршенство. Тој се интересира, да не речам, однапред бара да ја знае сигурноста на својата иднина: *Тогаш Петар одговори и Му рече: „Ете, ние оставивме сѐ и по Тебе одиме: што ќе стане, пак, со нас?“* А Господ Исус, повторно му снисходи, и им рече: *„Вистина ви велам, дека вие што врвите по Мене, при повторното раѓање, кога Синот Човечки ќе седне на престолот на славата Своја, ќе седнете и вие на дванаесет престоли и ќе судите над дванаесетте Израилеви колена“* (Матеј 19, 27–28).

Нели истиот тој наемнички дух многупати го забележуваме и кај самите нас – правиме нешто за да добиеме нешто од Бог; и однапред сакаме да знаеме што, за да сме сигурни?

Еве ни друго сведоштво за да можеме да направиме разлика: *Одејќи понатаму, Христос, виде други двајца браќа: Јаков Заведеев и братот негов Јован, во кораб со Заведеј, таткото нивни, кои си ги крпеа мрежите свои, и ги повика. И тие наеднаш го оставија коработ и таткото нивни, и тргнаа по Него* (Матеј 4, 21–22).

Тоа е вистинско сведоштво на екстремно одрекување од светот на повик Христов: ни ветување, ни објаснување, ни поздравување со блиските, ни извесност, ни ништо – само напуштање на светот и на сѐ во него. Тоа е сосема друго ниво – ниво на однос на децата Божји.

Во житието на Апостолот Петар понатаму пишува: „Господ Христос го љубеше Петар поради неговата простосрдечност. И Господ го посети неговиот беден дом и ја исцели неговата тешта, болна од треска, така што ја фати за рака[1]. И кога утрото мошне рано Господ стана и отиде сам на пусто место, тогаш Петар, не можејќи повеќе да издржи ниту еден час без Христос, ја остави својата куќа и сите домашни, и истрча по Него, грижливо барајќи Го својот возљубен Учител. И кога Го најде, Му рече: 'Сите Те бараат!'[2] И оттогаш Петар не се одвојуваше од Господ, туку неотстапно беше со Него".

[1] Види: Марко 1, 30–31.
[2] Види: Марко 1, 35–37.

## ХРИСТОВ УЧЕНИК

Петар лично учествува во најразлични случки на Христос со луѓето и лично ги слуша многуте Христови поуки и заповеди. Ќе се задржиме на случката со жената Хананејка, на поуката за чувањето на срцето, за простувањето и вистинската љубов, и за последните времиња – како посебно важни и суштински меѓусебно поврзани.

### *Жената Хананејка*

Евангелската случка со жената Хананејка ни ја покажува сета големина и важност на смирението, како и со него неразделно поврзаното послушание и прифаќање, како и нивното одлучувачко значење за нашето духовно исцелување и растење, т.е. духовно преобразување и восовршување, на почетокот од нашиот духовен живот; исто така, ја покажува и потребата од духовен патеводител. Темел на послушанието и прифаќањето е смирението. Верата во Бог се подразбира.

Читајќи го Светото Евангелие забележуваме дека откако жената ги упати своите молби кон

Христос, Он не ѝ одговори со ниту еден збор, туку наполно ја игнорираше. Најпосле, учениците Негови – меѓу кои прв Петар, и самите зачудени, бидејќи никогаш не Го беа виделе вака строг и „немилостив“, и самите Го замолиле Христос да ѝ помогне. Но, Богочовекот Христос останува со непроменет став и однесување; Он не ја ни погледнува: *Јас сум пратен само при изгубените овци на домот Израилев* (Матеј 15, 24).

Сето тоа е огромно понижување и болка за жената. Но, таа повторно смирено Му пристапува со вера и, поклонувајќи се – упорно Го моли да ѝ помогне, не обрнувајќи внимание на својата „пониженост“, на својата душевна и телесна исцрпеност. Тогаш Христос го изговара Својот, за неа многу тежок и навредлив збор, кој ја изедначува жената со бесловесните животни: *Не е добро да се земе лебот од децата и да се фрли на кучињата* (Матеј 15, 26).

Во вакви кризни и стресни моменти човек најчесто ги губи и надежта, и почитта, и довербата кон оној што му ги причинува навредата и душевната болка. Вообичаено следат помисли и затемнување на умот, како и оддалечување од оној што повредува.

Но, не и во овој случај. Жената со смирение и послушание го прифати Христовиот збор и, сметајќи се и самата недостојна за внимание, помош и милост, побара да ѝ дадат само колку од трошките што им паѓаат на децата од трпезата додека тие јадат. Се изедначи себеси со бесловесните животни. И веднаш го слушаме Христовиот збор на одобру-

вање и потврдување на нејзиниот подвиг на вера, смирение и послушание: *О, жено, ї олема е ш војаш а вера; нека ш и биде ї о желбаш а ш воја!* (Матеј 15, 28). Во еден миг, онаа што беше во крајна „пониженост“, беше помилувана, послушана и воздигната поради своето целосрдечно послушание и вера во Христос и поради, на тој начин, остварената заедница со Него.

Да резимираме: што, всушност, се случи со жената Хананејка при нејзината средба со Господ Исус Христос?

Прво, таа го прифати Христовото однесување, т.е. Неговото дело, постапката на крајно игнорирање и понижување кон неа. Второ, го прифати Неговиот збор, крајно навредлив за неа, а со тоа и Неговото учење. Трето, таа ги прифати Неговата волја и промисла за неа, во врска со нејзиното спасение. И, бидејќи ги прифати делото, зборот, промислата и волјата Христови, неизбежно веднаш ја прими и благодатта Христова, т.е. тоа сѐ е едно и исто, и оствари личносна заедница со Него. Нејзината молба веќе имаше друг квалитет и вредност пред Него: *И во ш ој час оздраве ќеркаш а нејзина* (Матеј 15, 28).

Какво значење има сето ова за нашиот духовен живот?

Однесувањето на жената Хананејка кон Господ Христос покажува каков треба да биде нашиот однос кон духовниот отец, или поточно, какво да биде нашето послушание кон оној кој во нашиот живот претставува икона Христова во Црквата, кој седи на местото и во образот Христов; кон оној кого сло-

бодно и љубовно го одбираме и под чиј просветлен ум своеволно и доброволно го покоруваме нашиот од гордоста расеан и помрачен ум – согласно заповедта Божја, сѐ додека, преку растење во послушанието, Самиот Христос не се изобрази и вообличи во нас; сѐ додека не стигнеме до степенот на просветленост на умот.

Исто така, од жената Хананејка можеме да го научиме целиот христијански психотерапевтски метод за правилно надминување на секое искушение, од најголемо до најмало.

Прво, сѐ што ни се случува прифаќаме како дар Божји; второ, Му благодариме на Бог за тоа; трето, се осудуваме себеси како заслужни за уште полошо од она што веќе ни се случува; четврто, не му покажуваме (надворешно), а посебно – не на демонот, ни на лице, ни со збор, ни со некоја постапка дека се наоѓаме во искушение; петто, ја продолжуваме молитвата, ама не како борба против искушението, туку како градење заедница со Бог.

Да се потсетиме тука како изгледа и неправилното соочување со искушението или на кој начин се случува нашиот пад при едно искушение? Прво, не го прифаќаме како дар Божји; второ, не Му благодариме на Бог за тоа; трето, не се осудуваме себеси како заслужни за уште полошо од тоа што веќе ни се случува; четврто, им покажуваме (надворешно) на луѓето и на демонот – на лице, со збор или со некоја постапка, дека се наоѓаме во искушение; петто, ако и воопшто ни текне на молитва, молитвата ја сфаќаме како борба против искушението.

Секако, за да научиме правилно да дејствуваме во часот на искушението потребно е и време и подвиг на себепринудување, затоа што сме духовно болни, односно лошата навика ни станала втора природа. Значи, вообичаено добродетелта не се стекнува одеднаш и тоа не треба да нè обесхрабри.

Што согледуваме преку правилниот начин на надминување на искушенијата? Најпрво: дека тоа ни носи покајание и плач, како и духовна радост, а не прелест (очај или еуфорија итн.). Потоа: дека проблемот не е никогаш надвор од нас, туку тој е секогаш во нас – во нашиот став или однос кон сè што се случува; дека правилното надминување на искушенијата е исто што и барање Божја правда, а не човечка; дека само преку правилното надминување на искушенијата нам ни се случува процес на преобразување на страстите, а не нивно потиснување или нивно задоволување; дека на овој начин не му даваме материјал и право на демонот да ни пречи во молитвата; дека на овој начин го избегнуваме самооправдувањето, а го усвојуваме самоосудувањето; дека единствен начин да го промениме светот околу нас е прво себеси да се промениме; и сето тоа во Христос, во Црквата.

И на крај, на овој начин се избегнува замката на себенабљудувањето (дали се чувствувам добро или се чувствувам лошо), кое е производ на нашето самољубие и кое го одредува нашето самољубиво однесување, а нашето постоење и дејствување се насочува само во слава Божја.

Постапувањето или непостапувањето според правилниот начин за надминување на секое иску-

шение треба да биде содржината на нашата исповед, како и начин на наше преиспитување. Да го разгледаме, уште еднаш, правилниот начин на надминување на сите искушенија посебно.

### *1. Прифаќање*

Она што сакам да го дообјаснам е подвигот на прифаќање на искушението како дар Божји. Забележав дека многумина не го сфатиле овој дел од процесот. Запаметете: прифаќање значи апсолутно прифаќање. Знак дека искушението е прифатено како дар Божји е кога без тоа самото воопшто да се промени – освен нашиот став кон него, тоа нам ни станува извор на радост, утеха и Божја благодат. Најчесто благодатта е предвесник дека и самото искушение ќе помине или дека ќе го сфатиме неговото клучно значение за нашето спасение. Во секое искушение треба да ги препознаеме Божјата грижа и љубов кон нас и да го надградиме нашиот личен однос со Него.

Искушението, покрај тоа што е страдање или крст, ако не стане извор на секоја Божја благодат за нас, тогаш да бидеме сигурни дека не сме го прифатиле како дар Божји. Оттука па натаму, сè се пореметува – потајно се трудиме или само посакуваме надворешно да го промениме искушението (не сфаќајќи дека ние треба да се промениме – нашиот однос кон него); не Му благодариме вистински на Бог; не се сметаме вистински заслужни за

уште полошо (непознание на самите себе – на нашата несличност со Богочовекот Христос); не се молиме правилно; и сигурно и надворешно му покажуваме на демонот знаци дека нападот му успева.

Секако дека има разлика помеѓу аскетско и благодатно прифаќање на искушението, но кој успеал, знае и дека само аскетски прифатеното искушение е доволен извор на секоја благодат Божја и сигурна основа за наше духовно растење. Зашто, ако не знаеме како правилно да го надминеме искушението, целиот живот ќе ни помине во падни-стани на првиот степен од духовниот живот – *очистување на срцето од страстите*, и нема да ни се открие духовниот хоризонт зад завесата, т.е. од другата страна на покривалото на умот и срцето.

Запаметете: клучот е во прифаќањето. Кој правилно го прифати искушението, уште не тргнал, а веќе стигнал до Целта.

Со ова не е сè речено. Ама направете го ова, и веќе нема да има потреба никој ништо да ви кажува.

## *2. Благодарење*

Тајната на благодарењето човекот може да ја научи од односот на Богочовекот Христос кон својот Отец Небесен и од односот кон луѓето.

Познато е дека вечерта пред Богочовекот Исус Христос да се предаде Себеси на страдање и крсна смрт за спасение на луѓето и за живот на светот, додека вечераше со Своите ученици „го зеде Лебот

во Своите свети, пречисти и непорочни раце и, откако благодари [на Бог Отецот], го благослови, го освети, го прекрши, им го даде на Своите свети ученици и апостоли...“[1] Така некако слично е забележано и од светите Евангелисти[2]. Имаше ли потреба Он, како Син Божји, јавно да Му благодари на Отецот или што било за Себе да прави? Зошто јавно да Му благодари на Оној со Кого е во личен и суштински благодарен однос, кој за човекот останува тајна?

Зошто јавно да благодари, кога е познато дека Тој е Оној „Кој принесува и се принесува, Кој прима и се раздава?“[3] Нормално, нема потреба од тоа. Сето тоа повторно го направи за луѓето и нивното спасение. Значи, можеше, како Бог, само да ги благослови лебот и виното, и тоа ќе беше доволно за основање на Светата Тајна.

Какво значење има кажаното за христијанскиот подвиг? Од сето ова може да се извлече заклучок дека и при ова светотаинско случување, со чинот на благодарење, Богочовекот Исус Христос нешто им порачува на луѓето и на нешто со дело ги поучува, како и тоа дека за нешто им дава сила.

Им порачува и ги поучува, и сила им дава најнапред да Му благодарат на Бог Отецот за сè, на тој начин што самите себе, еден со друг и целиот

---

[1] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, молитва од Евхаристискиот канон.

[2] Види: Матеј 26, 26–30; Марко 14, 22–26; Лука 22, 14–20; 1 Кор. 11, 23–26.

[3] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, молитва што ја чита свештеникот за време на Херувимската песна.

свој живот на Христос Бог ќе Му го предадат, во Светиот Дух. Кога на овој начин, лично и соборно Му благодарат, односно Му се принесуваат на Бог, тогаш целиот нивен живот станува една Света Тајна. Христос им покажува дека благодарењето е нивниот начин на живот.

Согласно претходно кажаното, свето е човекот да Му благодари на Бог, секогаш, за сите и за сѐ. Да Му благодари за сето она што му се случува, а му се чини дека е добро, како и за оној што му го прави тоа; и за сето она што му се случува, а му се чини дека е лошо, како и за оној што му го прави тоа. Секого и сѐ да прима како дар Божји, од една страна, но и, од друга страна, да се труди што посовршено да ги исполнува Божјите заповеди, за надградба на Телото Христово – Црквата.

Накратко, луѓето треба да се однесуваат како деца Божји, а не како робови или наемници, кои работат или трпат за својот гол живот или за плата. Ако човекот не ги вкуси големата утеха и радост, особено при неволјите, значи дека не Му благодари на Бог од сѐ срце и дека не си го познава срцето. Благодарноста привлекува сѐ поголеми и посовршени дарови Божји.

Но, како целиот живот на човекот станува една Света Тајна? Секогаш кога на Бог Му благодари, човекот истовремено и благословува и е благословен, и осветува и се осветува, и самиот себе се прекршува и се раздава, односно Христос Богочовекот Го сведочи – „Ова правете го во Мој спомен, оти кога ќе го јадете овој леб и кога ќе ја пиете оваа чаша,

вие ќе ја објавувате смртта на Господ, додека Он не дојде“[4]. Но, истовремено човекот не треба да се плаши дека ќе се потроши затоа што „се раздробува и разделува Агнецот Божји, Кој се раздробува и не се разделува, секогаш јаден и никогаш дојаден“[5].

Тогаш кога човекот ќе успее да го прилагоди начинот на својот живот согласно степенот на духовниот развој на кој се наоѓа, тогаш, всушност, ќе почне и да Му благодари на Бог, односно конкретно да Му се принесува, иако можеби се наоѓа само на првиот степен. Секако, спасоносното благодарење, во смисла на соборно значење, започнува со молитвата во срцето, односно кога умот ќе излезе пред олтарот на своето срце и на него ќе ја принесе својата словесна жртва, за живот на светот. Нема благодарност кон Бог од сѐ срце без умно-срдечна молитва.

Точно е дека Христос чука на вратата од човековото христијанско срце, но однатре. И сѐ да Му принесе на Бог, ако човекот срцето свое не Му го принесе, ништо не направил. Свети апостол Павле во ваква прилика употребил, егзистенцијално, уште пострашен израз: *ништо не сум* (1 Кор. 13, 2).

Само во тој дух на покајание човекот може да влезе и оправдан да излезе, пред Лицето Господово, од храмот на своето срце.

Со наједноставни зборови: човековиот живот е дар Божји, нема посовршен начин човекот да Му

---

[4] Види: 1 Кор. 11, 25–26.

[5] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, молитва од Евхаристискиот канон при раздробувањето на Агнецот.

заблагодари на Бог за тоа освен целиот свој живот на Христос Бог да Му го принесе, без оглед на жртвата што притоа ќе ја претрпи; а своето благодарење да го исполни со учество во Светата Тајна Евхаристија, т.е. Благодарење, односно Литургија.

### *3. Божја и човечка правда*

Да се вратиме и на третата точка од процесот на надминување на искушението, односно да го побараме и да се потсетиме на одговорот на прашањето зошто сме ние самите секогаш виновни за сè и зошто заслужуваме полошо од тоа што ни се случува? Добро е уште еднаш да се потсетиме што е барање Божја, а што човечка правда.

Барање човечка правда е кога критериум на нашиот живот станува човекот – неговиот живот, неговите морални вредности, неговите закони и неговата правда. На пример, ја бараме човечката правда кога во моментот на некое искушение, кога некој со нешто нè повредува, не постапуваме како што Богочовекот Христос би постапил, туку ги мериме постапките на другиот според човечките критериуми за правда: дали некој ни прави зло без ние претходно да сме му направиле зло, дали на тој што ни направил зло ние претходно сме му направиле дури и добро или дали постои несразмерност меѓу малото зло, кое ние волно или неволно сме го направиле, со големото зло, кое потоа го трпиме од другата страна? На тој начин се-

когаш вината ја лоцираме во другиот – во неговото непостапување според нашето само човечко, острастено очекување и нашиот човечки критериум за добро и праведно.

Барање Божја правда е кога во секој момент од нашиот живот се трудиме да живееме како што Богочовекот Христос живеел и како што Он ни заповедал да живееме. На пример, ја бараме Божјата правда кога во моментот на некое искушение, кога некој со нешто нè повредува, после нашата прва реакција, застануваме, се погледнуваме себеси и си велиме: „Дали сум јас сега сличен со Христос, дали постапувам како Него? Дали Христос во мојата ситуација би ги имал тие чувства, тие мисли, дали би ги кажал тие зборови, дали би го направил тоа што јас сега го правам...?“ И ако сме само малку искрени со самите себе, ќе сфатиме дека сме многу далеку од тој идеал, затоа што секако ќе забележиме во себе тенденција на враќање зло за зло – било во помислите, било во чувствата, било со зборови или со дела. На тој начин секогаш ја наоѓаме вината во нас – во нашата несличност со Христос.

Значи, што е поентата на сознанието и на освестувањето дека заслужуваме уште полошо од она што ни се случило, низ призма на барањето Божја правда, а не човечка? Поентата е тоа што, ако освестиме дека и при мала повреда не сме слични со Христос и постои тенденција во нас на некој начин да вратиме зло за зло, тогаш логички можеме да заклучиме дека, при поголема повреда, не е чудо и злосторници да станеме – кога би имало услови

за тоа. А ова е согласно и забележливо и преку помислите што нѐ напаѓаат во тие моменти. Затоа и заслужуваме и полошо од тоа што ни се случило.

Секако, Бог, како добар наш Отец, допушта само толку колку што е доволно за наше духовно растење и созревање, но само (како што веќе сме објасниле) ако сме во послушание на духовен отец, односно ако умот ни се наоѓа во процес на исцеление. И на крај, ова освестено самосмирување, кога се осудуваме себеси на полошо од она што веќе ни се случило (затоа што знаеме и дека сме го заслужиле), ја смирува нашата мисла подолу од она ниво на кое демонот има допуштение да нѐ нападне и сите негови напади ги прави бесплодни.

### *4. Непокажување*

Со севкупниот начин на живот и подвиг човекот постојано треба да пребива во просторот на срцето. Кога е надвор од тој подвиг, тој влегува во опасниот простор на илузијата. Сѐ што е надвор од просторот на срцето може да стане илузија. Тоа се случува кога човекот не ги прифаќа искушенијата како дар Божји; кога не Му благодари на Бог за тоа што му се случува; кога не се самоосудува, туку се самооправдува и бара човечка правда; кога сето претходно го покажува дека му се случува со греховни реакции пред луѓето и демоните – на лице, на збор и на дело; и кога ја прекинува молитвата кон Бог.

Важно е човекот да не покажува (надворешно), со дело или збор, дека нешто вонредно му се случува, односно да не ја покажува надворешно својата моментална внатрешна состојба при искушението. Важно е затоа што според учењето на Светите отци, и од личен опит, знаеме дека на демонот не му е дозволено да ја знае човековата внатрешна духовна состојба при некое искушение, туку тој ги гледа неговите надворешни реакции и согласно нив ја води својата војна со човекот; ако гледа дека нападот му успева – ќе продолжи да се бори против човекот додека не победи, а ако види дека човекот не реагира на неговиот напад – ќе отстапи. Исто така, со несоодветен начин на однесување, човекот ги соблазнува и луѓето кои го гледаат, не пружајќи им никакво христијанско сведоштво.

### *5. Молитва*

Што се однесува до молитвата, треба да застанеме со мисла дека се даваме себеси на Бог, а не дека бараме нешто од Него – освен Самиот Него. Ние никогаш ништо не бараме од Него за себе (здравје, успех итн.), туку само Му се даваме и Му се принесуваме. Тоа треба да биде нашиот правилен став при молитвата. Но, тогаш се случува една антиномична појава, а тоа е: токму кога најмногу се даваме и ништо од Него не бараме, тогаш и најмногу добиваме – Го добиваме Него Самиот. Всушност, во молитвата само Него и треба да Го бараме, а не не-

кој од Неговите дарови, но само преку целосно самопринесување и давање Нему.

Ваквиот начин на молитва никогаш не заморува и никогаш не е здодевен. Напротив, секогаш е откровение на нови духовни простори. Ваквиот начин на молитва, при искушението, значи преобразување на нашето самољубие во богољубие и човекољубие, а не потиснување на страста. Потиснатата страст, во погодни услови или по некое време, секогаш ќе се пројави одново и посилно или како друга страст или како некоја болест.

Во молитвата, единствено што можеме да побараме од Бог е сила да го издржиме искушението што ни Го дарувал – ова го говорам како за смирение и утеха, а не дека ја немаме таа сила; штом дошло искушението, дошла и силата. Никако не смееме да побараме и промена на веќе дарованото искушение, затоа што такво барање го растура целиот процес на нашата автопсихотерапија и покажува дека, ниту сме го прифатиле случемото како дар Божји, ниту сме благодарни за истото, ниту дека се сметаме самите себе за виновни за сѐ.

## *Исклучителна новост*

Послушанието, како што го видовме кај жената Хананејка, не е лесен подвиг и не е подвиг без искушенија. Затоа, до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва тоа е аскетски подвиг, подвиг на кој се принудуваме. Духовниот отец може да се

смени, но не и подвигот на послушание; кај овој или кај оној духовен отец мора да се стави умот во процес на исцеление. Без послушание нема премин од противприроден во природен начин на живот, од умно-усното пелтечење во умно-срдечна молитва.

Послушанието трае сè до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва, како и до дарот на просветлувањето на умот, не и потоа. Секогаш кога некаков духовен отец проповеда и предлага некакво послушание без перспектива и крај, и секогаш кога некој христијанин ќе влезе во таков вид бесперспективно послушание, треба да знае дека се случува неосвестено идолопоклонство. Вистинското послушание кон духовниот отец секогаш има перспектива и јасен крај. Перспективата е вториот степен на духовниот раст – *просветлувањето на умот*, а крајот е Божјиот дар на умно-срдечната молитва. Тој свештен момент е главниот пресврт во нашиот личен духовен подвиг. Православниот духовен живот е основан на неразрушлив темел: *Скапо сте платени, не станувајте робови на луѓе* (1 Кор. 7, 23).

Целта на подвигот на послушанието кон Божјите заповеди, односно на бдеење над срцето, е очистување на срцето, односно преобразување на страстите. Кон тоа се упатени сите заповеди Господови во Новиот Завет: *Очисти ги чашата и чинијата најнапред внатре, за да бидат чисти и однадвор* (Матеј 23, 26); и: *Она што излегува од човекот, тоа го осквернува човекот. Зашто однатре, од срцето човечко, излегуваат лоши помисли, прељубо-*

*дејства, блудства, убиства, кражби, лакомства, лукавства, пакости, злоби, око лукаво, богохулство, гордост, безумство. Сето тоа зло однатре излегува и го осквернува човекот* (Марко 7, 20–23).

Можноста за чистота на срцето и потребата од непрестајна будност над самите себе е исклучителна новост и благодат на Новиот Завет. *Јас, пак, ви велам дека секој што ќе погледне на жена со желба, веќе извршил прељуба со неа во срцето свое* (Матеј 5, 28).

На Горага на Блаженствата Христос ни го дава есхатолошкиот одговор за целта и смислата на подвигот на очистувањето на срцето – *блажени се чистите по срце, оти тие ќе Го видат Бог* (Матеј 5, 8). Затоа што внатре во вас е Царството Небесно, и Царот[6].

Но бдеењето над срцето и неговата чистота се невозможни без умно-срдечната молитва Исусова. Заедно со заповедта, Господ ни ги даде и начинот и средството: *А ти, кога се молиш, влези во својата скришна соба* [во срцето] *и откако ќе ја затвориш вратата, помоли Му се на твојот Отец, Кој е во тајност; и Он, Кој гледа тајно, ќе те награди јавно* (Матеј 6, 6).

За оваа молитва и за срцето како духовен центар поподробно ќе зборуваме подоцна.

[6] Види: Лука 17, 21.

## *За простувањето и љубовта*

*Тогаш Петар Му пристапи на Исус и Го праша: „Господи, колкупати да му простам на брата си, кога ќе згреши против мене? До седумпати ли?“ А Исус му одговори: „Не ти велам до седум, туку до седумдесеттпати по седум“* (Матеј 18, 21–22).

Работите се многу едноставни: Оној што им простува на сите што му згрешиле, па дури и на своите непријатели, има Божја благодат во себе; а оној што нема да му прости и само на еден човек, па бил тоа и најголем непријател, има демон во себе. Простувањето е сведоштво за присуството на благодатта Божја во нас, а непростувањето е сведоштво за заробеноста од демонот. Истото важи и за барањето прошка. Простувањето е постојан и непрестаен подвиг – *седумдесеттпати по седум*. Без искрено простување, нема напредок во православниот духовен живот.

Со простувањето го сечеме коренот на нашето самољубие и ја исцелуваме нашата душа од секакво зло, па дури и си го штитиме телото од болести – кои и само од тоа произлегуваат. Знаеме дека самољубието го сочинуваат три главни страсти: славољубие, сребролубие и сластољубие. Ако не се ослободиме од страста славољубие преку простувањето и барањето прошка, напразно е да се подвизуваме против сластољубието и сребролубието. Ѓаволот ниту е сластољубив, ниту е сребролубив, но затоа е многу славољубив. Славољубието е коренот на сите останати страсти и гревови.

Христос бара од нас реално простување, а не само мисловно. Реално простување се случува кога се молиме за оној што нè повредил; кога не го озборуваме, судиме и осудуваме тој што нè повредил; и кога на дело му помагаме, му чиниме добро, кога ќе му затреба помош.

Но, како простувањето и барањето прошка да ни стане освестен подвиг, а не само подвиг што го правиме со вера и послушност кон Евангелието? Станува освестен подвиг кога ќе осознаеме дека критериум на нашата вина, или не, се Богочовекот Христос и Божјата правда, а не човекот и човечката правда. Да повториме уште еднаш (затоа што тоа е многу важно во духовната борба) што значи тоа во пракса:

Кога некој ќе нè повреди, ние во тој момент не размислуваме за оправданоста или не на неговата постапка, туку нашето внимание е свртено кон тоа дали нашите мисли, зборови и дела во тој момент се согласни со Христовите или не!? Дали нашите мисли и чувства во тој момент се согласни со Христовите или не!? Односно, дали постапуваме љубовно исто како и Христос што постапува со оние што Го повредуваат? И ќе осознаеме дека многу сме далеку од таквиот идеал.

Ете од каде произлегува нашата вина – па дури и вината на оние што се на степенот на обожение, а не од оправданоста или не на повредите што другите ни ги причинуваат... Ете каде се наоѓа и неисцрпниот извор на нашето покајание... Затоа никогаш, ама во ниту еден единствен случај немаме

оправдување кога не бараме прошка и кога не простуваме! Со непростувањето отпаѓаме од Богочовекот Христос, Кој на Крстот, на сите сѐ ни прости...

Таква е поставеноста во духовниот живот што секојпат кога тврдиме дека ние не сме виновни, Господ Го обвинуваме. Кој е дотолку ненормален за да тврди дека Господ е виновен?

И зборовите од Евангелието: *Ако, пак, не им ги простите грешките на луѓето, ни вашиот Отец Небесен нема да ви ги прости вашите* (Матеј 6, 15), не треба да се сфатат така како што буквално ги читаме, туку овие зборови значат дека ако не им ги простуваме грешките на луѓето, не дека Бог повторно не ни простува, туку ние самите со непростувањето се одделуваме од Божјата благодат и самите себе се осудуваме и отпаѓаме од Бог.

Со неисполнувањето на волјата Божја, ние самите на себе не си простуваме.

Никој не рече дека е лесно. Простувањето на почетокот е аскетско – се принудуваме...

И не само да простуваме, туку треба и да ги благословуваме оние што ни причинуваат зло и неправда: *Сте слушале дека е речено: „Око за око, заб за заб“. Јас, пак, ви велам: да не се противите на злото. Ако некој те удри по десниот образ, заврти му го и другиот. А оној што сака да се суди со тебе и да ти ја земе кошулата, дај му ја и горната облека. И ако некој те присили да одиш со него една милја, ти оди две. На оној што бара од тебе, дај му, и не го одбивај оној што ти сака нешто на заем.*

*Сте слушале дека е кажано: „Љуби го својот ближен и мрази го непријателот“. А Јас, пак, ви ве-*

*лам: љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве навредуваат и гонат, за да бидете синови на вашиот Отец Небесен; зашто Он го остава Своето сонце да грее над лошите и над добрите, и праќа дожд на праведните и на грешните. Оти, ако ги љубите оние што ве милуваат вас, каква ќе ви биде наградата? Зар не го прават тоа и митниците? И, ако ги поздравувате само браќата свои, што особено правите? Не постапуваат ли така и незнабошците? Но бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец Небесен* (Матеј 5, 38–48).

Простувањето и љубовта се меѓусебно поврзани; нема простување без љубов и нема љубов без простување. И како што реков на почетокот за простувањето, така и во овој случај, работите се многу едноставни: оној што ги благословува и се труди да ги љуби оние што му згрешиле, па дури и своите непријатели, има Божја благодат во себе; а оној што нема да го љуби и да го благослови и само еден човек, па бил тоа и најголемиот непријател, има демон во себе.

Простувањето и љубовта и кон непријателите е исклучива новост и заповед на Новиот Завет Христов. Без оваа љубов, нема христијанство.

## *Претскажување за крајот*

*И кога седеше во Елеонската Гора, дојдоа при Него учениците Негови насамо и Му рекоа: „Кажи ни, кога ќе биде тоа, и каков ќе биде знакот за Твоето доаѓање и за свршетокот на светот?“* (Матеј 24, 3).

Прашање кое е изгледа интересно за секоја нова генерација христијани. Постарите од нас, еве, неколку десетици години слушаат дека само што не дошол антихристот и свршетокот на светот; само што тогаш немаше социјални мрежи и ограничен беше просторот да се прослави некој на таа тема.

Кога би се присетил малку, тогаш тој свршеток изгледаше пореален од денес: во црква не ни даваа да се причестиме повеќе од четирипати во годината, па дури нè сметаа и за еретици и нè бркаа од пред светиот путир; за да се причестиме повеќепати моравме да ги менуваме црквите во коишто одевме на Литургија; за да ги одоброволиме свештениците за причест, се исповедавме кај секој што беше дежурен таа недела; освен „Лествица“ и Свето Писмо, немаше што друго да прочитаме; дома не ни смеевме да кажеме дека постиме и дека одиме во црква; живи манастири и монаштво немаше; никаде немаше никаква утеха, ниту слово поучно, духовно...

Дотолку немавме ништо, што немавме ни кого, ни каде да озборуваме, да судиме и осудуваме, како и лично да навредуваме.

*А Исус им одговори и рече: „Пазете се, да не ве излаже некој; зашто мнозина ќе дојдат во Мое име, говорејќи: Јас сум Христос!, и ќе прелажат мнозина. Ќе слушате боеви и гласови за војни. Гледајте да не се уплашите, оти сето тоа треба да биде; ама тоа уште не е крајот“* (Матеј 24, 4–6).

Ова, исто така, повеќепати го има доживеано постарата генерација. Значи, и тоа е веќе видено. Посебно она *Јас сум*, а всушност, тој истиот да ти работел за некој национално или политички сфатен и ограничен Исус и за своја слава.

*Зашто ќе се дигне народ против народ, и царство против царство; и на места ќе има глад, помор и потреси; а сето тоа е почеток на болките* (Матеј 24, 7–8).

И ова повеќепати се случило и се случува; и сигурно допрва ќе се случува.

*Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убијат; и ќе бидете мразени од сите народи, заради Моето име* (Матеј 24, 9).

И првиот дел од ова пророштво повеќепати досега се случил, но сè уште не во тој размер, та да бидеме намразени од сите народи заради Христовото име. За ова да се случи, би требало сите народи и сите религии да се обединат против Богочовекот Христос и Неговата Црква, а тоа сè уште не се случило.

*Тогаш мнозина ќе се соблазнат и еден со друг ќе се предаваат, и еден со друг ќе се мразат; многу лажни пророци ќе се појават и ќе прелажат мнозина; и бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе олади* (Матеј 24, 10–12).

Последната реченица е клучот за разбирањето на пророштвото; посебно зборовите: *кај мнозина љубовта ќе олади*. Богочовекот Исус Христос со овие зборови сака да ни ја посочи причината за свршетокот на светот: оладувањето на љубовта. И да го опише тогашното време.

Сега, логично, се поставува прашањето: кај кого љубовта ќе олади, односно кој ќе биде виновен за свршетокот на светот?

Љубовта ќе олади кај оние што ја добиваат како дар Божји во Црквата, а не ја негуваат и не ја развиваат. Љубовта ќе олади кај христијаните, кај православните. Божествена љубов само тие имаат. Јасно ви е сега зошто пишувам дека сè од нас зависи, од нашето покајание, а не од некакви демонизирани сили, кои ни смислуваат не знам какви зла? И јасно ли ви е кој е виновен? Ние самите.

Но, пред љубовта потполно да олади: *мнозина ќе се соблазнат и еден со друг ќе се предаваат, и еден со друг ќе се мразат; многу лажни пророци ќе се појават и ќе прелажат мнозина* (Матеј 24, 10–11). Ова последното, нема каде толку да се забележи колку на социјалните мрежи.

*А кој претрпи докрај, тој ќе биде спасен* (Матеј 24, 13). И кој е паметен, ќе сфати.

Христијаните не се плашат од смртта, таа е нивен потаен копнеж – како премин кон нивниот Господ и нивната и Божја Мајка: зашто кога пред тебе ќе се постави прашањето како избор – дали сакаш да продолжиш да живееш формално во овој свет и век, или сакаш реално од некој зафрлен агол

во Рајот да се насладуваш, гледајќи го оддалеку лицето на Пресветата Владичица Богородица и Секогашдева Марија – на Чие само спомнување целиот затреперуваш, што ќе избереш? Нормално, одговорот на секој вистински Христов воин, без двоумење, е – второто.

## ОЧЕВИДЕЦ НА ХРИСТОВИТЕ ЧУДА

Како ученик Христов, Петар е непосреден сведок на многу Негови чуда: исцеленија на болни[1], дури и на оживување умрени[2], изгонување демони[3], умножување на лебовите и рибите за нахранување на гладниот насобран народ[4], на наоѓање на статирот во устата на првата уловена риба[5] итн. Ќе се задржиме сега на неколку:

### *Крвоточивата жена*

*Додека Он им говореше за тоа, ете некаков началник се приближи до Него, Му се клањаше и велеше: „Ќерка ми умре сега; туку дојди, положи ја раката Своја на неа и таа ќе оживее“. И како стана Исус, тргна по него, заедно со учениците Свои.*

*И ете, една жена, која беше страдала дванаесет години од крвотечение, се приближи одзади и се доп-*

---

[1] Види: Матеј 8, 1–3; 8, 14–15; 9, 19–22; 12, 1–15; 15, 21–31; Марко 2, 3–12; 7, 31–37; Лука 13, 11–13; 18, 31–43; 19, 37; Јован 5, 1–9.
[2] Види: Марко 5, 35–42; Лука 7, 11–16; Јован 11, 33–45.
[3] Види: Матеј 8, 16–17; 17, 14–23; Марко 5, 6–17.
[4] Види: Матеј 14, 14–22.
[5] Види: Матеј 17, 24–27.

*ре до крајот на облеката Негова. Зашто си велеше: „Само ако се допрам до облеката Негова, ќе оздравам“. А Исус штом се заврте и ја виде, рече: „Не плаши се, ќерко, верата твоја те спаси!“ И оздраве жената во тој час.*

*И кога дојде Исус во куќата на началникот и ги виде свирачите и народот збунети, им рече: „Излезете надвор, зашто девојката не е умрена, туку спие“. А тие Му се потсмеваа. Но штом го истера народот, Он влезе, ја фати девојката за рака, и таа стана. И се расчу тоа по целиот тој крај* (Матеј 9, 18–26).

Како што крвта е потребна за животот на физичкото тело, така и благодатта, т.е. несоздадената енергија Божја е потребна за вистинскиот живот на душата. И како што телото умира ако крвта истече, така и душата се умртвува ако благодатта Божја отстапи од неа.

На првиот степен од нашиот духовен развој, *чистење на срцето од страстите*, ние сме во постојана борба да го сопреме тоа истекување и губење на благодатта од нас. На првиот степен, нашиот духовен живот е непостојан и често се случува духовно да паѓаме и да стануваме, но во тој процес учиме и како да ја задржиме благодатта во нас.

Уште учиме како, и кога благодатта се крие од нас, да живееме исто како кога е таа присутна и кога нескриено ни помага. Во овој подвиг, во ова аскетско принудување на самите себе се состои тајната на нашето духовно растење.

Расеаноста на нашиот горд и затемнет ум е главна причина за губење на благодатта. И како што свети Никола Кавасила вели: „Затоа се причестуваме на секоја неделна Литургија, односно така често, за да го обновиме Христовиот печат во нашата нестабилна природа“[6].

Дури на вториот степен, *просветлување на умот*, откако ќе го познаеме местото на срцето и ќе го добиеме дарот на умно-срдечната молитва, ние внатре во нас го запознаваме непресушниот извор на Божјата благодат. И бидејќи имаме вистински допир до Христос, престанува процесот на постојано губење на благодатта, исто како што кај крвоточивата жена престанало течењето на крвта. Ја добиваме онаа постојана радост и светлина.

Значи, треба да го најдеме вистинскиот начин за допир до Христос, затоа што многу од луѓето се туркаа до Него и Го допираа, но Он само крвоточивата жена ја посочи како некој што вистински се допрел до Него.

На првиот степен од духовниот раст, вистинско допирање до Христос е очистувањето на срцето од страстите преку исполнувањето на Неговите заповеди, но само во рамките на апсолутното послушание. На вториот степен, вистинско допирање до Христос е повеќечасовното молитвено пребивање на умот во срцето и љубовта кон непријателите.

Вистинскиот допир до Христос ни ја открива тајната на Царството Небесно внатре во нас, во на-

[6] Види: Nicolaus Cabasila, *De Vita in Christo* (Migne PG, 596D).

шето срце[7], и ни ги открива силата на преобразувањето и радоста на Христовото воскресение. Тајната на Христовото воскресение ќе остане недостапна и неоткриена за сите оние што не го прифаќаат и што го негираат начинот на вистински допир до Христос на секој од степените на духовниот развој; и ним, како на такви што се потсмеваат и не веруваат дека постои ред, поредок и хармонија во духовниот живот, ќе им биде забранет влезот и ќе пропуштат да го видат воскресението на душата и телото уште во овој свет и век, исто како што им се случи на оние што не го видоа воскресението на Јаировата ќерка.

### *Десетте лепрозни*

Многу е интересна и случката со десеттемина лепрозни. Оваа случка точно ја покажува духовната атмосфера на старозаветниот Израил, која е многу слична со духовната атмосфера денес – посебно во делот на желбата за овоземно царство, како и цар, и затоа можеме да извлечеме убава поука и за нас, а истовремено да го разбереме менталитетот на времето во кое живее и дејствува Петар:

Десеттемина лепрозни Го молат Господ Исус Христос и бараат исцеление, а Он им вели: *Отидете и покажете им се на свештениците!* (Лука 17, 14).

Христос на сите им го покажува најпрво патот на смирението и на послушанието.

---

[7] Види: Лука 17, 21.

Деветтемина Јудејци тргнуваат да одат според ним добро позната мисловна и реална, општествена и религиозна, т.е. старозаветна шема – повеќе по навика, додека Самарјанинот тргнува поради новиот однос на лична доверба и послушание кон Христос.

Бидејќи деветтемина лепрозни одат по позната и својствена ним мисловна шема, иако им се случува нешто ново – сите се очистуваат од лепрата, односно го добиваат дарот на очистување на енергијата на умот, сепак, никој не се восогласува со новата состојба. А целта што се промашува е Самиот Христос.

Самарјанинот, пак, кој не е роб на никаква мисловна шема и затоа отворен кон новото, не продолжува да ја следи воспоставената шема, туку ја следи новата состојба, односно се врати и најнормално Му се заблагодари на Христос.

Благодарност, по очистувањето на енергијата на умот, значи користење на светлината на очистената енергија на умот за согледување на сопствените гревови (не за осудување); значи чистење на срцето од страстите, активирање на благодатта на Крштението и пронаоѓање на местото на срцето, соединување на енергијата на умот со неговата суштина во срцето, т.е. враќање кон Христос во нашето срце и принесување благодарност Нему таму. Значи, давање и просветлување на умот...

Исто така, и повеќето христијани, на почетокот од духовниот живот, со помош на првата благодат ја очистуваат енергијата на својот ум, но не успеваат да продолжат по патот на духовниот развој –

и поради неодлучната борба со своите страсти, и поради погрешната мисловна религиозно-општествена шема што ја усвоиле и на која се програмирани, без да се свесни за тоа.

Значи, покрај личните гревовни шеми, т.е. заробеноста од најразлични страсти, што ни ги всадува моделот на живот што овој свет ни го наметнува, меѓу христијаните постојат и колективни несвесни гревовни шеми, односно ереси, коишто никако не смеат да се прифатат.

Главната колективно несвесна гревовна шема што на верниците им се всадува во срцата е шемата на поистоветување со овоземните форми на човечко организирање – надвор од Црквата, односно одрекувањето од христијанскиот идентитет и болното поистоветување со државата, нацијата и партијата, и нивните цели и интереси, како и ставање на Црквата во служба на тие цели и интереси; со други зборови: барање овоземно царство, како и цар.

Тоа е таа лепра, т.е. внатрешна нечистотија што треба да се очисти и од нашето духовно срце, како и од целата душа, без што нема отворање на срцето за умно-срдечната молитва, а има религиозна невроза и религиозна социопатија. Отвореното срце му овозможува на христијанинот да негува пастирски однос кон набројаните општествени феномени.

## *Умножувањето на лебовите и рибите*

Умножувањето на лебовите и на рибите[8] е навидум евангелска случка за која нема ништо посебно да се каже, освен да се прославува Богочовекот Исус Христос и за ова Негово чудо, направено за нас и нашето спасение. Но, дали? Сепак, да се обидеме да го пронајдеме нејзиното подлабоко значење...

Во нашиот живот е важно да имаме волја за добро дело – во слава Божја и од љубов кон ближниот, останатото е Божја работа. Апостолите ја гледаат потребата на народот да јаде, сакаат да помогнат, но свесни се дека се немоќни да помогнат и се обраќаат кон Господ – подготвени да го послушаат Неговото слово.

Гледаме дека Апостолите се откажуваат дури и од сопствената храна, што и за нив самите не е доволна. Ова е клучниот момент – давање и кога се нема доволно ни за себе, односно саможртвената љубов. Давање и кога се нема – тогаш се случува Божјото чудо; и тогаш сите добиваат колку што треба и им останува (добиваат) повеќе отколку што дале.

Функционира совршен хиерархиски ред и поредок. Учениците ја забележуваат потребата на народот од храна и се обраќаат кон Христос, подготвени да послушаат – тоа е битно, иако користат и нудат своја логика за решавање на проблемот.

---

[8] Види: Матеј 14, 14–22.

Христос му заповеда на народот да седне – зашто и редот и организираноста се битни; и народот Го слуша. Христос го прави чудото, а потребите на народот ги задоволува преку Своите ученици.

Забележуваме совршен литургиски поредок при ова чудо и совршена икона на Светата Литургија, како и на Светата Црква. Истите зборови се користат и денес на Светата Литургија во Канонот на Евхаристијата (Благодарењето). „И откако го зеде лебот... благодари, го благослови, го освети, го прекрши, им го даде на Своите свети ученици и апостоли...“[9]

И да се потсетиме, во оваа слика нема храм, нема посебни сосади, нема посебни одежди, нема црпење авторитет однадвор, нема претерана грижа дали некоја трошка паднала на земја – затоа што цел свет е храм и сѐ е свето; има само љубов за ближниот, има несомнена вера, има послушание до посветеност и има Божји благослов. Едноставно, има Бог и има луѓе во слободна и љубовна, лично-соборна заедница и со Него и меѓусебно – има сѐ. Има Црква.

Денешните наследници на Апостолите немаат внатрешно духовно покритие за чинот што го носат и затоа строго внимаваат на надворешната форма преку која градат лажен авторитет – оттаму и посебно украсените одежди, велелепните храмови, недостапните олтари, комфорните резиденции, специјални осветени црковни сосади и пони-

---

[9] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, молитва од Евхаристискиот канон.

жувачките правила за лаиците, а посебно за жените. Богочовекот Христос дојде да ни покаже дека целиот свет е храм Божји; дека секое наше работно место, каде што работиме во слава Божја и Го сведочиме Него, е олтар Божји; дека ни е потребно најнапред да сме облечени во благодатта на царското и есхатолошко свештенство; и дека нема посвета икона Христова од личноста на нашиот ближен и дека, за Него, нема ништо посвето од човекот.

Денес ни се случува градење и надградување на форма, одвоена од својата суштина, која дури и го одбива современиот човек, кој не гледа тука решение и утеха за своето страдање. Едно е формата да ја сфатиме како потребно педагошко средство, но уште подобро е да ја знаеме нејзината крајна цел – без тежнеење кон остварување на крајната цел, сè се претвора во идол.

Денешните наследници на Апостолите ја организирале црковната заедница да зема, посебно за нивните потреби, а не да дава – како што гледаме во Евангелската случка. Кога свештенството би го раѓала Светата Литургија, а не само специјалните школи, тогаш Црквата ќе можеше да има повеќе свештеници, кои ќе си имаа своја работа и приход од истата, а за Црквата ќе служеа бесплатно. *Бесплатно добивте, бесплатно давајте* (Матеј 10, 8). Таквата црковна заедница ќе беше организирана за давање – со парите од верните ќе ги помагаше сиромашните, болните, затворените, старите, образованието на децата итн., а не да зема од нив најмногу за себе. И да не набројувам кои други по-

волности би произлегле од ваквата поставеност на работите...

Истото чудо се случува и со оние – духовно сиромашните, кои се обидуваат да го толкуваат Евангелието: ја гледаат потребата на народот, гледаат дека се немоќни да му помогнат, се обраќаат кон Господ, и со надеж дека ќе бидат помогнати, почнуваат невешто да ги запишуваат првите зборови на толкувањето. И потоа, одеднаш сѐ станува лесно – мислите се редат една по друга, текстот се појавува во својата почетна верзија, така што и самите се чудат што се случува. Сфаќаат дека нема ништо нивно, освен волјата за добро дело и послушноста кон Господ, и кон делото што им е дадено од Него – па ни тоа.

Истото важи и за другите кризни ситуации околу Црквата, коишто се појавуваат во текот на времето. Не грижете се, добриот Пастир Христос, во свое време, ќе ни каже, преку Црквата – преку нејзините Епископи (затоа што без Епископ нема ни Црква – а, како што знаеме, портите на адот нема да ја надвладеат Црквата[10]), што треба да правиме во соодветни кризни ситуации, со збор или со дело; и никој друг. Тоа е редот во Црквата.

Е, има и такви кои овој црковен и побожен ред не го почитуваат и предизвикуваат сомнеж и неред во Црквата. Добро, ни првпат, ни последен. Нека се здрави и живи! Слобода – пред сѐ! Да, слободата е поважна дури и од смртта, но не и таква слобода која нѐ одделува од Црквата.

---

[10] Види: Матеј 16, 18.

## *Одењето по вода*

И покрај тоа што е сведок на многу чуда и слуша многу поуки, Петар сепак не е ослободен од некои свои слабости. Да ја пропратиме и следната случка од евангелската историја:

*На четвртата стража, преку ноќта, дојде Исус при нив, одејќи по морето. А учениците, штом Го видоа како оди по морето, се уплашија и рекоа: „Тоа е привидение“, и од страв извикаа. Но, Исус веднаш почна да зборува со нив и им рече: „Не бојте се! Јас сум, не плашете се!“ А Петар, одговарајќи Му, рече: „Господи, ако си Ти, позволи да дојдам при Тебе по водата!“ И Исус му рече: „Дојди!“ Па штом излезе од коработ, Петар тргна по водата за да оди при Исус; но, кога го виде силниот ветар, се уплаши, почна да потонува и извика: „Господи, спаси ме!“ Исус веднаш му подаде рака, го фати и му рече: „Маловернику, зошто се посомнева?“ И кога влегоа во коработ, ветрот престана. А оние што беа во коработ, се приближија до Него, Му се поклонија и рекоа: „Навистина, Ти си Син Божји!“* (Матеј 14, 25–33).
...По стоти пат.

Ова случување од животот на Богочовекот Исус Христос веќе е толкувано и ако добро се сеќавам, објаснувањето се сведува на тоа дека бродот ја симболизира Светата Црква, дека бурата ги симболизира искушенијата низ кои Црквата поминува во текот на историјата и дека Христос ги допушта тие искушенија поради нашите гревови – за да се освестиме, покаеме и вистински да Го побараме да дојде и да нè спаси од нив. Што се однесува до

Апостолот Петар, за него се објаснува околу неговата вера и маловерие, од кои зависат неговото одење и пропаѓање во водата; и сето тоа е добро и полезно, но има и друг аспект.

Бог прави чуда таму каде што има основа за чудо, односно таму каде што нема друго решение; кога заради Него и Неговата љубов даваме и од она што не е доволно ни за нас – е, тогаш нема друго решение освен чудо. Убав пример се светите Маченици, кои го даваат и својот живот заради сведоштво на Христос; тогаш гледаме многу чуда и за време на нивното сведоштво преку маченештвото и по нивното упокојување. Исто така, убав пример се вистинските монаси – и тие преку целосрдечното послушание го предаваат целиот свој живот во Божји раце, но затоа најмногу кај нив може да се забележат Божјите дарови на умно-срдечната и чудотворна молитва, поради којашто светот уште постои. Чудо се случува и кога даваме од своите материјални блага и им помагаме на оние што страдаат, во ситуации кога немаме доволно ни за самите себе. Тогаш Бог знае да ни врати и многу повеќе отколку што сме дале – но возвратот на доброто не смее да ни биде идеја водилка на нашите постапки.

Прашањето коешто се поставува сега е: дали имаше основа за чудо и во случајот на Апостол Петар? Дали тој дава нешто што не е достаточно и за самиот него или, пак, бара нешто што не е својствено за паднатата човечка природа? Дали тоа што го бара само за себе пред публика е заради Христос и заради Неговата љубов, или пак, заради

нешто друго? И, дали Христовото *дојди* беше благослов или изнуден благослов? Тешко дека ќе можеме позитивно да одговориме на овие прашања – затоа Петар и пропадна во водата. Верата не е непотребна егзибиција: *Ако си Син Божји, фрли се одовде долу! Зашто е напишано: „На ангелите Свои ќе им заповеда за Тебе, да Те запазат“* (Лука 4, 9–10). И каков одговор доби ѓаволот? Знаеме: *Не искушувај Го Господ, својот Бог* (Лука 4, 12).

Е па, тоа е разликата меѓу Божјите чуда и демонските чуда. Едните се случуваат кога даваме иако немаме доволно ни за себе, во крајна нужда и безизлезна ситуација, заради сведоштво Божјо, заради Бог и заради Неговата љубов, што автоматски подразбира и заради спасение на сите луѓе – како во случајот со петте леба и двете риби[11]; другите се случуваат заради барање, гордост, човечка и демонска слава, и заради држење на луѓето во страв и ропство. Со вторите чуда ќе се случи и доаѓањето на глупавиот антихрист. И така луѓето отсекогаш повеќе барале чуда и човечка слава отколку што Го барале Бог.

Но, и во ова случување не можеме на Петар да му одречеме храброст и простодушност, како и желбата, во секој случај, да биде со Него.

---

[11] Види: Матеј 14, 14–22.

### *До кога ќе бидам со вас?*

Евангелието е критериум преку кој си судиме себеси, а не на другите. Затоа, да се свртиме кон самите себе и ова евангелско четиво[12] да го погледнеме од еден друг аспект – личниот.

*Кога дојдоа при народот, пристапи кон Него еден човек, кој падна на колена и рече: „Господи, смилувај се на мојот син, зашто при нов месец го фаќа бес и се мачи многу; често паѓа во оган и често – во вода; го одведов при Твоите ученици, но тие не можеа да го излекуваат“* (Матеј 17, 14–16).

Неверојатно точен опис на црковната состојба денес, напишан пред речиси две илјади години. Малку верен – малку суеверен народ, подложен на демонско влијание, страда и очајно бара помош од свештенството, кое и самото неспремно – не може да му помогне.

Суеверие е кога од страв или заради награда, како и поради верувања подметнати од демонот (пример, при нов месец и слично), мислиш дека имаш некаков однос со Бог. Не, немаш!

*А Исус одговори и рече: „О, роде неверен и развратен! До кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве трпам? Доведете Ми го тука!“ И му нареди Исус на бесот и тој излезе од момчето; и тоа оздраве во тој час* (Матеј 17, 17–18).

Богочовекот Христос се смилува и го излекува детето. Но, гледате на каков навидум груб начин им

---

[12] Види: Матеј 17, 14–23.

се обраќа на луѓето? И нив да ги освести во каква заблуда живеат, а истовремено и да ги оправда Своите ученици. Сепак, Неговите зборови индиректно се насочени кон Неговите ученици (и кон денешното свештенство).

Неговите ученици, барем дотолку свесни дека, пред сѐ, ним им се обраќа, пристапуваат кон Него, насамо, и го прашуваат зошто се немоќни да помогнат?

*Тогаш учениците пристапија кон Исус насамо и Му рекоа: „Зошто не можевме ние да го истераме?" А Исус им рече: „Поради вашето неверие: зашто, вистина, ви велам, ако имате вера колку синапово зрно, ќе ѝ речете на оваа планина: премести се одовде таму, и таа ќе се премести, и ништо нема да биде за вас неможно"* (Матеј 17, 19–20).

Исто како да им рече: немате вера заснована на дела. Но, паметите што ви реков: не е доволна само верата, туку за чудата е потребна и основаност; кога заради Него и Неговата љубов и од љубов кон ближните страдаме или даваме и од она што не е доволно ни за нас.

И, гледате колку суштински погрубо се обраќа Господ кон Апостолите? Безмалку ги нарече неверници.

Сепак, Господ Христос им го покажа и патот: *Овој, пак, род се истерува само со молитва и пост* (Матеј 17, 21). Демоните се поврзани со нашите страсти и додека не го очистиме срцето од славољубие, сребролјубие и сластољубие, преку покајание и реално послушание во светотаинскиот живот на Црквата, и додека не го добиеме дарот

на умно-срдечната молитва, не ќе можеме да ги истераме демоните ниту од нас, а камоли од некој друг што страда од нив.

Со други зборови: затвореноста на срцето за умно-срдечната молитва е показател дека тоа е извалкано и разболено од страстите, па затоа и заробено и затемнето од демоните. А човек што не може да го владее своето срце е човек беспомошен и зависен. Таквиот не може ни себеси да си помогне, а камоли на други; но, не дај Боже да биде опседнат и со месијански идеи.

*А кога беа во Галилеја, Исус им рече: „Синот Човечки ќе биде предаден во раце човечки, и ќе Го убијат, и на третиот ден ќе воскресне“* (Матеј 17, 22). Им кажа за да ги предупреди, за кое Царство најпрво тие треба да се борат. Но и ден-денес, мнозинството не ја сфаќаат Христовата порака и се борат само за овоземното царство, а притоа го губат Небесното – исто како и сите незнабошци.

## *Како бесот се крие*

*Кога дојдоа при народот, пристапи кон Него еден човек, кој падна на колена и рече: „Господи, смилувај се на мојот син, зашто при нов месец го фаќа бес и се мачи многу; често паѓа во оган и често – во вода; го однесов при Твоите ученици, но тие не можеа да го излекуваат“* (Матеј 17, 14–16).

Мислам дека е добро да го дообјасниме овој дел од Евангелието.

Не ни е непозната тактиката на демоните кога нè напаѓаат. Нивна главна цел им е да не ги препознаеме нив во искушението што ни се случува, но исто така, по можност, да не ги препознаеме и страстите, како и прелестите и илузиите – кои на нив се таложат, зад кои демонот одлично се крие, а од кои сме заробени.

На пример, наместо христијаните да негуваат пастирски пристап кон овосветските социјални феномени и шеми, т.е. овосветските самочовечки форми на организирање, како што се државата, нацијата (народот) и партијата, тие денес најчесто надѕидуваат однос на поистоветување. Преку пастирскиот однос кон нив христијаните ја внесуваат Божјата благодат и Божјиот благослов во тие социјални феномени и шеми – и тие напредуваат, а преку односот на поистоветување со нив, тие се одрекуваат од Богочовекот Исус Христос и внесуваат проклетство во државата, нацијата и партијата. После сè и се чудат што им се случува. Христијанинот може да се поистовети само со Христос и со никој друг и ништо друго. Демонот дотолку нè има заслепено што оваа реалност не можеме ниту да ја видиме, а камоли разбереме.

Уште еднаш да повторам што е тоа пастирски пристап, а што поистоветување. Пастирски пристап, општо кон сè во животот, имаме кога Богочовекот Христос ни е на прво место и ни е бескрајно поважен од сè: и од самите нас, и од нашето семејство, и од нашите блиски, и од нашата партија, и од нашиот народ, и од нашата држава и од што било и кој бил друг. Поистоветување се случува кога

што било од наброеното ни е поважно од Христос. Првиот – пастирскиот пристап, внесува благослов и напредок во целиот наш живот и во сето тоа што го набројав – што го љубиме; а вториот пристап – поистоветувањето, носи разни несреќи, па може дури и проклетство. Малку изгледа противречно, ама тоа е. За вистински да негуваме пастирски пристап, а да не биде тоа само јалова душевност, умна прелест и илузија, таквиот пристап треба да биде потврден од нашето живо и редовно учество во Светотаинскиот живот на Црквата, од помош кон страдалните и од послушание кон нашиот духовен отец – во анонимност, сѐ до добивање на дарот на умно-срдечната молитва.

Илузијата на поистоветувањето се заснова на страста самољубие, за која, пак, е карактеристично барањето сигурност во царството земно, надвор од Христос, надвор од Царството Небесно.

Оттука па натаму, без оглед дали ќе биде препознаен или не, демонот се обидува вината за тоа што се случува да ја префрли на друг. Во конкретниот пример што предмалку го дадов, „другиот“ се најчесто еден или повеќе или сите луѓе од друга партија, од друга нација (или народ) и од друга држава. Не, јас или ние никогаш не сме. Можеби ни е крив гласникот или пророкот?

Во конкретниот евангелски пример[13] гледаме уште едно демонско лукавство, своето делување демонот намерно секогаш го активира на нов месец, т.е. млада месечина, за да го оттргне вниманието

[13] Види: Матеј 17, 14–23.

колку може од себе и од нашата паднатата состојба, а да го насочи кон небеските појави – месечини, планети, ѕвезди, соѕвездија итн. Оттука и таквиот развој на астрологијата, разните предвидувања согласно движењето на планетите, верувањето во хороскопот и слично.

Точно е дека сме поврзани со сѐ создадено, но на созданието да му дава некој клучно и одлучувачко значение, наместо на Бог, како и автоматско делување врз нашите животи, е навистина демонска прелест, како и илузија. Попрво би рекол дека ние влијаеме на сѐ создадено, а влијанието на тварта над нас е повеќе одек, реакција на нашите акции. Слично на ова е и очекувањето, да не речам и посакувањето, на оној што ни згрешил автоматски да му се случи некое зло. Превидуваме дека тој некој можеби се покајал или дека Бог го чека и му дава време за покајание, не сакајќи ја смртта на грешникот. Нели и ние требаше да бидеме како нашиот Небесен Отец и да се молиме за покајанието на тој што ни згрешил, како и за негово спасение? Нема ништо автоматско и безлично таму каде што има и каде што неприкосновено управува Бог Кој Е Личност.

Во првиот пример што го наведов, наместо млад месец, бесот во нас се активира секогаш кога ќе се случи нешто што не одговара на нашите партиски, национални и државни погледи, т.е. поистоветувања. Потоа паѓаме во оган, т.е. во гнев, омраза и слично, или во вода, т.е. во очајание, односно депресија, тага, неутешен плач и слично. Сами си ги пишуваме и симптомите и дијагнозите. Зарем не го

гледаме сето ова на социјалните мрежи?

Бесот во нас се активира секогаш кога некој ќе ги повреди нашите страсти – без оглед од кои страсти сме заробени. Единствена страст од која сме сигурно заробени е славољубието – желбата за човечка власт и слава, за човечки пофалби и почести, за награди и сè слично на тоа. Зависта кон оние што успеале во тоа е доказ дека сме болни од славољубие. Веднаш потоа следуваат среброљубието и сластољубието.

*А Исус одговори и рече: „О, роде неверен и развратен! До кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве трпам? Доведете Ми го тука!“ И му нареди Исус на бесот и тој излезе од момчето; и тоа оздраве во тој час* (Матеј 17, 17–18).

Богочовекот Христос не е сега меѓу нас, но затоа ги остави Своите наследници, Епископите, чиј глас, кој повикува на лично покајание, треба да го послушаме, ако сакаме да се исцелиме. Нели, на тие што нè повикуваат на покајание и ни го покажуваат таквиот пат, не баш на сите. А патот е тесен и малкумина врват по него.

Од кои причини сè уште спомнувам само лично покајание? Мислите дека може да се случи доброволно и сенародно покајание? Јас не мислам; дај Боже да грешам. За такво покајание треба да имаме голем процент на народ што редовно се црквува, а кај нас ги нема ни еден процент; луѓето не ни чуле за покајание. Сенародно покајание, т.е. враќање кон Бог, е можеби возможно само при големи несреќи. А не гледам и баш некој што покажува забележлив пример на покајание, вклучувајќи се тука и себеси.

## *Статирот во устата на рибата*

*А кога пристигнаа во Капернаум, се приближија до Петар оние што собираа дидрахми и му рекоа: „Учителот ваш не плаќа ли дидрахми?“ Тој одговори: „Плаќа“. И кога влезе дома, Исус го испревари и рече: „Како ти се чини, Симоне? Земните цареви од кого земаат царина или данок? Од своите синови или од туѓи?“ Петар Му одговори: „Од туѓите“. Исус му рече: „Значи, синовите не плаќаат; но, за да не ги соблазниме, отиди до морето, фрли јадица и првата риба, што ќе се улови, земи ја; и, кога ќе ѝ ја отвориш устата, ќе најдеш статир; земи го и подај им го за Мене и за себе!“* (Матеј 17, 24–27).

Со оваа евангелска случка Господ сака да нѐ поучи на следното:

Прво, секоја власт е од Бог, или како допуштение или како Негова волја; и треба да се исполнуваат нејзините световни заповеди, но не ако тоа значи нарушување на евангелските заповеди, како и одрекување од Бог. Секоја власт е само пренесена, ополномоштена од Епископот на Црквата и се извршува во негово, т.е. во Христово име, затоа што Епископот не треба да се занимава со световни грижи, а треба да е посветен исклучиво на Црквата. Така, секоја власт која нема благослов од Епископот е сигурно само допуштена. Кога власта е допуштена или иноверна, тогаш реалната власт и за световните работи природно се враќа кај Епископот.

Второ, христијанинот треба својата храна да си ја заработи со труд, а од тоа што ќе го заработи ќе

има да го плати и данокот на државата; како и да им помага на тие што немаат или на друг начин страдаат. И не треба само да чекаме некој да нè замоли за помош, туку треба сами да се потрудиме да пронајдеме кој страда во наша близина и да му помогнеме.

Трето, и Епископот треба да работи, но неговата работа главно е надгледување на животот на Црквата, служење на Светата Евхаристија и поучување на верните. Овој дел од работата на Епископот е видлив и мерлив. Има и невидлив дел. Црквата треба да се грижи за потребите на Епископот. Ако се случи црковната заедница да не се грижи или да не може, тогаш Бог сигурно ќе се погрижи, ако Епископот се труди во своето дело – тоа е најдобрата варијанта.

Четврто, и свештеникот би требало да работи и да си го заработи својот леб, а за Црквата да работи бесплатно – *бесплатно добивте, бесплатно давајте* (Матеј 10, 8). Епископот би требало свештеникот да го избира од Светата Евхаристија, а не од за тоа специјализирани школи. На тој начин Епископот ќе биде посигурен во својот избор – тоа секогаш ќе биде човек што многу години се црквува, пости, се моли, се исповеда, редовно се причестува, го раѓа конкретна Евхаристиска заедница, сите го потврдуваат, има верно семејство и го красат сите добродетели, а школото лесно се завршува и отпосле. Таквиот начин на избор ќе ѝ овозможи на Црквата да има многу повеќе свештенослужители, кои ќе можат многу повеќе внимание да посветат

на духовното раководство на верните и на мисијата на Црквата, а од друга страна, на Црквата ќе ѝ останат многу повеќе финансиски средства за помош на страдалните, за организирање на школи, болници и разни домови за бесплатна нега. Со еден збор, Црквата ќе биде административно организирана да дава, а не да зема.

Или ќе функционираме како што треба, како што вообичаено функционираат манастирите, или луѓето и понатаму ќе губат доверба во нас, а некои и вера.

### *Спасоносниот плач на душата*

Петар е сведок на неколку воскресенија, поточно речено – оживувања, кои ги прави Богочовекот Христос, но пораката е таа: дека Исус може и да воскреснува. Ова сознание е слично како дарот на вонредната благодат – по значење. Да размислиме околу едно од нив:

*Во она време, се случи Исус да оди во градот наречен Наин; и со Него одеа мнозина Негови ученици и многу народ. А кога се приближи до градската порта, ете, изнесуваа мртовец, единствен син на мајка си, а таа беше вдовица; и многу народ од градот одеше со неа* (Лука 7, 11–12).

И што ако многу народ одеше со неа? И целиот свет да одел, ниту еден човек или ангел не може да врати во живот мртов човек, т.е. да воскресне човек од мртвите. Но, сепак, има Некој кој може и мртви да воскреснува, па дури и од адот да ги

извлече. Прво, една забелешка: понекогаш е добро при толкувањето на Светото Евангелие да се користи и александриската алегориска школа во комбинација со македонско-светогорската аскетско-исихастичка школа.

Така, во ова евангелие мртовецот го претставува умот на човекот – заробен и умртвен од страстите, а мајка му е душата човекова; носилата на кои е положен мртовецот се гревовите, додека пак, носачи се демоните. Народот, т.е. ангелите сочувствуваат.

Сакајќи да извлечам духовна полза од оваа евангелска парабола, не претендирајќи на единствено можно толкување, ќеречам вака: мртовецот го носат носачите на носила надвор од градот, т.е. умот е мртов, умртвен од своите страсти лежи во грев, а демоните го носат во правец во кој тие сакаат – надвор од безбедноста на Царството Небесно.

Мајката плаче, т.е. душата, сепак, плаче и тагува над умот кој нема никаква контрола над страстите и демоните. Интересна состојба што би ја споредил со состојбата на умот на човек кој се наоѓа во некоја многу тешка зависност. За оваа духовна состојба добро е да се размисли и да се дискутира: умот е немоќен да нè извлече од духовното беспатие на коешто се наоѓаме, но нашата душа плаче пред Бог поради тоа. Изгледа дека и тогаш имаме надеж.

*Штом ја виде Господ, се сожали на неа, па ѝ рече: „Не плачи!“ И кога се приближи, се допре до носилото; носачите застанаа* (Лука 7, 13–14).

Штом ја виде Господ, се сожали на неа, се приближи (повторно и повторно: Он нас прв нѐ возљуби, а не ние Него[14]) и се допре до носилото, т.е. му подари на умот простување на гревовите како исцеление од зависноста. Во тој момент носачите застанаа, т.е. демоните повеќе не можат слободно да дејствуваат – кога не се поврзани со страстите.

Богочовекот Исус Христос му рече на мртовецот: *Момче, тебе ти велам, стани!* (Лука 7, 14). Умот ја добива првата благодат на очистување на неговата енергија и му се случува првото просветлување, а со тоа добива и власт над гревот – момчето се исправи и седна на носилата. Воскресението на мртовецот е образ на првото просветлување на умот.

И *почна да зборува*, а тоа го означува почетокот на молитвата. Единствено постоењето на молитвата во човекот е показател дека неговиот ум е жив.

Исус го предаде назад жив единствениот син на мајка му, т.е. душата ја добива назад едната од трите сили, словесната (најважната). Ако умот како словесна сила е жив, тогаш лесно ќе ги придвижи и другите две бесловесни сили на душата – волјата и желбата кон добро.

*И страв ги опфати сите* – што е нормално, *и Го славеа Бог и велеа: „Голем пророк се јави меѓу нас“; и „Бог го посети Својот народ“* (Лука 7, 16).

---

[14] Види: 1 Јов. 4, 10.

## ПРЕОБРАЗУВАЊЕТО НА ГОРАТА ТАВОР

Петар има опит и од вонредната благодат како ретко кој од тоа време, па и како ретко кој пред него.

*Во она време Исус ги зеде со Себе Петар, Јаков и брат му Јован, и ги изведе во висока гора сами; и се преобрази пред нив; и лицето Негово светна како сонце, а алиштата Му станаа бели како светлина. И ете, им се јавија Мојсеј и Илија, кои разговараа со Него. Тогаш Петар Му одговори на Исус и рече: „Господи, добро ни е да бидеме овде; ако сакаш да направиме тука три сеници: една за Тебе, една за Мојсеј и една за Илија“. Додека уште зборуваше тој, ете, ги засени светол облак; и се чу глас од облакот, кој велеше: „Овој е Мојот возљубен Син, во Кого е Мојата волја; Него послушајте Го!“ И кога го чуја тоа учениците, паднаа ничкум и многу се уплашија. Но Исус, штом се приближи, се допре до нив и им рече: „Станете и не бојте се!“ А тие, кога ги подигнаа очите, не видоа никој друг освен Исус. А кога слегуваа од планината, Исус им заповеда и рече: „Никому не кажувајте што видовте, додека Синот Човечки не воскресне од мртвите!“* (Матеј 17, 1–9).

На овој голем празник станува збор, пред сè, за промена и преображение што им се случува на самите Апостоли; бидејќи што може да Му се додаде на Оној во Кого пребива сета полнота на Божеството телесно!? Затоа на овој благден, во суштина, не го славиме толку преображението на Господ Христос, туку преображението на Апостолите, како и можноста за нашето преображение.

Тројцата свети Апостоли, помеѓу нив и нашиот главен лик – Петар, се вонредно обдарени од Светиот Дух за да можат да ја видат божествената светлина, а Богочовекот Христос само им го покажал тоа што го имал од моментот на Своето воплотување. Толку се преобразиле и обожиле во тој момент, не само со душата туку и со телото, што и со своите преобразени телесни очи можеле да Го видат Христос во Неговата несоздадена светлина. Го виделе Богочовекот таков каков што Он Е – колку што можеле во тој момент и со таквата, вонредна благодат.

И не само тоа, Апостолите го виделе и преобразувањето на тварта – *алиштата Му станаа бели како светлина*, т.е. логосите на нештата, а добиле и небесни откровенија и виденија – *и ете, им се јавија Мојсеј и Илија*, кои разговараа со Него, како и – *ете, ги засени светол облак; и се чу глас од облакот, кој велеше: „Овој е Мојот возљубен Син, во Кого е Мојата волја; Него послушајте Го!“* И да е само тоа...

Редовно созерцание, а не вонредно и привремено – како што им се случило на тројцата Апостоли, е возможно само на третиот степен од духовниот раст и развој – *обожение*, на којшто преку обо-

жителната благодат се гледа божествената несоздадена светлина со преобразените телесни очи: „Во Твојата светлина ќе видиме светлина“[1].

Да чуеме што вели свети Григориј Палама. Тој пишува дека Петар, Јаков и Јован, Христос најнапред ги одвел на високата гора, што значи, над пониженоста на нашата природа. И натаму продолжува: „Воведените во тајните од Господ (Апостолите), тогаш преку промената на сетилата, која во нив ја предизвикал Светиот Дух, биле приведени од состојба на тело во состојба на дух“. И уште вели за Богочовекот: „Христос во моментот на Преображението не примил ништо што дотогаш немал, ниту се променил во нешто што претходно не бил, туку тоа го сторил за да им го покаже на Своите Ученици тоа што Он Е, отворајќи им ги очите и правејќи слепите да прогледаат. Гледаш ли, дека очите кои физички гледаат се слепи за гледање на Светлината? Значи, таа Светлина не е тварна и не може да се види со сетилните очи, туку тие со силата на Божествениот Дух биле подготвени да ја видат. Апостолите биле променети, и само така можеле да ја видат променетата форма; не таа која дури сега се покажала, туку таа којашто Он ја примил од самото соединување со нашата природа, обожена преку соединувањето со Словото Божјо“[2].

Согласно редовниот аскетски поредок, на обожителната божествена благодат ѝ претходи прос-

---

[1] Псал. 35, 9.

[2] Свети Григорије Палама, *Господе, просветли таму моју*, Образ Светачки, Београд, 1999, стр. 190; 193.

ветлувачката, а на неа – очистителната благодат. Како што ние се качуваме по скалилото на духовниот развој, така присуството, односно појавата на благодатта во нас станува поконстантна и поинтензивна, а нејзините осцилации се поретки и сѐ помали.

Некаде кај Светите отци сретнав дека Бог не им дава константно интензивна благодат на Своите избраници, за тие да можат да им послужат во Домостројот на спасението на оние што живеат во светот. Замислете, некој служи Света Литургија и не може да ја заврши во нормално време поради плач. Како таквиот би служел во светот?

Видовме што му се случи на Петар откако ја доби вонредната благодат на обожението и разбирливо е зошто тој вака чудно Му одговара на Христос: *Господи, добро ни е да бидеме овде; ако сакаш да направиме тука три сеници: една за Тебе, една за Мојсеј и една за Илија* (Матеј 17, 4). Зарем мислите дека овој и ваков збунет и опиен – од благодатта, Петар, е способен трезвено да им служи во светот на оние што сакаат да се спасат? Нормално дека не е! Петар, во својата екстаза не е свесен дека како што нему не му требаат сеници, така ни на останатите, коишто ги спомнува, не им требаат. Благодатта на Христовото присуство е сѐ – и јадење и пиење, и греење и сеница, и сѐ добро, духовно и телесно, што човек може да замисли дека му треба – за оние што ја имаат вкусено.

Вонредното добивање на благодатта е исклучок во животот на Црквата. Тоа најчесто го добиваат

епископите и свештениците како помош во раководењето со Црквата, иако не во тој обем како кај Петар. Но, да внимаваме, да не се сметаме себеси за некаков посебен исклучок, особено што тоа не нѐ ослободува од задолженијата и од правилата на редовниот пат. А кога на некои подвижници им е дадена вонредна благодат, како на пример на свети Силуан Атонски, тој на свој начин, отпосле, мора да ја полични, да ја направи сопствена, преку послушание и преку трпење волни и неволни страдања.

Така и светиот апостол Петар, најпрво привремено ја добива вонредната благодат на преобразувањето, па потоа го поминува патот на искушенијата, падот, покајанието и плачот, за на крајот да се удостои со маченичка смрт, со која и го оправдува претходно во него вложениот дар Божји на големата апостолска или обожителна благодат.

Разликата меѓу Апостолот Петар и нас, денес, е во тоа што тој несоздадената Светлина на Преображението ја гледа, надворешно, со своите телесни очи, иако преобразени, додека ние, денес, светотаински соединети со Богочовекот Христос, во Црквата, после Светата Педесетница можеме да ја видиме несоздадената Светлина внатре и во нашите очистени срца.

Уште една забелешка, за овој случај, што ја гледаме кај Петар. Имаме чувство како тој да не ја контролира таа вонредна благодат, туку како повеќе таа да влијае врз него; што не е случај со редовната благодат.

Петар доби дар на преображение, тој ја гледа

со телесни очи несоздадената светлина, но и после тоа паѓа и се одрекува од Богочовекот Христос. Битно е да запаметиме дека и после вонредното добивање на благодатта, како што читаме во житијата на некои светители, можни се падови, но и повторно покајание.

## ВОСКРЕСЕНИЕ
## БЕЗ РАСПНУВАЊЕ

Ипокрај сè, слабостите на Петар и понатаму се провлекуваат – и од помали стануваат некако сè поголеми. Како и ние денес, и Петар тогаш сака воскресение без Крст. Иако, повторно, не можеме да му ги одречеме простодушноста и храброста, како и желбата да биде со Христос. Да го видиме и следното случување, кое е суштински поврзано со претходното:

*Оттогаш почна Исус на Своите ученици да им открива дека Он треба да отиде во Ерусалим и да пострада многу од старешините, првосвештениците и книжниците и да биде убиен, и на третиот ден да воскресне. А Петар, како Го повлече настрана, почна да Му говори, зборувајќи: „Биди милостив кон Себе, Господи; тоа со Тебе нема да се случи!“ Но Он се заврте и му рече на Петар: „Бегај од Мене, сатано! Ти си ми соблазна, оти мислиш не за она, што е Божјо, а за она, што е човечко!“* (Матеј 16, 21–23).

Еве јасен пример како сите ние, не само Петар, се откажуваме од Крстот Христов и бараме царство земно, т.е воскресение без Крст. Се откажуваме од

Крстот секогаш кога нашата безбедност ја темелиме на нешто што е надвор од Бог, а не на Него, односно на самите себе и своите сопствени знаења и сили, и на некоја од формите на самочовечко општествено уредување или групирање. На пример, кога нашата сигурност ја темелиме на државата, нацијата, партијата, на семејството или на некои други видови групирање (обично бизнис, разни јавни или тајни организации и слично), како и кога се чувствуваме безбедни поради имотот и парите што ги поседуваме и човечката власт. Такво втемелување на нашата сигурност е откажување од Крстот Христов. Нормално, страдањата што секако ќе дојдат, ќе бидат бесмислени и полни со очај.

Нашиот духовен раст се состои во мистично следење на Христос низ што и да поминуваме на тој пат. Иако изгледа дека на тој пат ние страдаме, сепак, Богочовекот многу повеќе страда заедно со нас – иако таа вистина ја подзаборавме. Во случајов, Петар како уште да не сфатил за какво Царство треба да пострада Христос, што е нормално, а од друга страна, природно е за човечката падната природа да бара човечка слава, а да избегнува страдање. И Христос за да го освести Петар и од таквата опиеност му се обраќа со тие строги зборови; и да го подготви дека по ова прашање нема отстапки.

Ако сакаме да побараме некакво оправдување за Петар, би рекле дека нашиот однос со Бог е жив однос: така, нешто прифаќаме со благодарност, со друго недвојбено се согласуваме, за трето љубовно

се бунтуваме и бараме да се промени – сѐ зависи од тоа колку е изграден нашиот однос со Него; или не. Нема боголикост и богоподобност на човекот, нема вистинска слобода и љубов во односот меѓу човекот и Бог, нема вистински однос меѓу човекот и Бог ако човекот нема можност да ја промени и Божјата волја. Нема човек и нема Бог – нема Богочовек. Но, Петар, сепак не е на тоа ниво од духовниот развој, ниту добивањето на вонредната благодат му го дозволува тоа барање, ниту пак, веќе објавениот Божји Домострој – од страна на Исус Христос, може некој да го промени.

И при овој случај не можеме да му одречеме простодушност и желба да биде со Христос, но неговата храброст е веќе под голем знак прашалник.

## МИЕЊЕТО НА НОЗЕТЕ

Следува уште еден пример на Петровата простодушност и желба да биде со Христос, но и пример за големите осцилации во неговите сфаќања на нештата и на размислувања, што покажува соодветна непостојаност.

Има многу символика, како и поука, во миењето на нозете на Апостолите во четвртокот, непосредно пред страдањата Христови. Да го разгледаме тоа што е поважно.

Општо е познато дека учителот е должен духовно да ги води и поучува своите ученици, пред сè, со пример. Бидејќи Епископот е икона Христова, на место и обличје Христово, добро е да искористиме прилика и да се потсетиме и на некои негови задолженија.

*Петар Му рече: „Никогаш Ти нема да ми ги измиеш нозете мои!“ Исус му одговори: „Ако не те измијам, нема да имаш дел со Мене“. Симон Петар Му рече: „Господи, тогаш не само нозете мои, туку и рацете и главата“. Исус му одговори: „На измиениот треба само нозете да му се измијат, оти е целиот чист; и вие сте чисти, но не сите“* (Јован 13, 8–10).

Господ Христос бара од Петар послушание. Он е дојден да го исполни Домостројот на спасението, а Петар со своето послушание зема полн удел во него. Исто така, со тоа зема удел и во Христовиот начин на живот, со тоа што по примерот на Господ треба да се поучи да им служи на своите браќа, ближни, па макар ерархиски и помали од него.

Петар, за да остане во послушание, треба најпрво да се смири пред тоа дека Господ треба да му ги измие нозете; а потоа, кога Господ му кажува дека е тоа потребно за да има удел со Него, да се смири и пред тоа што Господ му вели само нозете. Зошто само нозете?

*Блажени се непорочните во патот нивни, зашто одат според законот Господов* (Псал. 118, 1). *Ги задржувам нозете свои од секаков лош пат, за да го пазам словото Твое* (Псал. 118, 101). *Размислувам за Твоите патишта и ги свртувам нозете мои кон Твоите сведоштва* (Псал. 118, 59).

Нозете овде ја претставуваат нашата волја. Нашата волја треба да ја насочиме кон исполнување на заповедите Божји. Преку слободно изразената волја може и да се отпадне од Бог. Поради слободно изразената волја не постои претходно одредена судбина и поради неа ние сме единствено одговорни за она што го правиме. Изразувањето на слободната волја, во градење на односот со Бог, е суштински поврзана со лојалноста, верноста. Преку слободно насочената волја кон исполнување на заповедите Божји и градење на личносна заедница со Бог се осветува или очистува и целиот човек. Затоа само нозете.

*Боже, биди милостив кон нас и благослови нè; осветли нè со лицето Свое, и помилуј нè, за да го познаат на земјата патот Твој, и меѓу сите народи спасението од Тебе* (Псал. 66, 1–2). *Твоето слово е светилник на нозете мои и светлина за патеката моја* (Псал. 118, 105). *Долго време се надевав на Господ, и Он се наклони над мене и ја чу молитвата моја, и ме изведе од длабината на јадот и од длабока тиња, па ги постави нозете мои на камен и ги зацврсти стапалата мои; а во устата моја вложи нова песна – пофалба на нашиот Бог. Мнозина ќе видат, и страв ќе ги опфати и ќе се надеваат на Господа* (Псал. 39, 1–3).

Слободната волја правилно и потполно може да се изрази доколку умот и разумот човекови се просветлени. Ако не се, тогаш ќе се потпреме на послушанието кон духовниот отец.

Како Господ денес ни ги мие нозете – на сите што сакаат? Кога се причестуваме со Него молитвено и евхаристиски, но само ако притоа се трудиме да ги исполниме Неговите заповеди. Има и други начини, на пример, кога ги крие од јавноста нашите тајни гревови.

Христос им ги мие нозете токму на Апостолите, не на некој случаен човек. Он е должен на Своите ученици да им даде директен пример, на себе да почувствуваат што значи тоа да му се служи на ближниот во која било нормална потреба. А покрај тоа, тајната на Преданието во Црквата секогаш се пренесува во личен однос меѓу учителот и ученикот, во послушание.

И ние треба по примерот на Господ да си служиме еден на друг: *Ако, пак, Јас, Господ и Учител, ви ги измив нозете, тогаш и вие сте должни еден на друг да ги миете нозете* (Јован 13, 14).

## АВТОДИСКВАЛИФИКАЦИЈА

Истиот ден вечерта, Исус им заповеда на Своите ученици да Му ја подготват Пасхалната трпеза. Оваа Пасхална трпеза има своја предисторија, преку која само оние што поминаа на испитот се удостоија да учествуваат на неа; предисторија на автоселекција и автодисквалификација. Да ја проследиме со неколку коментари за појаснување:

*Утредента наутро, народот, што стоеше од другата страна на морето, забележа оти таму немаше друг кораб освен еден, во кој влегоа учениците Негови, и дека Исус не влезе во коработ со учениците Свои, а тие сами заминаа. И други кораби дојдоа од Тиверијада, близу до она место, каде што беа јале леб, по благословувањето Господово. И кога видоа луѓето дека Исус не беше таму, ниту учениците Негови, влегоа сами во кораби и дојдоа во Капернаум да Го бараат Исус. И, штом Го најдоа отаде морето, Му рекоа: „Рави, кога дојде овде?“ А Исус им одговори и рече: „Вистина, вистина ви велам: вие не Ме барате затоа што видовте чудеса, туку затоа што јадевте од лебовите и се наситивте“* (Јован 6, 22–26).

Ова е првиот момент, од овој евангелски исечок, во кој Христос ги освестува луѓето врз каков

основ треба да го градат својот личен однос со Него. Тој основ не се ни чудата, ни сигурноста на овоземниот леб. Сепак, чудото е повисоко ниво на изграден однос отколку сигурноста на лебот и затоа Христос најпрво ги опоменува луѓето поради изборот на основата од најниско ниво врз која го градат својот однос со него – *јадевте од лебовите и се наситивте*; безмалку анимална основа и однос. Но, Он извонредно го користи и таквиот однос за да им ја пренесе Својата порака:

*„Работете не за храна што се расипува, но за храна што останува за живот вечен и која ќе ви ја даде Синот Човечки, зашто врз Него сложил печат Бог Отец“. А тие Му рекоа: „Што да правиме, за да извршуваме дела Божји?“ Исус им одговори и рече: „Делото Божјо е ова: да поверувате во Оној, Кого Го испрати Он“. А тие Му рекоа: „Каков знак ќе ни покажеш да видиме и да поверуваме? Што ќе направиш? Татковците наши јадеа мана во пустината, како што е напишано: ’Леб од небото им даде да јадат‘“. Но Исус им рече: „Вистина, вистина ви велам: не Мојсеј ви даде леб од небото, а Мојот Отец ви дава вистински леб од небото. Зашто лебот Божји е Оној Кој слегува од небото и му дава живот на светот“. Тогаш тие Му рекоа: „Господи, давај ни го секогаш тој леб!“ А Исус им рече: „Јас сум лебот на животот; кој доаѓа при Мене, нема да огладни, и кој верува во Мене, нема никогаш да ожедни. Но ви реков – дека вие и Ме видовте и пак не верувате. Сè што Ми дава Отецот, ќе дојде при Мене; а кој доаѓа при Мене, нема да го испадам надвор; оти слегов од небото не да ја извршувам Мојата волја,*

*тукy волјата на Отецот, Кој Ме прати. А волјата на Отецот, Кој Ме прати, е оваа: од сѐ што Ми дал да не погубам ништо, туку да го воскреснам во последниот ден. Волјата на Оној што Ме прати е: секој што ќе Го види Синот и поверува во Него да има живот вечен, и Јас ќе го воскреснам во последниот ден“. Се разгневија против Него Јудејците дека рече: „Јас сум лебот што слезе од небото“, и зборуваа: „Зарем не е Овој Исус, Јосифовиот син, Чиј татко и мајка ги познаваме? Како тогаш Он вели: 'Слегов од небото'“. Им одговори Исус и рече: „Не гневете се помеѓу себе. Никој не може да дојде при Мене, ако не го привлече Отецот, Кој Ме прати; и Јас ќе го воскреснам во последниот ден. Кај Пророците е напишано: 'И ќе бидат сите од Бог научени'. Секој што чул од Отецот и се научил, доаѓа при Мене. Но тоа не значи дека некој Го видел Бог, освен Оној Кој е од Бог; само Он Го видел Отецот. Вистина, вистина ви велам: Кој верува во Мене има живот вечен. Јас сум лебот на животот. Татковците ваши јадеа мана во пустината и умреа; а ова е леб што доаѓа од небото, и оној кој јаде од него, нема да умре. Јас сум живиот леб што слезе од небото; кој јаде од овој леб, ќе живее вечно; а лебот што ќе го дадам Јас е Моето тело, што ќе го предадам за животот на светот“. Јудејците пак почнаа да се препираат помеѓу себе, велејќи: „Како може Овој да ни го даде телото Свое да го јадеме?“ А Исус им рече: „Вистина, вистина ви кажувам: ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе. Кој го јаде Моето тело и ја пие*

*Мојата крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден. Зашто Моето тело е вистинска храна, и Мојата крв – вистинско пиење. Кој јаде од Моето тело и пие од Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него. Како што Ме прати живиот Отец, и Јас живеам преку Отецот, така и тој што јаде од Мене, ќе живее преку Мене. Ова е лебот што слезе од небото, а не како татковците ваши што јадеа мана и изумреа; кој јаде од овој леб, ќе живее довека". Ова го кажа Исус во синагогата, кога поучуваше во Капернаум. Тогаш мнозина од учениците Негови, кои слушаа, рекоа: „Тешки се овие зборови! Кој може да ги слуша?" А Исус, знаејќи во Себе дека учениците Негови се бунат против тоа, им рече: „Зар ова ве соблазнува? Ами ако Го видите Синот Човечки да се вознесува горе, каде што бил порано? Духот е тој што оживува; телото ништо не помага. Зборовите што ви ги кажав се дух и живот. Но има меѓу вас и некои што не веруваат". Исус знаеше од почетокот, кои се тие што не веруваат и кој е тој што ќе го предаде. И рече: „Затоа ви зборувам – дека никој не може да дојде при Мене, ако не му биде дадено од Мојот Отец"* (Јован 6, 27–65).

Во кажаното од Богочовекот Христос забележуваме дека Он истакнува три димензии во градењето на личниот однос со Него: преку наше исполнување на Божјата волја, т.е. преку наше послушание, преку конкретен опит на константен личен однос со Него – пред сè, молитвен, и преку буквално светотаинско вкусување на Неговите Тело и Крв, односно преку битијна, онтолошка, т.е. благодатна

заедница со Него во Црквата. Исто така, Он истакнува дека таа личносна заедница е дар Божји – зашто, што и да направиме ние, не можеме да ја надминеме и надокнадиме разликата помеѓу Несоздадениот и создаденото, иако од нас се очекува да покажеме однос, желба и труд.

*Оти и Јудејците сакаат знаци, а Елините бараат мудрост, ние, пак, Го проповедаме Христос распнатиот, Кој е за Јудејците соблазна, а за Елините безумство; за повиканите, пак, како Јудејците, така и Елините, Христос како Божја сила и Божја премудрост. Зашто она што е безумно за Бог, помудро е од луѓето, и она што е за Бог немошно, посилно е од луѓето* (1 Кор. 1, 22–25).

И Јудејците и Елините, тоа што го бараат, го бараат од позиција на паднатост; првите очекуваат знак, т.е. овоземен цар и чуда, а вторите овоземна мудрост, а ќе го добијат само Христос распнатиот. Тој знак за Јудејците е соблазна, затоа што не сфаќаат дека се очекува Небесно Царство по воскресението од мртвите, оти Небесниот Цар – Христос, треба да ги спаси и мртвите, и затоа умира на Крстот и се симнува во адот. А за Елините – безумство, затоа што се коси со, според нив, здравиот разум, а всушност паднат и затемнет ум.

Смртта и Воскресението се антиномичен знак, исто како и девственоста и раѓањето, и исто како и Телото и Крвта Христови под вид на леб и вино. Овие се потполно неразбирливи знаци или лудост за паднатиот, т.е за гордиот, расеаниот и паднат ум, за чија расцепеност ќе објаснам понатаму во текстот.

*Од тоа време мнозина од Неговите ученици се повлекоа и не одеа веќе со Него. Тогаш им рече Исус на дванаесетте: „Да не сакате и вие да си отидете?“ А Симон Петар Му одговори: „Господи, при кого ќе отидеме? Ти имаш зборови за живот вечен, и ние поверувавме и познавме дека си Ти Христос, Син на живиот Бог“. Исус им одговори: „Не дванаесетмина ли ве избрав Јас? Но еден од вас е ѓавол“. А зборуваше за Јуда Симонов Искариот, оти тој, како еден од дванаесетте, сакаше да Го предаде* (Јован 6, 66–71).

Како што гледате се случува автоселекција и автодисквалификација – некои од Неговите ученици сами одлучуваат да не одат веќе со Него. Сите тие нема да учествуваат во Пасхалната трпеза со Господ Исус Христос и нема да станат Негови причесници. Исто така, важноста на причестувањето со Телото и Крвта Христови е таква што во тој случај Господ е бескомпромисен: *„Да не сакате и вие да си отидете?“* Внимавајте, ваква проверка на желбата на духовните чеда за духовен живот прават и духовните отци; и ако не сакате да ги следите смирено, барем не станувајте предавници.

# ПАСХА

*Се приближуваше празникот Бесквасници, наречен Пасха; а првосвештениците и книжниците гледаа како да Го погубат, оти се плашеа од народот. И влезе сатаната во Јуда, наречен Искариот, еден од бројот на дванаесетте. И кога отиде, се договори со првосвештениците и началниците, како да им Го предаде. Тие се зарадуваа и се согласија да му дадат сребреници. И тој вети, и бараше погодно време, да им Го предаде тајно од народот. И дојде денот Бесквасници, кога требаше да се заколе пасхалното јагне; па ги испрати Исус Петар и Јован и им рече: „Отидете и пригответе ни пасха, за да јадеме!“ А тие Му рекоа: „Каде сакаш да приготвиме?“ Он им рече: „Ете, влегувајќи в град, ќе ве сретне човек со стомна вода; одете по него во куќата, каде што ќе влезе, и кажете му на домаќинот од куќата: ’Учителот ти вели: каде е собата, во која треба да јадам пасха со учениците Свои?‘ И тој ќе ви покаже голема одаја, послана; таму пригответе“. Кога отидоа, најдоа како што им беше рекол и ја приготвија пасхата. А кога дојде времето, Он седна на трпезата и дванаесетте апостоли со Него. И им рече: „Од сѐ срце сакав да ја јадам оваа пасха со вас, пред да пострадам; оти, ви велам: нема веќе да*

*јадам од неа, дури таа не се доврши во царството Божјо“. Па како ја зеде чашата, заблагодари и рече: „Земете и разделете ја помеѓу себе, зашто нема да пијам од лозовиот плод, додека не дојде царството Божјо“. Потоа зеде леб и заблагодари, го прекрши и им даде, велејќи: „Ова е Моето тело, што се дава за вас; правете го ова за Мој спомен!“ Исто така и со чашата, по вечерата, велејќи: „Оваа чаша е Новиот завет со Мојата крв, која се пролива за вас“* (Лука 22, 1–20).

Во своето послание Апостолот Павле ја дообјаснува есхатолошката димензија на Тајната на Причестувањето: *...Господ Исус онаа ноќ, кога Го предадоа, зеде леб, заблагодари, го прекрши и рече: „Земете, јадете, ова е телото Мое, кое се крши за вас; правете го ова во Мојот спомен!“ По вечерата, исто така, зеде и чаша, па рече: „Оваа Чаша е Новиот завет во Мојата Крв; ова правете го, кога ќе пиете за Мој спомен!“ Оти, кога ќе го јадете овој леб и кога ќе ја пиете оваа чаша, вие ќе ја објавувате смртта на Господ, додека Он не дојде. Затоа, оној кој недостојно јаде од овој леб и пие од чашата Господова, виновен ќе биде спрема Телото и Крвта на Господ. Но, човекот да се испита самиот себе и потоа да јаде од овој леб и да пие од оваа чаша. Зашто, кој јаде и пие недостојно, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува телото Господово. Па затоа меѓу вас има многу немоќни и болни, а мнозина и умираат. Оти, ако бевме се испитувале сами себе, тогаш немаше да бидеме осудени. Но судејќи нè, Господ нè накажа за да не бидеме осудени заедно со светот* (1 Кор. 11, 23–32).

Таа вечер, Богочовекот Христос ја воспостави Светата Тајна Евхаристија. На секоја Света Литургија (Евхаристија, Благодарење) кога сме собрани околу својот Епископ – кој е на место и во обличје Христово, ние учествуваме во севкупниот Божји Домострој на нашето спасение, посебно од самото Воплотување па сè до самото симнување на Светиот Дух Господ врз Апостолите, т.е. врз првата Црква. На Светото Благодарење, ние, преку принесувањето на нашите дарови – лебот и виното, самите себе, еден со друг и целиот свој живот (и сè од што тој живот зависи и се состои) на Бог и Отецот, во Христос, Му ги предаваме; А Бог и Отец ни го дарува Својот живот, во Телото и Крвта Христови – со Кои ние се причестуваме, по благодатта на Светиот Дух Господ. Во секоја таква Света Литургија се пројавува и се содржи полнотата на целата Црква – со сите нејзини членови, од почетокот па сè до Есхатонот. И затоа секоја локална епископална Црква е Црква во сета своја полнота и затоа нема власт над Епископот на локалната епископална Црква.

Причестувајќи се со Телото и Крвта Христови, ние стануваме Тело Христово, членови, т.е. удови на тоа Тело чија Глава е Христос. Богочовекот Христос нè спасува во Црквата како Тајна на Неговото Тело, чија Глава е Он. Како што би рекол нашиот преподобен Ава Јустин, толкувајќи го свети апостол Павле (парафразирам): во Црквата на Светиот Дух, како Тело на Богочовекот Христос – Кој воскресна од мртвите, секој молитвено и благодатно се спасува и се восовршува преку сите и со сите, и сите се спасу-

ваат и се восовршуваат преку секого и со секого[1]. Затоа што секој, во Богочовекот Христос, по благодатта на Светиот Дух, живее во сите и сите живеат во секого, во едно свето меѓусебно проземање[2]. Христијанинот е истовремено и макро и микро космос.

Колку од овој аспект на Тело Христово, на жив и меѓусебно поврзан организам, е полесно разбирлива заповедта Христова за меѓусебна љубов, како и за активно, конкретно и делотворно Негово сведоштво во светот, и колку полесно се разбирливи зборовите на светиот апостол Павле – прво да се испитаме самите себе, па потоа да јадеме од овој леб и да пиеме од оваа чаша[3]. И затоа постојано потсетувам, не само да чекаме да ни се укаже можност да помогнеме на некој страдалник, туку самите да ја побараме, секојпат пред да се Причестиме.

Вистинско исцеление, пред сѐ, од болестите на душата, а ако е на спасение – и на телото, ни носи само учеството во Литургијата на Црквата и причестувањето со нејзините Свети Тајни.

---

[1] Види: Архимандрит Јустин Поповић, *Православна Црква и екуменизам*, Манастир Хиландар, Света Гора Атонска, 1995, стр. 32–33.
[2] Види: Архим. Др Јустин Поповић, *Светосавље као философија живота*, Манастир Ћелије, Ваљево, 1993, стр. 80.
[3] Види: 1 Кор. 11, 28.

## ПРЕТСКАЖУВАЊЕ НА ПРЕДАВСТВОТО И ОДРЕКУВАЊЕТО

*Но, еве, раката на оној што Ме предава е со Мене на трпезава. Синот Човечки, пак, оди според она како што е определено, но тешко му на оној човек, што ќе Го предаде.“ И почнаа да се прашуваат помеѓу себе, кој ли ќе е од нив што ќе го направи тоа?* (Лука 22, 21–23).

Во друго евангелско четиво, забележан е друг интересен момент – колку Петар внимава и колку е заинтересиран за сè што се случува и има врска со Христос: *А еден од учениците, кого го милуваше Исус, беше се навалил на градите Исусови. Нему му даде знак Симон Петар да праша, кој ли ќе е, за кого што говори. Тој, пак, како се навали на градите Исусови, Му рече: „Кој е, Господи?“ Одговори Исус: „Оној е, на кого Јас ќе му натопам залак и подадам“. И кога натопи залак, му го подаде на Јуда Симонов Искариот* (Јован 13, 23–26).

*А се појави помеѓу нив и препирка, кој од нив да се смета за поголем. Но Он им рече: „Царевите владеат над народите, а оние што управуваат над нив се викаат добротвори. Вие, пак, немојте така; но поголемиот меѓу вас да биде како најмалиот, и*

*тој што е старешина, да биде како слуга. Зашто кој е поголем: тој што седи на трпеза, или оној што слугува? Зарем не е оној што седи? А Јас сум меѓу вас како слуга. Но вие сте, кои издржавте со Мене во Моите напасти, и Јас ви ветувам, како што Ми вети Мојот Отец, царство, за да јадете и да пиете на трпезата Моја во царството Мое, и да седнете на престоли и да им судите на дванаесетте Израилеви колена“. И рече Господ: „Симоне, Симоне, ете, сатаната посака да ве сее како пченица; но Јас се молев за тебе, за да не намали твојата вера; а ти некогаш, кога ќе се обратиш, укрепи ги браќата свои!“ А тој Му одговори: „Господи, готов сум да одам со Тебе и в затвор, и на смрт“. Но Он му рече: „Ти велам, Петре, нема денес да пропее петел, дури трипати не откажеш оти Ме познаваш“. Па им рече: „...на Мене треба да се изврши и ова од Писмото: ’И меѓу злочинци Го кладоа‘. Оти она што се однесува на Мене, се исполнува“.* (...)

*И кога излезе, тргна, како обично кон Елеонската Гора; по Него одеа и учениците Негови. А штом дојде на тоа место, им рече: „Молете се за да не паднете во искушение!“ И Он се одвои од нив, колку камен што може да се фрли, па преклони колена и се молеше, велејќи: „Оче, кога би сакал да Ме одмине оваа чаша! Но нека не биде Мојата волја, туку Твојата!“ И Му се јави ангел од небото и Го поткрепуваше. Па, бидејќи се наоѓаше во внатрешна борба, поусрдно се молеше, а потта Му беше како капки крв, што паѓаа на земјата. Штом стана од молитвата, дојде при учениците Свои и ги најде заспани*

*од тага. И им рече: „Зошто спиете? Станете и молете Му се на Бог, за да не паднете во искушение!“* (Лука 22, 24–35; 37; 39–46).

Овде сакам да забележам дека сѐ што Богочовекот Исус Христос направи, го направи за нас и наше спасение; но го направи и поради тоа, во каква и неволја да се најдеме, да имаме сила да ја издржиме и надминеме. Без оглед како ќе се најдеме во неволја и каква таа ќе биде: осаменост, тага, безнадежност, сиромашност, затвор, болка, болест, предавство, загуба на ближен, ако ние живееме заради Христос и ако сѐ правиме заради Негова слава, ние секогаш ќе имаме сила да го издржиме и надминеме секое искушение што Божјата промисла ќе го допушти за наше спасение. За нас и наше спасение Он претрпе и смрт, смрт на Крст.

*И додека Он уште зборуваше, ете, се појави многу народ и пред сите одеше еден од дванаесетте, наречен Јуда, кој се приближи до Исус да Го целива. Зашто таков знак им беше дал: „Кого ќе Го целивам, Он е“. А Исус му рече: „Јудо, со целив ли Го предаваш Синот Човечки?“* (...)

*А на првосвештениците и црковните управници и на старешините, што беа дошле против Него, Исус им рече: „Како на разбојник сте излегле со ножеви и колови, за да Ме фатите? Секој ден бев со вас во храмот и не кренавте рака на Мене, но сега е вашето време и власта на мракот“* (Лука 22, 47–48; 52–53).

## ПРЕДАВСТВО

Доаѓа и ноќта, кога по предавството на Јуда, слугите на првосвештениците доаѓаат на Елеонската Гора за да Го фатат Христос и да Го предадат на Понтиј Пилат да Му суди.

Повторно гледаме големи осцилации во однесувањето на Петар. Прво заспива од очајание на неизвесноста, заедно со другите ученици, а потоа пројавува своевидна храброст, да Го заштити својот Учител.

*А Симон Петар, кој имаше нож, го извади, го удри слугата на првосвештеникот и му го отсече десното уво. Името на слугата беше Малх. Но, Исус му рече на Петар: „Стави го ножот во ножницата. Зар да не ја испијам чашата што Ми ја даде Отецот?“* (Јован 18, 10–11). *Тогаш Исус му рече: „Врати го ножот на местото негово; зашто сите што се фаќаат за нож, од нож ќе загинат; или мислиш дека не можам да Го помолам сега Својот Отец да Ми прати повеќе од дванаесет легиони ангели? Но, како ќе се исполнат Писмата ако ова не стане?“* (Матеј 26, 52–54). Па, кога се допре до увото негово, го излекува[1].

Во овие евангелски исечоци Богочовекот Исус Христос ни сведочи дека ние, христијаните, должни

[1] Види: Лука 22, 50–51.

симе сѐ да претрпиме, само и само да се исполни волјата Божја, а не нашата, дека Царството Негово и наше не е од овој свет, и дека на злото од страна на непријателот треба да вратиме со љубов. Ако ли не – секој што се фаќа за оружје, од оружје и ќе загине; и душевно.

Идејата за ширење на христијанството се темели токму на заповедта Христова за љубов и кон непријателите, во невраќањето на злото со зло, туку со добро и со љубов; токму со маченииштвото (во крв или на совеста), односно со сведоштвото на Христовата љубов во овој свет. Немаме историско сведоштво за враќање на злото со зло во првите три века на Црквата Божја; напротив, мачениците, односно сведоците Христови, со љубов им враќале на своите мачители. Верата се ширела на тој начин што гледајќи ги големите Божји чуда, при мачењето на мачениците, какви што се: дисфункционалноста на природните закони, исцеленијата, ангелските гласови, појави и интервенции, пројавувањето на Божествената светлина и други, луѓето се преобраќале во христијани. Колку поголеми и пострашни прогони измислувал демонот преку своите слуги – луѓето на власт, толку повеќе се ширело христијанството.

За да се оствари оваа Христова заповед неопходно е христијаните да не се врзуваат и поистоветуваат, на никаков начин, со овој свет: ни преку самољубието, ни преку семејството, ни преку народот, или подоцна преку државата и нацијата на којашто ѝ припаѓаат, ни преку која било форма на овосветско, човечко организирање поради која би

биле принудени да земат меч во рака и да вратат на злото со зло. Едно е поистоветување, а сосема друго пастирски пристап.

Запомнете сите: Светиња со меч не се брани! Без оглед на тоа кој така направил, кој така рекол, кој тоа теолошки го брани, кој тоа го пренесува и кој тоа го застапува – ако сакате да сте барем православни христијани. Зарем Богочовекот Христос не е нашата најголема Светиња? Зарем нема да ја послушаме Неговата заповед и зарем нема да го следиме Неговиот пример? Свесен сум дека говорам за тоа каков би требало да е идеалот и свесен сум дека во стварноста ова е многу тешко изводливо, затоа што помеѓу христијаните како заедница, многу помалку се оние што го достигнале овој идеал, а многу повеќе се оние кои не го достигнале и кои таквото идеално однесување не би го сфатиле и би отпаднале од верата. Сето тоа е на штета на сите.

Но, како дошло до искривување на верата во пракса? Демонот видел дека преку отворен и груб прогон само придонесува за ширење на христијанската вера (иако низ историјата ја повторувал истата грешка) и смислил нов суптилен начин на прогон за уништување на Божјата Црква, и им овозможил и им понудил на христијаните најразлични начини или шеми на поврзување и поистоветување со овој свет – од лични гревовни до општествени. Во овој момент, поинтересни и понеопходни за објаснување се општествените.

Демонот, на христијаните, низ историјата, суптилно им понудил пад преку три главни искушенија:

првото, нивното поистоветување со државата; второто, нивното поистоветување со народот на кој му припаѓаат; и третото, нивното поистоветување со партијата.

Да ги разгледаме најпрво последиците од тие поистоветувања на општествено-политички план.

Прво, додека во времето на прогонот на Црквата од страна на државата не гледаме отпор од страна на мачениците-христијани за да се заштитат себе и своите семејства (иако истовремено се убивани и над дваесет илјади луѓе), во времето на признавањето на Црквата од страна на државата одеднаш гледаме како номиналните христијани земаат меч во рака и убиваат со оправдание дека ги бранат христијанската држава и црква, себеси и своите семејства од иноверните. Секој непросветлен ум ќе го оправда гореспомнатото однесување и ретко кој тука ќе забележи нешто лошо. Но, да видиме како злото се развива понатаму.

Второ, кога номиналните верници ќе се поистоветат со „нацијата“, одеднаш гледаме како православни браќа христијани (Срби, Бугари, Грци, Македонци итн.) почнуваат да се убиваат меѓу себе, и тоа со благослов на највисоките црковни власти. Зарем ова не е чудно за некој со и најмалку нормален разум?

И трето, најголем апсурд е кога номиналниот христијанин се поистоветува со партијата, и одеднаш, на пример, православен Македонец мрази и убива православен Македонец. Тука злото е толку очигледно дури и за атеистите, и нема што да се коментира.

Да го разгледаме истиот дух на однесување и на црковно-историски план. Во времето кога номиналните христијани ќе се поистоветат со државата, гледаме како Црквата, поделена на пет патријаршии во една држава, и често под нејзина контрола, покажува голема трпеливост дури и кон еретиците – грижејќи се како да го зачува своето единство (а преку неа и државата своето), толерирајќи многу еретички заедници и дури борејќи се да ја одржи евхаристиската заедница со нив. На пример, свети Мелетиј, човек којшто најверојатно имал аријанско крштение и аријанска хиротонија, станува претседавач на Вториот Вселенски собор, за денес да ни е проблем нечија автокефалност.

Во времето кога номиналните христијани ќе се поистоветат и со „нацијата“, одеднаш гледаме дека (исто како и во меѓусебните убивања од тоа време) нема ни трага од толерирање на „другите“ – оние коишто сакаат да си прогласат таканаречена национална црква веднаш се прогласувани за расколници и еретици, и веднаш се анатемисани – од истите такви кои свои национални цркви си прогласиле претходно. Историјата ни е добро позната. Значи, злото си расте сосема очигледно, а тоа се одразува и внатрешно, во меѓусебните поделби во една и иста национална црква, и во нејзините празни храмови.

Како овие падови или поистоветувања се одразуваат на личен психолошки план? При падот на првото искушение, т.н. номинални христијани се наоѓаат во стадиум на религиозна невроза – не ги контролираат своите мисли, чувства, зборови и по-

стапки, и во таква состојба лесно го фаќаат оружјето во рака, односно враќаат на злото со зло. По падот во второто искушение, веќе со сигурност се работи за религиозно растројство на личноста (т.н. психопати или социопати), кога гледаме како браќа по вера меѓу себе бесчувствително сакаат и физички и духовно да се елиминираат. Е, сега, ако некој од нив, а посебно оние што се на власт (пред сè, црковна) тоа намерно и свесно го прават, со свесна определба за злото, тогаш се работи за најопасен степен на религиозна психоза – демоноопседнатост. Падот во третото искушение е чисто зло.

Монасите се едни од ретките верни коишто го зачувале маченичкиот етос во Црквата, а кои и затоа се појавиле веднаш по престанувањето на нејзиниот прогон. Никаде не се чуло и видело вистински монах да земе оружје во рака (освен мечот на вистината) за да го одбрани својот ближен од лагата и од таткото на лагата. Монасите со љубов ги дочекувале непријателите на верата во своите манастири и најчесто биле како јагниња колени. Тие многу добро сфатиле дека љубовта не се состои во тоа да ја положиме душата на непријателот заради својот ближен, туку во тоа што Богочовекот Христос го вели: *Нема поголема љубов од таа да си ја положиш душата своја за ближниот свој*[2], односно дека нема поголема љубов од тоа, преку сведоштво на Христовата љубов до маченииштво за Него, да го положиш и животот свој за спасение на сите оние кои и отпосле ќе се освестат и кои ќе посакаат да се спасат.

[2] Види: Јован 15, 13.

Христовото Воскресение, во суштина, е љубовен одговор на човечкото зло, исто такво е и нашето вистинско учество во Неговото Воскресение. И никакво поинакво. За сите, пак, оние кои себеси се нарекуваат христијани и се причестуваат со Светите Тајни, а не постапуваат согласно нивното име, се однесува Христовото прашање кон Јуда: *Со целив ли Го предаваш Синот Човечки?* (Лука 22, 48).

*И кога Го фатија, Го поведоа и одведоа во домот на првосвештеникот. А Петар оддалеку одеше по Него. Кога запалија оган во дворот и седнаа наоколу, седна и Петар меѓу нив. А една слугинка, штом го виде како седи покрај огнот, погледна на него и рече: „И овој беше со Него!“ Но тој се одрече од Него, велејќи: „Жено, не Го познавам!“ Малку потоа, кога го виде еден друг, рече: „И ти си од нив!“ Но Петар му рече „Човеку, не сум!“ А кога мина време околу еден час, друг еден почна да тврди, зборувајќи: „Навистина, и овој беше со Него, оти е Галилеец!“ Но Петар рече: „Човеку, не знам што зборуваш!“ И одеднаш, уште дури говореше, петел запеа. Тогаш Господ се заврте и го погледна Петар, и Петар се сети на Господовите зборови што му ги беше рекол: 'Уште додека петел не пропее, трипати ќе се одречеш од Мене'. И штом излезе надвор, заплака горко* (Лука 22, 54–62).

Би рекол дека уште нешто храброст останало во Петар – во одењето оддалеку по Христос до домот на првосвештеникот. Но, кога доаѓа во прашање и неговиот живот, тој се уплашува и се откажува од Христос. Тоа е крајно отпаѓање од Бог. И затоа, *штом излезе надвор, заплака горко.*

## РАСПНУВАЊЕ ХРИСТОВО

*Потоа управниковите војници Го зедоа Исус во судницата и ја собраа целата чета околу Него, па, откако Го соблекоа, Му облекоа багреница; исплетоа трнов венец, Му Го кладоа на главата и Му дадоа во десната рака трска; и паѓајќи на колена, Му се потсмеваа и велеа: „Радувај се, Царе Јудејски!“ И плукаа на Него и, како ја зедоа трската, Го удираа по главата. А кога Го исмеаја, Му ја соблекоа багреницата, Му ги облекоа Неговите алишта и Го поведоа на распнување* (Матеј 27, 27–31).

*Водеа и двајца злочинци, за да ги погубат со Него. И кога дојдоа на местото, наречено Черепница, Го распнаа таму Него и злочинците, едниот оддесно, а другиот одлево. А Исус рече: „Оче, прости им, оти не знаат што прават!“ И кога го делеа облеклото Негово, фрлија ждреб. А народот стоеше и гледаше; се потсмеваа заедно со народот и првосвештениците, велејќи: „Други спаси, нека Се спаси и Сам, ако е Он Христос, избраникот Божји!“ Исто така и војниците се подигрworld со Него: приближувајќи се, тие Му поднесуваа оцет, и велеа: „Ако си Ти Царот Јудејски, спаси се Сам!“ А над Него имаше натпис, напишан на грчки, латински и еврејски: „Овој е Царот Јудејски“* (Лука 23, 32–38).

Богочовекот Христос Самиот ѝ допушта на Својата човечка природа да страда: да трпи болка, тага, жед, глад, умор и сите други безгрешни страсти што ѝ се својствени, па дури и смрт. Значи, Богочовекот Христос не страда принудно, туку доброволно, иако поради неслиеното и неразделно единство на Неговата човечка и божествена природа во Неговата Божествена Ипостас (Личност), Он како Бог може да си дозволи и да не трпи страдања.

По Неговото воплотување и целиот Домострој на нашето спасение, сите ние, во Црквата – во Телото Христово, станавме учесници во Неговата обожена човечка природа и располагаме со Неговата благодатна сила, која ни овозможува да ги претрпиме сите потребни искушенија.

И така, по сите страдања што ги претрпе Исус Христос за да ни даде сила и ние да можеме да го поминеме истото – немаме оправдување од видот: дали можеме или не можеме нешто од Него заповедано да направиме, туку прашањето е само дали сакаме или не сакаме!

Немаме многу избор: или ќе ја живееме Тајната на Крстот Христов, т.е. ќе Му благодариме и ќе Го славиме Господ Исус Христос, исполнувајќи ги во сила Неговите заповеди на љубовта, или ќе хулиме со нашето безљубовно „не можам“, а всушност – „не сакам“.

Да внимаваме, некои од Божјите дарови, обично, на самиот почеток не ги препознаваме веднаш како дар – во сите негови димензии, зашто ни се даваат прво како крст. Крстот, пак, треба најпрвин аскетски да го прифатиме како дар, за потоа – кога

ќе го усвоиме благодатно и лично како дар, да можеме да ги согледаме сите негови димензии – што се неговата ширина и должина, и што се неговата длабочина и височина; и на тој начин да ја узнаеме Христовата љубов што го надминува секое знаење[1].

Крстот не мора секогаш да значи и само лично страдање, туку и страдање на некој ближен, што всушност е и уште пострашен крст. Крстот се сите наши волни и неволни страдања кои ги среќаваме на тесниот евангелски пат на исполнувањето на Божјите заповеди. Дарованиот од Бог наш крст е и начин преку кој Он го гради личносниот однос со нас.

*Еден од распнатите злочинци хулеше на Него, велејќи: „Ако си Ти Христос, спаси се Себеси и нас!" А другиот, кога одговори, го искара и рече: „Зарем и од Бог не се боиш, кога си веќе и сам осуден? Ние сме праведно осудени, зашто примивме заслужена казна според нашите дела; но Он ништо лошо не направил". И Му рече на Исус: „Сети се на мене, Господи, кога ќе дојдеш во царството Свое!" А Исус му рече: „Вистина ти велам: денес ќе бидеш со Мене во рајот!"* (Лука 23, 39–43).

Историското случување, опишано во Светото Евангелие, на распнувањето Христово на Крстот помеѓу двата разбојника, исто така распнати на други два крста, е можеби една од највистинитите претстави во која може да се препознае состојбата на сите луѓе, како во однос на Бог така и во однос на самите себе.

[1] Види: Ефес. 3, 14–19.

Сите ние можеме да се видиме и да се препознаеме во еден од двајцата разбојници. Сите ние го носиме својот крст, само што некои од нас Му благодарат на Бог за својот крст и го носат истиот со трпение и смирение, свесни за својата грешност и несовршенство; а други, пак, хулат на Бог поради својот крст.

На оние што Му благодарат на Бог, крстот им помага да го очистат сопственото срце од страстите, да го просветлат сопствениот ум и да се обожат. На оние што хулат на Бог, крстот им останува само како еден неподнослив товар и како една неразбирлива и неподнослива казна – и душевна и телесна.

Секако, имате предвид дека ви зборувам за генералната линија, а не за повремените осцилации. Исто така, самопознанието во однос на Бог и благодарноста за крстот што Бог ни го дарувал се нераздвојни.

Со трпение и смирение може да го носи својот крст само оној што Му благодари на Бог за своите страдања и што освестил во себе дека навистина се соодветни за негово исцеление; тој што го прифаќа својот крст. Колку поголемо страдање доживуваме и колку поискрено и од сè срце Му благодариме на Бог за тоа, толку повеќе Божја благодат привлекуваме кон себе и толку побрзо се исцелуваме.

Благодатта Божја е, пак, таа што ни дава сила да ги издржиме страдањата, таа што нè утешува во страдањата и таа што дури и прави да заборавиме на нив. Или, со други зборови, благодатта Божја е

таа што нè очистува, просветлува и восовршува, во зависност од тоа на кој степен од духовниот развој се наоѓаме, носејќи го својот крст.

Навистина убав евангелски пример за правилно носење на својот крст е разбојникот распнат заедно со Христос, кому, во моментот кога ја исповеда својата грешност, смирено и без хулење поднесувајќи ги страдањата – *Ние сме праведно осудени, зашто примивме заслужена казна според нашите дела; но Он ништо лошо не направил* – му се отвораат очите да Го види и препознае распнатиот Богочовек: *И Му рече на Исус: „Сети се на мене, Господи, кога ќе дојдеш во Царството Свое!“ А Исус му рече: „Вистина ти велам: денес ќе бидеш со Мене во рајот!“* (Лука 23, 41–43). Очигледно е дека на разбојникот не само што му се отвораат очите да Го препознае Христос – односно не само што го добива дарот на просветлување – туку нему му се открива и тајната на целиот Домострој на спасението, тајната на Царството Небесно.

За разлика, пак, од разбојникот, кој како појдовна основа за примање на овој дар од Бог го има само сознанието за својата грешност и правилната исповед со благодарност, ние денес како критериум и темел на нашето христијанско постоење и дејствување ги имаме Христовиот збор и дело, совршената љубов на Бог Отецот[2] и печатот на дарот на Светиот Дух. Ги имаме единството на верата и соборната заедница на Светиот Дух и помеѓу себе и со нашите Отци, кои со својот вечно жив пример

[2] Види: Матеј 5, 44–48.

постојано го осветлуваат нашиот живот и постоење во Црквата. Затоа не треба да дозволиме Царството Небесно внатре во нас[3] да го откриеме при крајот на нашиот живот, претрпувајќи со благодарност разни болести и страдања, туку уште во нашата младост, принесувајќи Му го целиот наш живот на Богочовекот Христос, преку доброволен подвиг.

Едно е страдање поради очистување од гревовите и страстите, а друго е страдање како учество во Крстот Христов за спасение на светот. И треба да се избегнува страдање поради непослушание – тоа трае додека трае непослушанието.

Значи, сите имаме свој крст – прашањето е: сакаме да носиме крст со смисла, со утеха и надеж или сакаме да се мачиме со бесмислен крст? Мислам дека изборот не е тежок. Затоа, не треба да губиме време и треба да почнеме вистински да го почитуваме Крстот Христов, црпејќи ја од него силата на преобразувањето и воскресението.

Вистинско почитување или поклонување на Крстот Христов значи вистинско живеење според него. Живеењето според Крстот Христов се сведува на љубов што секогаш дава и ништо не бара; љубов која сè простува.

Да не се мачиме напразно со страдање, со крст без Воскресение; со крст кој истовремено во себе не ги носи и силата, и утехата, и несоздадената светлина на Воскресението!

---

[3] Види: Лука 17, 21.

## ЕДНО ПОИНАКВО СВЕДОШТВО

*При крстот Исусов стоеја мајка Му Негова и сестрата на мајка Му, Марија Клеопова, и Марија Магдалена. А Исус, штом ја виде мајка си, и ученикот, кого го љубеше, како стои, ѝ рече на мајка си: „Жено, ете ти син!“ Потоа му рече на ученикот: „Ете ти мајка!“ И од тој час ученикот ја зеде при себе. По ова, знаејќи Исус дека е сè свршено, за да се исполни Писмото, рече: „Жеден сум“. Таму стоеше сад, полн со оцет. Тие наквасија сунѓер во оцетот, го закачија на трска и Му принесоа до устата Негова. А кога вкуси Исус оцет, рече: „Се сврши!“ И кога ја наведна главата, го предаде духот. Бидејќи беше петок, Јудејците, за да не останат телата на крст во сабота, оти во таа сабота беше голем ден, го замолија Пилат да им ги прекршат колената и да ги симнат. Тогаш дојдоа војниците и им ги прекршија колената на првиот, како и на вториот, што беа распнати со Него. А кога дојдоа до Исус и Го видоа дека беше веќе умрен, не Му ги прекршија колената; но еден од војниците со копје Му ги прободе ребрата, и наеднаш истече крв и вода. И кој виде – посведочи, и сведоштвото му е вистинско; и знае дека кажува вистина, за да поверувате вие. Оти ова*

*стана, за да се исполни Писмото: „Коска Негова нема да се прекрши“. И друго Писмо пак вели: „Ќе погледнат на Оној Кого Го прободоа“. Потоа Јосиф од Ариматеја, таен Исусов ученик, поради страв од Јудејците, го замоли Пилат да го симне телото Исусово и Пилат му дозволи. Тој дојде и го симна телото Исусово. А дојде и Никодим, кој порано беше отишол ноќе при Исус, и донесе околу сто литри смес од смирна и алој. Го зедоа телото Исусово и го завиткаа во платно со мирисите, како што е обичај кај Јудејците да погребуваат. На она место, каде што беше распнат, имаше градина и во градината – нов гроб, во кој уште никој не беше полаган. Таму Го положија Исус, поради петокот јудејски, зашто гробот беше близу* (Јован 19, 25–42).

Сама по себе, токму на ова место ми се наметна темата за жените мироносици. Кога би ве прашал, сега, што би издвоиле вие, кои повеќе или помалку го знаете нивното житие, како најкарактеристично од севкупниот нивен подвиг во служењето на Богочовекот Христос, што би ми одговориле? Нели е тоа непоколебливото и постојано следење на Христос, без оглед на тоа што се случува со Него и без оглед на тоа какви последици од тоа можат да произлезат за нив самите? Нели е тоа односот кон Бог карактеристичен за чедата Божји, наспроти тој на робовите и наемниците?

Некаде, некој има убаво кажано дека колку повеќе се доближуваме до Голгота, следејќи Го верно Христос, толку помалку луѓе (духовни чеда, пријатели) гледаме околу нас. Но, ништо чудно. Знаеме

и од Светото Евангелие дека истото се случило со Христос, Кој затоа нè предупредува и охрабрува: *Ако Мене Ме гонеа, и вас ќе ве гонат* (Јован 15, 20).

Но, што сакам, за мене нешто навистина посебно и воодушевувачко, да ви нагласам за жените мироносици? Во оној период од дејствувањето и проповедта на Богочовекот Христос, кога Он чудесно исцелува луѓе болни и од најтешки болести, па дури и мртви воскреснува, кога чудесно наситува илјадници гладни, кои околу Него се собираат и кога, мислејќи Го за овоземен цар, славно Го пречекуваат во Ерусалим, служењето и присуството на жените мироносици е незабележливо; но во периодот кога започнуваат Неговите страдања, нивната верност и нивното присуство веднаш доаѓа до израз. Спротивно од однесувањето на повеќето Негови ученици, посебно спротивно на масата, која дури и се врти против Него.

Иако ни се добро познати овие видови на однесување и од секојдневниот живот, особено негативниот избор, сепак, да се задржиме на нив уште малку. И народната мудрост ги забележала во поговорката: во маката јунакот се познава. Голем впечаток ми остави и еден неодамна слушнат дијалог помеѓу двајца воини. Кога едниот го прашува другиот зошто воопшто се бореле во битка за која однапред знаеле дека е изгубена, овој му одговара: „Потешко ни беше да бегаме отколку да се бориме". Што да ви кажам, вистинска храна за секој борбен дух. Ние, пак, се бориме во војна за којашто однапред знаеме дека Христос ја извојувал и во која победил за нас.

Исто е и со нашиот внатрешен невидлив подвиг. Сите ние во Црквата, знаеме од опит дека воопшто не е лесен подвигот на исцелување и на преобразување на гревовните страсти (кои поради навика се претвориле во наша втора природа) во добродетели; непознатиот за другите подвиг, нашиот начин на живот од противприроден да го обратиме во природен. Ако добро го завршиме овој незабележлив подвиг, на очистување на срцето од страстите, ќе ни се смета за учество во Крстот Христов, особено што ќе ни се отвори патот во срцето за вистинското лично Распнување на тој Крст. Да, словото за Крстот е безумство за оние што гинат, а за нас кои се спасуваме – восиновување: *Жено, еше ши син.*

# СПОРЕДБА

Од голема полза би било да ги споредиме овде и ликовите на Петар и Јуда.

Во што се состои тајната на самоубиството на Јуда, а во што тајната на покајанието на Петар, иако и двајцата беа паднати во голем очај? И дали проклетството на сребројубието е поголемо од проклетството на гордоста кај нас луѓето (за разлика од демоните), токму поради тоа што сме и материјални – создадени и од умна и разумна душа, но и од тело? Инаку, секое самоубиство прво е духовно, а потоа и физичко.

Да почнеме со тајната на самоубиството. Тајна е зашто ја знаат само оние што низ неа поминале, како и оние на кои Господ, заради духовно раководство, на сличен начин им ја открил. Неколку компоненти ја сочинуваат оваа тајна во нејзиниот развој, посебно во случај кога е поврзана со страста на сребројубието.

Рековме дека оној што се надева на парите и кој својата сигурност ја темели на парите, невозможно е истовремено да се надева во Бог и својата сигурност да ја темели во Бог. Неговиот личносен однос со Бог е блокиран, неостварлив. И Евангелието ис-

тото го вели: *Никој не може да им слугува на двајца господари: оти или едниот ќе го замрази, а другиот засака; или кон едниот ќе се приврзе, а другиот ќе го презре. Не можете да им служите на Бог и на Мамон* [парите] (Матеј 6, 24).

А токму така е опишан ликот на Јуда во Евангелието, како крадец: *тој го чуваше ковчежето и крадеше од она што пуштаа во него* (Јован 12, 6). Откако ќе го прочитаме овој евангелски извадок, поврзан со погоренапишаното, веднаш ни станува јасно како Јуда можеше да се одлучи да Го предаде Богочовекот Исус Христос. Зашто и покрај тоа што Јуда Го следи Христос и ги гледа сите чудеса што Он ги прави, сепак, поради страста на среброљубието од која е заробен, останува затворен за Него и не може да изгради личносен однос со Него. Ниту да има опит од таквиот однос.

Оној што заради парите конечно и свесно ќе се откаже и ќе Го предаде својот Господ, тој се одрекува и од несоздадената Божја енергија, која го осмислува и исполнува целото негово постоење, и одеднаш се наоѓа во егзистенцијална празнина, „исполнета“ со темнина, безнадежност и очај – неискажлив душевен пекол, познат само на оние што низ него поминале. Не дека ги изгубил парите, не дека го изгубил она што парите му го овозможуваат и не дека ја нема сигурноста што му ја овозможуваат овоземните власти, не – тој сето тоа сè уште може да го има, но пеколната темнина и очајот коишто ги обзема оние што Го предаваат Господ се едноставно неподносливи за човековото битие.

А што ги прави уште понеподносливи? Власта што демонот ја добива над мислите на предавникот. Но, и тука има некој ред. Човекот прво се обидува да најде некаков излез – и Јуда ги враќа парите, па дури и признава дека предал невина крв, но тоа не е доволно и не го прави тоа пред Христос или пред некој од своите браќа Апостоли. Човечката правда никогаш не ни помага, никогаш не може да ја замени Божествената. Божествената правда не е само преземање и признавање на вината, туку е и возобновување и воспоставување на нарушениот однос со Бог – во покајание, а Јуда е за тоа неспособен. И потоа следи она што на почетокот го рековме: демонската помисла со власт му вели на предавникот дека полудел и дека за него сè е изгубено, и непрестајно го убедува да се самоубие, а неговата внатрешна состојба потполно се совпаѓа со демонскиот предлог.

Мислите дека на таквиот му е тешко да се самоубие? Не – на таквиот човек самоубиството му се причинува како единствена светла точка и единствен излез од таквиот живот. Маките што ги поминува човек во тие моменти му изгледаат неспоредливо потешки од кој било вид самоубиство.

Посрамно изгледа јавното одрекување Петрово отколку тајното Јудино предавство. Но, што е тоа што го спаси Петар и зошто таа можност ја немаше Јуда? Крадењето и постојаното потпирање на овоземното, како и лажната надеж на овоземно царство Христово, му оневозможија на Јуда да изгради личносен однос со Господ Христос, како што тоа му го

овозможија постојаните падови од гордост и подигањата од смирение на Петар во подвигот на градење на личносниот однос со Христос. Петар не беше врзан за пари – за овоземното, колку што тој беше врзан за Личност, за прекрасната Личност на нашиот Господ – Богочовекот Исус Христос, и тоа му даде сила за покајание.

Петар има опит од грешење и барање, и добивање прошка од Господ; од личен однос со Него, и тоа го спасува. А Јуда не само што нема личен однос со Господ, туку следствено, нема и со ниту еден од Апостолите. Зашто ако имал, ќе можел да си ја отвори душата пред некој од нив и тоа ќе го спасело.

# СВЕДОК НА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ

*Во првиот ден од седмицата Марија Магдалена дојде на гробот рано, уште додека беше темно, и виде дека каменот од гробот е поместен. Тогаш отрча и дојде кај Симон Петар и кај другиот ученик, кого Исус го љубеше, и им рече: „Го земале Господ од гробот и не знам каде Го положиле“. Тогаш излезе Петар и другиот ученик, и појдоа кон гробот. И обајцата трчаа заедно, но другиот ученик трчаше побргу од Петар и прв дојде до гробот. И кога се наведна, виде дека лежи само повојот; но не влезе. По него дојде Симон Петар, влезе во гробот и виде дека само повојот стои; а крпата, што Му беше на главата Негова, не стоеше кај повојот, туку одделно, свиткана на едно место. Тогаш влезе и другиот ученик, кој прв дојде до гробот, и виде, и поверува, зашто уште не го знаеја Писмото дека Он треба да воскресне од мртвите. Тогаш учениците се вратија дома. А Марија стоеше кај гробот однадвор и плачеше. И, плачејќи, се наведна над гробот; и виде два ангела во бели облеки како седат, едниот кај главата, а другиот кај нозете, каде што беше лежело телото Исусово. Тие ѝ рекоа: „Жено, зошто*

*плачеш?“ Им одговори: „Го земале Господ мој и не знам каде Го положиле!“ Штом го рече ова, се заврте назад и Го виде Исус како стои; но не знаеше дека е Исус. Исус ѝ рече: „Жено, зошто плачеш? Кого го бараш?“ Таа, мислејќи дека е градинарот, Му рече: „Господине, ако си Го зел Ти, кажи ми каде си Го положил, и јас ќе Го земам“. Исус ѝ рече: „Марија!“ Таа се заврте и Му рече: „Равуни“ – што значи: „Учителе!“ Ѝ рече Исус: „Не допирај се до Мене, зашто уште не сум се вратил кај Мојот Отец; туку отиди кај браќата Мои и кажи им: се враќам кај Својот Отец и вашиот Отец, кај Својот Бог и кај вашиот Бог“. Дојде Марија Магдалена и им кажа на учениците дека Го видела Господ и дека тоа ѝ рекол.*

*А вечерта во истиот ден, првиот од седмицата, кога вратата, каде што беа учениците Негови собрани, беше затворена поради страв од Јудејците, дојде Исус, застана насреде и им рече: „Мир вам!“ И ова штом го рече, им ги покажа рацете и нозете и ребрата Свои. Се зарадуваа тогаш учениците, штом Го видоа Господ. А Исус пак им рече: „Мир вам! Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам“. И кога им го кажа ова, дувна и им рече: „Примете Дух Свети! На кои ќе им ги простите гревовите, ќе им се простат, а на кои ќе им ги задржите, ќе им се задржат“.*

*А Тома, еден од дванаесетте, наречен Близнак, не беше со нив кога дојде Исус. Другите ученици му рекоа: „Го видовме Господ!“ А тој им рече: „Додека не ги видам раните од клинците на рацете Негови, и не го ставам прстот свој во раните од клин-*

*ците, и не ја ставам раката своја во ребрата Негови, нема да поверувам!“ А по осум дена учениците Негови пак беа собрани, и Тома со нив. Дојде Исус, кога вратата беше заклучена, застана меѓу нив и рече: „Мир вам!“ Потоа му рече на Тома: „Дај го прстот свој овде и види ги рацете Мои; дај ја раката своја и стави ја во ребрата Мои; и не биди неверен, туку верен!“ Одговори Тома и Му рече: „Господ мој и Бог мој!“ Исус му рече: „Тома, ти поверува, оти Ме виде; блажени се оние кои не виделе, а поверувале“.*

*И многу други чуда изврши Исус пред учениците Свои, што не се запишани во оваа книга. А овие се запишани за да поверувате дека Исус е Христос, Син Божји, и верувајќи да имате живот во Неговото име* (Јован 20, 1–31).

Неколку забелешки:

Прва. Петар е сведок на Христовото Воскресение, и тоа не само еднаш. Но, пред Петар или кој било од Апостолите, како сведоци на Воскресението прво се истакнати жените мироносици, а пред сѐ, е истакната Марија Магдалена. И, знаејќи го подвигот на жените мироносици, јасно ни е зошто тие попрви се удостоија да бидат запишани како сведоци на Воскресението Христово, а не некој од десетте Апостоли. Свети Јован Богослов е посебен случај.

Секако, најпрво воскреснатиот Христос Го видела нашата Пресвета Владичица Богородица и Секогашдева Марија, Неговата Мајка, но тоа не е запишано во Светото Евангелие. Исто како што не е запишано дека на Онаа Која е почесна од Херуви-

мите и безмерно пославна од Серафимите не Ѝ требаше од ангел, па макар бил тоа и архангел Гаврил, да ја дознава вистината за воплотувањето од Светиот Дух на Синот Божји во Неа.

За тоа сум говорел: веќе на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*, се здобиваме со одредена слобода пред Бог. Тогаш не само што нашите главни планови често ќе се совпаѓаат со Божјите планови, иако не секогаш во она време што ние го очекуваме, туку веќе го добиваме дарот Божји, сами, во своето срце – во областа на Царството Небесно, да го подготвиме она што ќе сакаме да ни се случи. Ви говорам за благодатниот подвиг на аскетската умно-срдечна молитва.

Колку повеќе сето ова важи за недостижниот исихастичко-молитвен подвиг што Пресветата Богородица го имала во Светињата на Светињите од старозаветниот Храм. Така, тоа што Архангелот го благовести веќе беше договорено и восогласено меѓу Бог и Приснодева Марија во Нејзиното срце, пред кој било друг да знае. Конкретниот ден само се остварува, се посведочува и се обзнанува во Евангелието – заради нас.

Втора. Јован прв стигнува до Христовиот празен гроб, но не влегува внатре. Петар стигнува подоцна и прв влегува внатре. Обожениот нема потреба да помине низ гробот – затоа што веќе поминал низ смрт и гроб, доживувајќи ги истите преку смртта и погребението на својот возљубен Господ, од Кого не отстапил колкава и опасност тоа да му носело – како што има оној кој е сѐ уште во подвиг

на покајание, односно преумување, т.е. Петар. Покрај тоа, обожениот точно знае што е првенство по чест и му го остава на оној што го има, па дури и само поради тоа го следи и влегува во празниот гроб. Поради тоа и не покажува дека знае нешто повеќе.

И трета. Колку повисока цел си поставува човекот, вообичаено, толку повеќе достигнува. Така и Господ нè повикува кон остварување на највисоката цел: *Бидеше совршени како шшо е совршен вашиош Ошец Небесен* (Матеј 5, 48). Значи, не треба да се задоволуваме само со нашето верување во Господ, туку треба да се стремиме и кон познанието на Бог – за, од опит на заедница со Него, да Го знаеме.

Желбата на Апостолот Тома да ги допре раните на воскреснатиот Богочовек Исус Христос не е неверие, туку природен и спасоносен копнеж на секој човек да Го познае Бог од опит, а не само од просто верување и читање книги. Затоа што, посебно, самото интелектуално знаење за Бог не ни носи сигурно спасение, а најчесто ни носи гордост, поделби и пропаст, додека пак, знаењето на разумот што произлегува од опит на заедницата со Бог ни носи смирение и единство, во Светата Евхаристија на Црквата.

Апостолот Тома со маченишство Го посведочи Христос. Светото Евангелие не е напишано за да ја испитуваме верата на светиот апостол Тома – тоа не е во наша власт, туку да ја испитаме и провериме нашата сопствена вера преку неговиот пример, и да се покаеме – што е во наша власт.

Затоа, Христовите зборови: *и не биди неверен, но верен!* (Јован 20, 27), треба да се споредат со разликата меѓу аскетската и благодатната вера – во која Господ сите нѐ повикува. Аскетската вера се состои во тоа да се принудуваме да веруваме во Бог (*Верувам, Господи, помогни му на моето неверие!* – Марко 9, 24), а благодатната вера е кога од опит на заедница со Него имаме знаење и познание за Него (*Господ мој и Бог мој!* – Јован 20, 28).

И затоа, реченото: *Тома, ти поверува, зашто Ме виде; блажени се оние кои не виделе, а поверувале!* (Јован 20, 29), значи, едноставно, дека оние што не Го виделе Бог од опит, а кои, сепак, ќе останат верни докрај, ќе се спасат – и затоа се блажени, а дека Апостол Тома е свет.

Опитот за кој постојано говориме и овде, а кој го опишуваме како духовно знаење на разумот што произлегува од опит на заедницата со Бог, во нашето срце, е опитот во умно-срдечната молитва. Без овој опит нема благодатна вера, нема просветлување на умот и нема постојано преобразување на човекот до обожение. Темел на овој опит, без што не е можен, е восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме.

Основен копнеж на секоја христијанска душа треба да биде достигнувањето на дарот на умно-срдечната молитва и познанието на Бог од опит. Во ова не постои разлика меѓу мирјани и монаси, свештеници и лаици. Без овој копнеж, потврден на дело, нема православен духовен живот.

## ГОРЕЊЕ НА СРЦЕТО

Дента, по Воскресението Христово, а пред Христос довечерта да им се јави на Своите ученици, се случува уште една интересна средба, која поради своето значење не можеме да ја превидиме:

*Во истиот ден двајца од нив одеа во едно село, по име Емаус, кое беше оддалечено од Ерусалим шеесет стадии; и зборуваа меѓу себе за сите овие настани. И кога разговараа и се запрашуваа еден со друг, Самиот Исус се приближи и одеше со нив; но очите им се замрежија за да не Го познаат. А Он им рече: „Какви се тие зборови што ги разменувате меѓу себе одејќи и зошто сте нажалени?“ Едниот од нив, по име Клеопа, Му одговори и рече: „Единствен туѓинец ли си ти во Ерусалим, та не си разбрал, што се случи во него овие дни?“ И ги праша: „Што?“ Тие Му одговорија: „За Исус од Назарет, Кој беше пророк, силен на дело и на слово, пред Бог и пред сиот народ; како нашите првосвештеници и началници Го предадоа да биде осуден на смрт и Го распнаа; а ние се надевавме дека е Он Оној што треба да го избави Израилот; но и покрај сето тоа, денес е веќе трет ден, откако се случи ова. А и некои жени од нашите нè исплашија; тие биле рано на гробот, и*

*не го нашле телото Негово; и кога се вратија, рекоа дека им се јавиле ангели и дека им кажале дека е Он жив. Отидоа на гробот и некои од нашите и го најдоа истото она како што рекоа жените; но Него не Го виделе“. Тогаш им рече: „О, безумни и тврди по срце, да верувавте во сѐ што рекле пророците! Не требаше ли така да пострада Христос и да влезе во Својата слава?“ Па, како почна од Мојсеј и од сите пророци, им зборуваше што е кажано за Него во целото Писмо. И тие се приближија до селото, во кое одеа; а Он се направи како да сака да продолжи. Но тие Го задржаа, велејќи: „Остани со нас, зашто денот одмина и наскоро ќе се стемни!“ Он влезе и остана со нив. А кога седеше со нив на трпеза, зеде леб, го благослови, го прекрши и им подаде; тогаш им се отворија очите и тие Го познаа; но Он стана невидлив за нив. И си рекоа еден на друг: „Зарем не гореа срцата наши, кога ни зборуваше по патот и кога ни го објаснуваше Писмото?“ Па во истиот час станаа, се вратија во Ерусалим и ги најдоа собрани единаесетте и оние што беа со нив, каде што говореа дека Господ навистина воскреснал и му се јавил на Симон. И тие кажаа за она што им се случи по патот и како Го познаа, кога го прекршувал лебот* (Лука 24, 13–35).

Ем умиление, ем теолошки восхит ни носи мислата дека срцата на Апостолите гореа однатре уште додека Воскреснатиот Христос им говореше по патот, но дека очите им се отворија дури при прекршувањето на лебот. Господ јасно ни ја предочува Светата Тајна Евхаристија (или Литургија),

односно Црквата како единствено место, а и време, како и Заедница на дарот на боговидението и на богопознанието. Затоа, чувствувам потреба овојпат повеќе да се задржиме на односот помеѓу нашето срце и Светата Евхаристија, за да ни стане појасно како се разгорува огнот во него.

Личноста и заедницата, односно личносниот однос со Бог и личносните односи со нашите ближни во Него, се заедничка содржина и онтолошка врска помеѓу срцето и Светата Евхаристија. Поконкретно кажано, во сеопфатната Тајна на Црквата нашето срце станува лично духовно средиште на нашето битие и во аскетско-исихастичка и во литургиско-соборна смисла.

Знаеме од учењето на Светите отци дека Господ Исус Христос од моментот на Светото Крштение преку благодатта на Светиот Дух го зазема средиштето на нашето срце. Но, што конкретно значи тоа дека срцето е лично духовно средиште во аскетско-исихастичка смисла? Сигурно ви е познато едно од, барем за мене, најсилните места во Светото Евангелие: *Лисициӣе имааӣ леїла и ӣӣициӣе небески – їнезда, а Синоӣ Човечки нема каде їлава да ӣоӣслони* (Матеј 8, 20; Лука 9, 58). Со овие зборови, за нас до срж прекорувачки и актуелни, Богочовекот Христос ни потврдува дека човековото срце, како духовно средиште, е единственото место на лична средба помеѓу Бог и човекот; дека само во очистеното, просветлено и обожено срце Господ наоѓа Свој спокој и почивалиште; дека многу малку подвижници во една генерација го достигнуваат дарот

на обожение, на непрестајна умно-срдечна молитва и на гледање на божествената несоздадена светлина.

Што, пак, значи тоа дека срцето е лично духовно средиште и во литургиско-соборна смисла? Заедницата и единството коешто го засноваме ние, православните христијани, низ Светата Евхаристија, причестувајќи се со Христос Бог и во Него меѓу себе, е единство длабоко битијно и благодатно, коешто го ослободува човекот од ограничувањата на времето и на просторот. Така, секој член на Црквата живее, љуби и се спасува со помош на сите членови на Црквата, земни и небесни. Секој од нас живее благодатно и молитвено во сите и заради сите, и сите живеат во секого и заради секого. Тоа е соборниот живот на Црквата, овозможен од благодатта на Светиот Дух Господ. Притоа, животот на секого е негов сопствен живот и личноста на секого е негова сопствена личност, според икона и подобие на единството и личната заедница на нашиот Бог – Света Троица.

Ние живееме во Христос, во Неговото срце, и го живееме Неговиот живот, а Христос живее во нас, во нашето срце, и го живее нашиот живот. Затоа тајната на претходно опишаното наше меѓусебно прозимање и проникнување се случува во нашето срце. И затоа Богочовекот Христос е средиште на нашето средиште, односно средиште на нашето срце и на нашиот живот и постоење.

Он е средиште: на нашето лично битие и на нашата словесност, како Слово на нашиот Творец,

преку Кого сѐ станало; на нашето лично благобитие како Син Божји, Кој го исполни целиот Домострој на спасението на нашиот Отец Небесен; и на нашето лично вечно благобитие во бесконечното Царство и Заедница на Отецот и Синот и Светиот Дух.

Но, оваа тајна ќе им се открие на оние кои ќе ги очистат своите срца: *Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бог* (Матеј 5, 8). Сите останати места во литургискиот текст, на пример од свети Јован Златоуст, во кои непосредно или посредно се спомнува срцето, само го потврдуваат аскетско-исихастичкото и литургиско-соборното значење на срцето на човекот. И сите тие места само од овие два аспекта правилно се сфаќаат и се толкуваат:

„Запали ја во нашите срца, човекољубив Владико, бесмртната светлина на Твоето богопознание“.

„Погледни на мене, грешниот и непотребен Твој слуга, и очисти ги мојата душа и срце од нечестива совест и оспособи ме со силата на Светиот Твој Дух, облечен во благодатта на свештенството, да застанам пред оваа Твоја света Трпеза, и да го свештенодејствувам светото и пречисто Тело Твое и чесната Крв.“

„Господи Боже Седржителу, единствен Свет, Кој ја примаш пофалната жртва од оние што од сето срце Те призиваат, прими ја молитвата и од нас грешните и принеси ја на Твојот свет жртвеник, и оспособи нѐ за нашите гревови и за незнаењата на народот да Ти принесуваме дарови и духовни жртви.“

„Горе да ги имаме срцата.“

„И дај ни со една уста и едно срце да го славиме и воспеваме пречесното и величествено име Твое, на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.“

„Христе, Боже наш, Ти Самиот си исполнување на Законот и Пророците; Ти си го исполнил сиот спасителен Домострој на Отецот; исполни ги [подеднакво толку] со радост и веселба нашите срца, постојано, сега и секогаш и во вечни векови. Амин!“

Дали забележувате што ни недостасува, и во редоследот на претходно спомнатите молитви, и во нивната комплетност, и во нивното толкување, за да ни станат уште појасни и аскетско-исихастичкиот и литургиско-соборниот аспект на нашето срце како лично духовно средиште на нашето битие? Ни недостасува да го објасниме односот помеѓу Светата Тајна Свештенство и умно-срдечната литургиска молитва.

Многупати сум ви зборувал дека принесувањето на даровите на олтарот (на светата Трпеза) од храмот, односно излегувањето на свештеникот во тело пред олтарот, внатрешно духовно соодветствува на излегувањето на умот пред олтарот на срцето – значи, на умно-срдечната молитва и словесната жртва на човековата личност што во срцето на Бог Му се принесува и посветува. Доколку свештенослужителот со својот ум не излегува пред престолот Божји во своето срце, што ако со телото стои пред престолот Божји во храмот? Затоа после Големиот Вход, кога ги предлагаме чесните дарови

на светата Трпеза, втората молитва што ја изговараме после првата е следната: „Според милосрдието Твое, Господи, чини му добро на Сион и нека се возвишат ѕидините ерусалимски. Тогаш ќе Ти бидат угодни жртвите на правдата, приносите и сепалениците; тогаш на Твојот олтар ќе се полагаат телци“. Го молиме Бог да го возобнови ерусалимскиот храм на Сион, односно да ја возобнови чистотата на нашето срце; и да ги возобнови и подигне ѕидините ерусалимски, односно да го просветли нашиот ум, кој како таков нема да дозволи ниту една валкана помисла да влезе во нашето срце – за тогаш да Му бидат угодни нашите молитви принесени од умот во срцето, но и нашата служба при принесувањето на евхаристиските дарови. Во ова се состои и персонално-сотириолошкото значење на севкупниот Домострој на Богочовекот Христос за нашето спасение, доживеан во Светата Тајна Свештенство.

Претпоставувате и самите дека сите соодветни молитви за време на Светата Литургија, оние што се носители на Божјиот дар на умно-срдечната молитва ги изговараат во своето срце. Затоа, кога ќе се сетам на молитвата „Достојно и праведно е Тебе да Ти пееме, Тебе да Те благословуваме, Тебе да Те фалиме, Тебе да Ти благодариме, Тебе да Ти се поклонуваме на секое место од Твоето владеење“, се запрашувам себеси, кој апсурд е тоа за нас, христијаните, да Му го посветиме нашиот живот на Бог и да Му се поклонуваме на Христос секаде и во секое време, а токму таму каде што е најважно тоа да го сториме – во нашите срца – сè уште да немаме пристап!?

Овде повторно се враќаме на нашата болна тема за нашето срце извалкано, затворено и заробено од страстите, како место каде што Синот Човечки нема каде глава да потслони[1]. И бидејќи нашиот ум не може да влезе во затвореното срце и да допре до Синот Човечки, Он престојува таму осамен, гладен, жеден, странец, необлечен, во затвор... заради нашата љубов, заради нас и заради наше спасение. Затоа, за да допреме до Христос и да Му послужиме, уште еднаш ќе се потсетиме дека најнапред треба доволно да го очистиме своето срце од страстите, да го осознаеме местото на срцето, да го откриеме влезот на Царството Небесно внатре во себе[2], и со својот ум смирено да застанеме пред Царот на славата.

После сè што чувме, барем неколку моменти теоретски ни стануваат појасни:

Ни станува појасно дека патот до Бог, како и до срцето на нашиот ближен, минува само преку нашето очистено срце.

Ни станува појасно како нашите Отци и Учители успеваа да го одржат и разгорат духовниот оган во своето срце – и додека се молеа насамо во својата ќелија, непрестајно соединети со својот Господ; и додека молитвено сострадуваа за сите луѓе; и додека се молеа и служеа Литургија за живот на светот; и додека им враќаа со зло оние за чие добро и за чие спасение се молеа и на кои им го продолжуваа времето предвидено за нивно покајание. Тие

[1] Види: Матеј 8, 20; Лука 9, 58.
[2] Види: Лука 17, 21.

знаеја дека ако само еднаш вратат со зло на зло и дека ако само еден човек остане надвор од нивната молитва, огнот во нив ќе се задуши и згаси.

Ни стануваат појасни и зборовите на нашиот Господ и Спасител, Богочовекот Исус Христос: *Јас дојдов да фрлам оган на земјата и колку би сакал да се беше веќе разгорел* (Лука 12, 49).

Ни станува појасно зошто токму во часот кога Господ Исус Христос ја воспоставува Светата Евхаристија[3], во истиот час ја воспоставува и Тајната на умно-срдечната молитва, односно Тајната на молитвата во Неговото Име: *И што и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви го направам, за да се прослави Отецот во Синот* (Јован 14, 13).

[3] Види: Јован 13; 14.

## ОДРЕКУВАЊЕ ОД ОДРЕКУВАЊЕТО

*Потоа пак им се јави Исус на учениците Свои кај Тиверијадското Море. А тоа се случи вака: Беа заедно Симон Петар и Тома, кого го викаа Близнак, и Натанаил од Кана Галилејска, и Заведеевите синови, и двајца други од учениците Негови. Симон Петар им рече: „Ќе одам да ловам риба“. Му рекоа: „И ние ќе дојдеме со тебе“. Тогаш излегоа и веднаш влегоа во кораб, но таа ноќ ништо не уловија. А кога се раздени, застана Исус на брегот, само учениците не Го познаа дека е Исус. Исус им рече: „Деца, имате ли нешто за јадење?“ Му одговорија: „Не“. А Он им рече: „Фрлете ја мрежата од десната страна на коработ и ќе најдете!“ Ја фрлија, и не можеа веќе да ја извлечат од многу риби. Тогаш ученикот, што го сакаше Исус, му рече на Петар: „Господ е“. А Симон Петар, штом чу дека е Господ, си ја препаша облеката – оти беше необлечен, и се фрли во морето. А другите ученици, влечејќи ја мрежата со риби, дојдоа со кораб, оти не беа далеку од брегот, но само околу двесте лакти. Кога пак излегоа на земјата, видоа накладен оган, и на него ставена риба и леб. Исус им рече: „Донесете од рибите што ги уловивте*

*сега!“ А Симон Петар влезе и ја извлече мрежата на земја, полна со крупни риби, на број сто педесет и три; и макар што беа толку многу, мрежата не се скина. Исус им рече: „Дојдете, јадете!“ И никој не смееше да Го праша: „Кој си Ти?“, оти гледаа дека е Господ. Се приближи Исус, зеде леб и им даде, исто така и риба. Ова беше веќе третпат како им се јави Исус на учениците Свои, откако воскресна од мртвите. А кога завршија со јадењето, Исус му рече на Симон Петар: „Симоне Јонин, Ме љубиш ли повеќе отколку овие?“ Петар Му рече: „Да, Господи, Ти знаеш дека Те сакам“. Исус му рече: „Паси ги јаганцата Мои!“ Го праша пак, повторно: „Симоне Јонин, љубиш ли Ме?“ Петар Му кажа: „Да, Господи, Ти знаеш дека Те сакам“. Исус му рече: „Паси ги овците Мои!“ И по третпат му рече: „Симоне Јонин, Ме сакаш ли?“ Петар се нажали дека по третпат го праша: „Ме сакаш ли?“ И Му рече: „Господи, Ти сѐ знаеш; Ти знаеш дека Те сакам“. Исус му рече: „Паси ги овците Мои! Вистина, вистина ти велам: кога беше помлад, сам се опашуваше и одеше каде што сакаше; кога ќе остариш, ќе ги раширишрацете свои, и друг ќе те опаше и поведе на каде што нејќеш“. А ова го рече, за да покаже со каква смрт ќе Го прослави Петар Бог. И штом го кажа тоа, му рече: „Оди по Мене!“*

*А Петар, кога се заврте, виде дека по него оди оној кого го милуваше Исус, и кој на вечерата се беше навалил на градите Негови и рекол: „Господи, кој ќе Те предаде?“ Штом го виде Петар него, Му рече на Исус: „Господи, а овој, пак, зошто?“ Исус му рече: „Ако сакам тој да остане, дури дојдам, тебе што*

*ти е? Ти врви по Мене!" И се пренесе овој збор меѓу браќата, дека тој ученик нема да умре. Но Исус не му рече дека нема да умре, туку: „Ако сакам тој да остане, додека дојдам, тебе што ти е?" Тој е ученикот, кој сведочи за овие настани и ги напиша; и знаеме дека сведоштвото негово е вистинско.*

*А има и многу други работи што ги изврши Исус, и кои, ако би се напишале по ред, ми се чини, не би можеле да се сместат во целиот свет напишаните книги. Амин!* (Јован 21, 1–25).

Многу интересно случување. Крајот е како сеќавање на почетокот; збогувањето како првата средба. Чудесно возобновување на заедницата.

Воскреснатиот Господ, Исус Христос, трипати по ред го прашува Петар дали Го љуби за лично да ги поништи трите негови одрекувања, а тој откако двапати му одговорил: *Те љубам*, третиот пат му одговара со: *Да, Господи, Ти знаеш дека Те љубам*.

Овојпат, Петар се повикува на реалната заедница што ја имаат тие двајцата, на сето тоа што се случува помеѓу нив, што се случува и што ќе се случи. *Ти сѐ знаеш* – значи дека Господ знае од самиот почеток како Петар тргна по Него, како Го исповедаше за Син Божји, како се одрече од Него, како Го љуби, па и како ќе пострада за Него.

Забележливо е дека трикратното прашање за љубов кон Богочовекот е поврзано со трикратна заповед за водство на словесното стадо. Само оној што Го љуби Христос може да биде и духовен водач на верните. Сите други се само наемници со сомнителна лојалност – до првата мака или до првиот прогон.

Такво прашање: *Ме љубиш ли?,* добиваме и ние секојдневно преку секој што ќе го сретнеме на нашиот пат, па и од „најмалиот“. Во најекстремен случај – и од нашите непријатели.

Во суштина, секој напад врз нас од некого (било да е реален или измислен, намерен или случаен) е прашање од истиот тој човек, но и од Христос во исто време (зашто е поистоветен со секој човек) – *Ме љубиш ли?* И ние сме повикани да одговориме потврдно на прашањето: „Дали ме љубиш?“, односно на нападот да одговориме со невозвраќање, трпение и љубов.

Ова е глава на сите заповеди! Ова е најконкретниот пат – смирената љубов кон ближниот; според сите сили да се трудиме да љубиме, а сепак да мислиме за себе дека не сме направиле ништо посебно.

Значи, не смееме да си го труеме православниот духовен подвиг и живот со нељубов, омраза, злопамтење и сл. Не смееме да се предаваме на некои од тие гревовни чувства, помисли, зборови или дела. Мораме да се бориме. Нека има и паѓање, но борба мора да постои. Не смееме да се откажеме.

Ако со ближните градиме однос заснован на интерес, во случај на некое непријателство или на повреда што би ни ја нанел ближниот, сигурно би одговориле на ист начин – со нељубов. Затоа, да љубиме без да бараме нешто за возврат! Нема љубов без слобода, ниту слобода без љубов. Затоа љубовта е давање, а не барање. Оној што бара нешто од другиот ја губи слободата. И љубовта.

На нашиот ближен треба да му даваме предност во сè; да го љубиме така како што Христос нас нè

љуби: *да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив* (Јован 13, 34); да простуваме како што и Христос нам ни простува и да му даваме предност, не само овде на земјата, туку и на небото да биде прв пред нас – дотолку треба да љубиме.

И уште нешто. Сите ги знаеме двете најголеми Христови заповеди: првата – *возљуби Го Господ, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, и со сиот свој разум*; и втората – *возљуби го својот ближен како себеси*[1]. Овие две заповеди ја даваат аскетско-исихастичката основа на која се крепи целокупниот православен духовен живот во Христос. Еве и зошто:

Најбитно е енергијата на нашиот ум, преку молитвата, да ја насочиме кон Едниот Вистински Бог – Отецот и Синот и Светиот Дух. Ако не ја насочиме кон Бог, тогаш речиси сигурно, без оглед на намерата, ја насочуваме кон демоните или кон останатата словесна и бесловесна твар. Така, секој нека се преиспита и нека си одлучи со кого ќе влезе во комуникација преку насочувањето на енергијата на својот ум – со создадената словесна и бесловесна твар, или со несоздадената енергија Божја. Последиците се апсолутно различни. Со претходно опишаното дејство може да се исполни првата Божја заповед: *Возљуби Го Господ, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, и со сиот свој разум* (Матеј 22, 37).

Ништо помалку битно е истата енергија и при секундарната функција на умот – како разум, да

[1] Види: Матеј 22, 37; 39.

биде правилно насочена. Сите сме поставени пред следниот избор: дали ќе ја насочиме кон исполнување на Божјите заповеди или ќе ја насочиме кон задоволување на нашите страсти. Навидум едноставен е и вториот избор, но во суштина зависен е од првиот. Со претходно опишаното дејство може да се исполни втората Божја заповед: *Возљуби г̄о својот̄ ближен како себеси* (Матеј 22, 39).

Битно е да запамтиме дека: колку повеќе преку исполнување на заповедите Го познаваме Бог, толку попрецизно и посилно молитвено ја насочуваме енергијата на нашиот ум кон Него. И обратно. Едната без другата заповед е невозможно да се исполнат.

Заповедта за љубов кон ближните не ги исклучува ни непријателите; напротив, љубовта кон непријателите е единствената прецизна мерка и критериум за љубовта кон Бог и кон секој човек. Со други зборови, колку го љубиме оној што ни прави зло, толку ги љубиме и Бог и својот ближен – ни помалку, ни повеќе.

Да не се лажеме себеси – оној што ја има љубовта како дар на благодатта на Светиот Дух не може истовремено и да мрази. Нема тука место за обичните човечки чувства, каде што некого љубиме, а некого мразиме. Затоа и ви велам, целта на демонот е во ближниот да гледаме непријател, да вратиме на злото со зло и да останеме без благодатта на Светиот Дух; а притоа, уште да мислиме и дека сме побожни и дека на Бог Му принесуваме жртва.

## ИСЦЕЛЕНИЕ НА УМОТ

Што се однесува до бројот на уловените риби[1]. Не сум се интересирал многу што тој значи. Дури и мислам дека ретко кој знае. Значи, мислам дека и јас не сум од тие ретките. Но, сепак имам нешто да кажам за тој број.

Иако мислам дека не знам што значи бројот сто педесет и три, сепак сигурно е дека го знам патот по кој би дошле до неговото значење. А бидејќи Богочовекот Христос е и Пат и Живот и Вистина[2], чујте за патот, а тој сигурно ја содржи вистината или барем дел од неа:

Некои луѓе стварно имаат проблем со својот разум. Нивниот разум не е духовен. И тоа е очигледно. Патем, едно е духовен, а сосем друго интелектуален разум; самите ќе разберете понатаму. Како настанува проблемот со разумот?

Во Евангелието читаме: *Оттогаш почна Исус да проповеда и да говори: „Покајте се, зашто се приближи Царството Небесно!“* (Матеј 4, 17).

Покајанието, во суштина, е преумување; кога нашиот ум од горд, расеан и затемнет, во содејство

---

[1] Види: Јован 21, 11.
[2] Види: Јован 14, 6.

со Божјата несоздадена благодат, се преобразува во смирен, собран и просветлен; како и кога се здобиваме со духовен разум.

Како што спомнав претходно, нашиот ум има една енергија со која врши две функции: примарна и секундарна. При примарната функција, умот ја насочува својата енергија кон Бог, а при секундарната функција ја носочува својата енергија кон созданието.

Примарната функција на умот човекот ја користи за комуникација – за однос и заедница со Бог. Секундарната човекот ја користи за комуникација со тварта, со созданијата: таа се нарекува разум.

Секундарната функција на умот – разумот, пак, функционира правилно само доколку правилно функционира и примарната функција, т.е. доколку Божјата обожителна енергија и светлина се соедини со кон неа насочената човечка енергија, при вршењето на примарната функција на умот, и кога при тоа енергетско соединување човечката енергија биде преобразена и просветлена.

Ова е состојба на просветлување на умот и крај на дуализмот во човекот; крај на внатрешната подвоеност и на чувството на отцепеност од овој свет; и крај на пресудното влијание на светот врз енергијата на нашиот ум (разум).

Со прости зборови, само просветлен ум (разум), преку умно-срдечната молитва, во Црквата, може правилно да расудува и во комуникацијата со Бог и со овој свет и неговите појави.

Сега, разумот кој не е духовен, т.е. кој не е просветлен, ја следи состојбата на својот ум – тој е

затемнет, расеан и горд; шизофреничен и параноичен. Гордиот разум не се потпира на Бог и на верата и довербата во Бог, туку се потпира на многуте информации, на себе и на своето размислување. Гордиот разум е надвор од послушание и затоа е постојано гладен за нови информации.

Од друга страна, гордиот, расеан и затемнет разум нема просветленост преку која би ја препознавал вистинитоста или лажноста на информациите, и затоа уште повеќе се збркува и затемнува, а човекот страда во параноја.

За греота се луѓето со непросветлен разум – какви што се религиозните социопати, посебно во тешки времиња – како нашето: ем самите страдаат, ем други побркуваат. Наместо еднаш, таквите ја преживуваат апокалипсата секој ден.

# ВОЗНЕСЕНИЕ ВО ПЕДЕСЕТНИЦА

*Тогаш им го отвори умот за да ги разбираат Писмата, и им рече: „Така е напишано и така требаше да пострада Христос и да воскресне од мртвите на третиот ден, и да биде проповедано во Неговото име и покајание и простување на гревовите кај сите народи, почнувајќи од Ерусалим; а вие сте сведоци за ова. И ете, Јас ќе го испратам врз вас ветувањето од Мојот Отец; а вие останете во градот Ерусалим, дури не се облечете во сила одозгора“. И ги изведе надвор во Витанија, па кога ги подигна рацете, ги благослови. И кога ги благословуваше, се оддели од нив и се вознесе на небото; тие Му се поклонија и се вратија во Ерусалим со голема радост. И беа постојано во храмот, каде што Го прославуваа и благословуваа Бог. Амин!* (Лука 24, 45–53). *А ова Го рече за Духот, Кого ќе Го примат оние кои веруваат во Него; оти Светиот Дух уште не им беше даден, бидејќи Исус уште не беше прославен* (Јован 7, 39).

Претходната евангелска реченица ме инспирира да кажам збор-два за Вознесението на Богочовекот Христос и за симнувањето на Светиот Дух Господ на Апостолите, за овој неразделив настан

во севкупниот Домострој на Бог и Отецот за нашето спасение.

Ако Синот Божји не се симнеше на земјата меѓу нас, воплотувајќи се од Светиот Дух и Дева Марија (со Нејзина слободна и љубовна согласност), и ако не станеше Човек, и ние не ќе можевме во Малиот Вход од Светата Литургија на Црквата да се вознесеме и да застанеме пред престолот Божји. Ако Он не се крстеше, и ние не ќе можевме да умреме за гревот и да бидеме живи за Бог, во Него. Ако Он не ја проповедаше Својата Блага Вест за Царството Божјо, и ние не ќе можевме на Светата Литургија на Црквата да го читаме и проповедаме Неговиот Нов Завет. Ако Он не се жртвуваше на Крстот за нас и наше спасение, и ние не ќе можевме во Големиот Вход од Светата Литургија да се принесеме самите себе и целиот наш живот на светиот престол Божји преку Даровите што ги принесуваме на него, за Бог и Отец да ни ги врати како Свој живот во Телото и Крвта Христови.

И ако Он не се вознесеше и не седнеше оддесно на Отецот, и Светиот Дух не ќе се симнеше на Апостолите, а преку нив и преку Светите отци и на нас до денес – во Црквата, ниту пак, Второто Христово Пришествие и Страшниот Суд ќе беа *веќе и уште не*. А ако, пак, Светиот Дух не се симнеше на нас, никакво значење немаше да има за нас сето она што Богочовекот Христос го направи за нашето спасение.

Но, последната реченица е само теологизирање, претпоставка, за подобро да го разбереме значењето на симнувањето на Светиот Дух. И навистина,

Светиот Дух Господ посебно се симна на светите Апостоли во собранието на Црквата – која на тој начин стана Тело Христово, чија Глава е Христос, и во Светата Литургија на Црквата ни овозможи, и секојпат повторно ни овозможува, да станеме учесници во севкупниот Светотроичен Домострој на нашето спасение – од Отецот, низ Синот, во Светиот Дух. И само Црквата го овозможува ова спасително Богочовечко содејство, а со тоа и остварувањето на вистината за човекот кој е создаден според образот и кој треба да го достигне подобието Божјо.

Симнувањето на Светиот Дух, покрај неговото светотаинско и соборно-лично значење за нас, има и длабоко лично-соборно, односно внатрешно значење за нас. Без лично, во Светото Крштение, да Го примиме во Црквата Светиот Дух, ниту срцето наше ќе стане наш духовен центар, ниту ќе знаеме за местото на срцето, ниту исцелениот наш ум – односно енергијата на нашиот ум соединета со својата суштина во срцето – ќе може молитвено да се просветлува, престојувајќи во благодатта на Светиот Дух, ниту ќе можеме да Му служиме на Бог на олтарот од нашето срце, ниту ќе можеме целата Црква да ја видиме собрана во нашето срце, ниту ќе можеме да ја видиме несоздадената светлина Божја, ниту од нашата утроба (срце) ќе потечат реки од вода жива, та да можат и нашите ближни да ја угасат својата духовна жед.

На ова место се присетив на Христовите зборови: *Јас сум Светлина на светот; кој врви по Мене, нема да оди во темнина, а ќе има светлина во животот* (Јован 8, 12). А врват по Него оние кои

ги исполнуваат Неговите заповеди. Оние кои своето срце и својот ум ги хранат со добри дела, во послушание на својот духовен отец. Оние кои не мислат за себе дека се подобри од кој било друг. Оние коишто вината за сè ја гледаат само во себе. И врват по Него оние коишто начинот на својот подвиг го восогласиле со степенот на духовната возраст на кој се наоѓаат. Сите тие ќе имаат светлина во животот.

## МОЛИТВА ВО НЕГОВО ИМЕ

*Ништо и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви го направам, за да се прослави Отецот во Синот* (Јован 14, 13).

Да се вратиме малку и на оваа тема.

Апостолите го почитувале и го исполнувале овој спасоносен совет Христов. Како што гледаме од Делата Апостолски, тие со божественото име на Господ Исус Христос веќе чинеле големи чуда: исцелувале неизлечиви болни, воскреснувале мртви, им заповедале на бесовите, изгонувајќи ги од луѓето опседнати со нив. Исполнети со Светиот Дух, без однапред да се подготват, просветлени одговарале, сведочејќи пред судиите пред коишто биле обвинувани.

Запрашани и испитувани од Синедрионот: *Со каква сила и во чие име го направивте ова?,* преку Петар, исполнет со Светиот Дух, го дале одговорот: *Нека ви биде познато на сите вас и на сиот народ израилски, дека во името на Исус Христос Назареецот, Кого вие Го распнавте, а Кого Бог Го воскресна од мртвите, овој стои пред вас здрав.* (...) *Зашто, под небото нема друго име дадено на луѓето, со кое би можеле да се спасиме* (Дела 4, 7; 10–12).

Сето ова е запишано во Новиот Завет и во житието на светиот апостол Петар.

Сите овие чуда Апостолите ги правеле, пред сѐ, откако ја почувствувале чудесната сила на името Исусово во своето срце. А и не може поинаку, бидејќи овие два дара – умно-срдечната молитва и творењето чуда – се неразделно поврзани.

Кога говориме за умно-срдечната молитва, мислиме на кратката молитва која се содржи од зборовите: „Господи Исусе Христе, помилуј ме!“ Оваа кратка молитва може да се изговара и со два-три збора повеќе или помалку. Суштината на молитвата е во непрестајното и нерасеано пребивање на умот во Бог, во заедница со Него.

Токму заради тоа умот да може полесно да се собира и да пребива во зборовите што ги следи, при молитвата се користат мал број зборови кои постојано се повторуваат. Според учењето на Светите отци, многуте зборови го расејуваат умот.

Умно-срдечната молитва е дар Божји што го добиваат оние кои го очистуваат своето срце од страстите. Препознатлив знак за ова е пројавата на благодатта на Крштението во очистеното срце. Само таа благодат може да го привлече умот, да му го покаже местото на срцето и да го држи собран во молитвата таму. Она што Бог на крајот му го дарува на подвижникот е непрестајната умно-срдечна молитва и гледањето на несоздадената божествена светлина.

Затоа свети Никифор Исихаст, заедно со Светите отци на Црквата, во рамките на севкупното

лично покајание, како и милосрдие кон страдалните, инсистира на овој подвиг, велејќи:

„Ако, пак, брате, и по многу труд не успееш да навлезеш во пределот на срцето, како што ти кажав, направи вака, како што ќе ти кажам понатаму, и со Божја помош ќе го најдеш бараното. Ти знаеш дека внатрешното слово на секој човек се наоѓа во неговите гради [срце]. Зашто, внатре во градите, кога молчат нашите усни, ние разговараме со себе и твориме молитва, и псалми пееме или друго кажуваме. Така, со внатрешното слово, изгонувајќи од него секаква помисла (зашто можеш, ако сакаш), кажувај си ја кратката молитва *Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме!* – и принуди се, наместо каква и да е помисла, само таа секогаш да плаче внатре. Ако продолжиш да го вршиш ваквото дело непопустливо и со сето внимание, со време ќе ти се отвори преку ова и влегувањето во срцето, за кое ти пишував, без секакво сомнение, како што и ние самите од опит сме познале“[1].

Битно е да знаеме, како што видовме и кај свети Никифор, дека внатрешното слово со коешто ја кажуваме кратката молитва извира од срцето и дека нашето внимание треба да го насочиме кон изворот на внатрешното слово[2].

Што, всушност, се случува внатрешно при оваа молитва? Престојувајќи во овој подвиг, ние прво ја чистиме и преобразуваме енергијата на умот од сите демонски помисли и лаги, а притоа незабележ-

---

[1] *За молитвата*, Табернакул, Скопје, 2001, стр. 57.
[2] Види: Марко 7, 20–23.

ливо се чисти и преобразува суштината на умот во срцето.

Ако човек продолжи да постапува на овој начин, најпрво ќе му се појави некакво чувство во околината на срцето; потоа тоа чувство ќе се претвори во топлина на срцето, а штом се појави топлината, таа самата ќе го привлекува нашето внимание кон срцето. Но, оваа топлина не е духовна појава сѐ уште, туку е последица на собирањето на умот со внимание на зборовите од молитвата.

Кога, еден ден, суштината на умот и духовното срце доволно ќе се очистат и преобразат, тогаш самата благодат на Крштението ќе се пројави од срцето и подвижникот самиот ќе го познае местото на срцето, а енергијата на умот со многу мал напор ќе ја задржи во својата суштина и во Бог, затоа што енергијата природно си тежнее кон својата суштина и кон Бог.

За понатаму, еве што вели свети Григориј Палама: „Оној што ја прекинал секоја врска на својата душа со земното, кој од сѐ се ослободил преку запазувањето на заповедите и кој се здобил со бестрасност [чистота] на тој начин, и кој се возвишил над секое познајно дејствување преку непрестајна, чиста и невештествена молитва, оној што во несфатливо соединување е преизобилно просветлен со непристапната светлина – само тој, станувајќи светлина и преку светлината обожувајќи се, гледајќи ја светлината во созерцание и вкусувајќи ја таа светлина, вистински ја спознава Божјата натприродност и надумност и повеќе не Го прославува

Бог само со мисловната сила на својот ум (т.е. на човечки начин)..., бидејќи тоа натприродно соединување е единствениот начин на кој умот, во божественото последување на наднебесните умови, се соединува со она што е одандестрано на умнодостижното“[3].

Тајната на есхатолошките димензии на срдечната молитва е тајна на созерцанието на божествената Светлина. „Бог“, пишува свети Григориј Палама, „во Својата преизобилна добрина кон нас, Трансцендентен во однос на сите нешта, Непоимлив и Неискажлив, станува причесен и видлив за нашиот ум, невидливо снисходејќи со Својата натсуштествена и неодолива енергија“[4].

И уште една забелешка на Христовите зборови: *И што и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви го направам, за да се прослави Отецот во Синот* (Јован 14, 13).

Богочовекот Исус Христос воспоставува, за нас, духовно правило да бараме од некого нешто душеполезно во име на некој што неизмерно му значи. Нема ли Он Самиот прв да го почитува? Затоа, што и да посакаме од Него во име на Неговата Мајка, ќе ни исполни, за да се прослави и Мајката во Синот. И така секој Божји дар преку Неа го добиваме. Што мислите, како се случија многуте чуда во нашиот живот?

---

[3] Свети Григорије Палама, *Слова у одбрану светих исихаста*, Тријада 2, 3, 57, Беседа, Нови Сад, 2012, стр. 387–388.
[4] Свети Григорије Палама, *Слова у одбрану светих исихаста*, Тријада 1, 3, 10, Беседа, Нови Сад, 2012, стр. 139.

## АПОСТОЛСКИ ДЕЛА

Останатиот дел е повеќе историја и тука ќе се послужиме со житието на светиот апостол Петар. Таму стои: „По вознесението на нашиот Господ Исус Христос, свети Петар, како врховен меѓу рамните на него Апостоли, бил првиот учител и проповедник, и за еден час стекнал за Црквата Христова до три илјади души[1].

Покрај тоа, тој се покажал и како извонреден чудотворец: оти, влегувајќи во храмот со свети Јован на молитва, тој здогледал еден човек, кој бил сакат од раѓање, поставен покрај вратата на храмот, која се викала Красна. *Штом ги виде тој Петар и Јован, кога сакаа да влезат во храмот, и од нив зароси милостина. А Петар погледна кон него со Јован и му рече: „Погледај нè!“ И тој ги гледаше настојчиво, надевајќи се од нив нешто да добие. Но Петар рече: „Сребро и злато јас немам, а – што имам, тоа ти давам – во името на Исус Христос Назареецот стани и оди!“ И како го фати за десната рака, го исправи и веднаш му се зацврснаа стапалата и глуждовите; и штом скокна, застана и прооди, и влезе во хра-*

[1] Види: Дела 2, 14–41.

*мот заедно со нив, скокајќи и фалејќи Го Бог.* (...) *А мнозина од оние што го слушаа словото, им поверуваа; бројот на луѓето достигна до пет илјади* (Дела 3, 1–8; 4, 4).

Жителите на Ерусалим, Ананиј и Сапфира, умреле после зборовите изговорени од Петар, поради светотатство[2] и лажење на Светиот Дух[3]. Во Лид, Петар наишол на човек по име Енеј, кој веќе осум години лежел фатен на одар, и го исцелил со збор, велејќи му: *Енеј, тебе те исцелува Исус Христос!* (Дела 9, 34). Во Јопа тој ја воскреснал умрената девојка Тавита[4].

Но не биле само рацете и зборовите на светиот апостол Петар чудотворни, туку и самата негова сенка давала исцеление, така што ги изнесувале болните по улиците, ги поставувале на постели и носилки, за кога ќе поминел Петар, барем сенката негова да осени некој од нив[5].

А кога царот Ирод подигнал рака да ја мачи црквата на верните во Ерусалим, тој, откако го погубил братот на Јован со меч, го фатил свети Петар, го оковал во железни синџири и го фрлил во темница. Но ангел Господов ноќта му ги симнал оковите и го извел од темницата[6].

Овој врховен Апостол прв им ја отворил вратата на верата на незнабошците, крстејќи го во Ќесарија римскиот стотник Корнилиј, откако прет-

[2] Светотатство – крадење црковни предмети.
[3] Види: Дела 5, 1–10.
[4] Види: Дела 9, 36–42.
[5] Види: Дела 5, 15.
[6] Види: Дела 12, 1–10.

ходно имал видение, во кое го видел небото отворено и сад како се симнува од небото, полн со четвороножни животни, ѕверови, лазачи и птици небески, и слушнал глас, кој му наредувал сето тоа да го заколе и да го изеде, и да не го смета за нечисто тоа што Бог го очистил. Ова видение било знак за обраќање на незнабошците кон Христос[7].

Свети апостол Петар го изобличил Симон магот, Самарјанинот, кој лицемерно примил Свето Крштение и сакал за пари да купи дар на Светиот Дух, велејќи му на магот: *Среброто твое нека загине заедно со тебе, зашто помисли дека дарот Божји се добива за пари. Ти немаш дел ниту учест во тој дар, бидејќи срцето твое не е право пред Бог. Туку покај се за оваа зла мисла и помоли Му се на Бог за да ти се прости помислата на срцето твое – ако е можно; бидејќи те гледам исполнет со горчлива жолчка и во окови од неправда* (Дела 8, 20–23).

Овие и многу други дела на светиот апостол Петар се опширно опишани во Евангелието и во Делата Апостолски, кои постојано се читаат во црквите. Затоа, нема потреба овде да се изложува од Светото Писмо сето она што се однесува на светиот апостол Петар. Тоа треба да им е добро познато на сите христијани.

За подоцнежните, пак, малку познати, благовеснички подвизи на светиот апостол Петар, свети Симеон Метафраст го кажува следното:

Од Ерусалим, свети Петар дошол во Ќесарија

[7] Види: Дела 10, 1–48.

Стратониска[8]. Таму поставил за епископ еден од презвитерите кои го следеле. Оттаму отишол во Сидон[9], каде што исцелил многумина и поставил епископ. Потоа заминал за Вирит[10], и таму поставил епископ.

Потоа отпатувал во Вивла; оттаму во Трипол Финикиски[11], каде што престојувал кај еден умен човек Марсон, кого и го ракоположил за епископ на верните од тој град. Од Трипол тој отишол во Ортосија, потоа во Антарда, потоа на островот Арадос, па во Валанеј, Понт и Лаодикија[12]. Во Лаодикија, тој исцелил многу болни и им поставил епископ.

Од Лаодикија, свети Петар отпатувал во сирискиот град Антиохија[13], каде што Симон магот се криел од војниците, испратени од римскиот цар Клавдиј[14] за да го фатат. Кога дознал за доаѓањето на светиот апостол Петар, Симон побегнал во јудејските градови. Во Антиохија свети Петар исцелил многу болни, и по проповедта за Едниот Бог во Три Лица, тој поставил епископи: Маркијан за Сиракуза на Сицилија[15] и Панкратиј за Тавромениjа[16].

---

[8] Ќесарија Стратониска е исто што и Ќесарија Палестинска.
[9] Сидон – финикиски град на обалата на Средоземното Море.
[10] Вирит или Берит – финикиски град од дамнина познат како средиште на просветата и образованието: денес – Бејрут, важен трговски центар.
[11] Вивлос, Трипол – градови во Финикија.
[12] Лаодикија – главен град на малоазиската област Фригија.
[13] Антиохија – главен град во областа Сирија, на источната обала на Средоземното Море.
[14] Клавдиј царувал од 41 до 54 година.
[15] Сицилија – голем остров во Средоземното Море, составен дел на Италија.
[16] Тавромениjа – важен град на источната обала на Сицилија.

Од Антиохија, свети Петар отпатувал за Тијана Кападокиска[17], оттаму во Анкира Галатиска[18], во која со молитва воскреснал мртовец, и устроил цркви, многумина огласил и покрстил и им поставил епископ.

Од Анкира заминал во Синоп Понтиски[19], а оттаму во Амасија, која се наоѓала среде Понтиската земја. Потоа отпатувал за Гангар Пафлагонски[20], па во Клавдиопол Онорријатски, оттаму во Никомидија Витиниска[21], и потоа во Никеја[22]. Со намера да оди во Ерусалим за празникот Пасха, тој од Никеја тргнал назад, дошол во Писинунт, па оттаму во Кападокија и Сирија.

Откако повторно ја посетил Антиохија, тој најпосле пристигнал во Ерусалим. За време на престојот во Ерусалим, него го посетил светиот апостол Павле, три години по своето обраќање во Христос, како што самиот кажува во Посланието до Галатјаните: *А на три години потоа отидов во Ерусалим за да се видам со Петар, и останав при него петнаесет дена* (Гал. 1, 18).

---

17 Кападокија – малоазиска област на границите на Ерменија и Киликија.

18 Галатија – покраина во Мала Азија, на запад се граничела со Фригија, а на југ со Ликаонија и Кападокија, на исток со Понт, на север со Витинија и Пафлагонија.

19 Понт – североисточна област во Мала Азија.

20 Пафлагонија – дива планинска област во северниот дел на Мала Азија.

21 Витинија – област во Мала Азија, која на север се граничи со Мраморно Море.

22 Никеја – град во Витинија; некое време бил напреден трговски град, па дури и резиденција на царевите. Во историјата на Црквата е познат по тоа што во него се одржани Првиот (325 г.) и Седмиот Вселенски собор (787 г.).

Откако ги уредил црковните закони во текот на тие денови, блажениот Павле заминал таму каде што бил повикан, а свети Петар повторно ја посетил Антиохија, каде што го поставил епископот Еводиј. Од Антиохија отпатувал во Синад, фригиски град[23], а оттаму во Никомидија[24], во неа го поставил епископот Прохор, кој и како епископ го следел свети Јован Богослов.

Кога дошол од Никомидија во Илион, хелеспонтски град, светиот Апостол таму за епископ го поставил стотникот Корнилиј, па се вратил во Ерусалим. Таму на свети Петар во видение му се јавил Господ Христос, Кој му рекол: ’Стани, Петре, и оди на Запад, бидејќи е потребно Запад да го просветлиш со својата светлина, и Јас ќе бидам со тебе‘.

Во тоа време, Симон магот веќе бил фатен од страна на војниците, кои го гонеле, и бил доведен во Рим, за да прими казна за своите дела. Но, тој таму со својата волшебничка вештина им ги помрачил умовите на многумина, и така ги измамил, така што не само што не добил казна, туку многумина почнале да го сметаат и за бог. Овој претеча на сатаната толку го занел со своето волшебништво самиот ќесар Клавдиј, што била излеана негова статуа и била поставена меѓу двата моста на Тибар со натпис: ’На Симон, светиот бог‘. За тоа подробно пишуваат свети Јустин[25] и свети Иринеј[26].

---

[23] Фригија – област во Мала Азија; просветена од светиот апостол Павле.

[24] Никомидија – град во Витинија.

[25] Светиот маченик Јустин Философ се празнува на 1/14 јуни.

[26] Свети Иринеј Лионски се празнува на 23 август/5 септември.

А ние, вели свети Симеон Метафраст, да се вратиме на нашата тема. Великиот Петар ги известил браќата за видението на Господ, се простил со нив, па тргнал во Антиохија, посетувајќи ги црквите. Во Антиохија тој го затекнал светиот апостол Павле. Таму тој ги поставил епископите: Урван во Тарс[27], Епафродит во Левкија Адријатска, Апелиј, братот на Поликарп[28], во Смирна и Фигел во Ефес. За Фигел велат дека, скршнувајќи од вистинскиот пат, му пристапил на Симон, но се покајал.

Од Антиохија, Петар дошол во Македонија, каде што, исто така, поставил епископи: Олимп на Филипјаните[29], Јасон на Солуњаните и Сила, ученикот на светиот апостол Павле, на Коринтјаните. Откако во Патра за епископ го поставил Иродион, свети Петар отпловил за Сицилија и дошол во Тавроменија, каде што накусо се задржал кај Панкратиј. Таму тој огласил и крстил некој Максим, кого го поставил за епископ, и допатувал во Рим.

Во Рим, светиот апостол Петар на плоштадите и по домовите секојдневно Го проповедал Едниот Бог Отец сесилен, и Едниот Господ Исус Христос, Синот Божји, вистински Бог од вистинскиот Бог, и Едниот Свет Дух, Господ животворен, и привел

[27] Тарс – град во малоазиската област Киликија.

[28] Свети Поликарп – епископ Смирненски, се празнува на 23 февруари/7 март.

[29] Град Филипи – во Македонија, покрај реката Стримон, недалеку од Егејското Море; бил еден од најзначајните градови во Македонија, поради што авторот на Делата Апостолски го нарекува „прв“. Црквата во Филипи ја основал светиот апостол Павле за време на своето второ патување; упатил и посебно послание до Филипјаните.

многумина кон Христовата вера, и ги избавил од идолопоклоничката заблуда со Свето Крштение.

Кога го видел сето тоа, Симон маѓепсникот не сакал да молчи и да ја крие својата злоба против него, бидејќи проповедта на Апостолот ја сметал за свој срам, со која се загрозувала неговата слава. Затоа, маѓепсникот започнал отворено да го попречува учењето на Апостолот со своите лажни зборови и дела, бесрамно среде градот противречејќи му на свети Петар.

Симон магот пред народот создавал некакви привиди; и пред него и зад него оделе некакви привиденија, за кои тој на народот му говорел дека тоа се душите на умрените; и покажувал воскреснати од мртвите како му се поклонуваат нему како на бог; и правел сакатите да проодуваат и да скокаат.

Но сето тоа не било реално, туку привидно, слично на митолошкиот Прометеј, кој преземал разни облици на себе: некогаш се јавувал со две лица, потоа, по кратко време, се претворал во коза и во змија и во птица, па потоа се вподобувал на оган; со еден збор, преземал на себе разни облици, лажејќи ги наивните. Меѓутоа, доволно било великиот Апостол Господов само да погледне на Симоновите магии, па сите негови привиди веднаш да исчезнат.

За борбата на светиот апостол Петар со Симон маѓепсникот – сè до неговата смрт, покрај Метафраст, *Пролоїоӣ*, говорат и *Великиӣе Минеи*“. Тој дел ќе го прескокнеме.

„Кога царот Нерон[30] дознал за срамната смрт на својот пријател, Симон маѓепсникот, силно се разгневил на свети Петар и сакал да го убие. Но, како што кажува свети Метафраст, својата зла намера разјарениот цар не ја извршил веднаш, туку по неколку години.

Оти, по смртта на Симон маѓепсникот, свети Петар не останал долго во Рим; откако многумина обратил и ги просветлил со Свето Крштение, откако ја утврдил црквата и го поставил Лин за епископ на Рим, тој отпатувал во Таракина[31], каде што за епископ го поставил Епафродит (не гореспомнатиот, туку друг). Потоа отишол во Сирмија, град во Шпанија, и таму за епископ го ракоположил Епенет. Оттаму отпатувал во африканскиот град Картагена, каде што за епископ го поставил Крискент. Кога дошол во Египет, тој во него поставил епископи: на седмовратната Тива – Руф, а на Александрија – евангелистот Марко.

Потоа, по откровение, тој отишол во Ерусалим, заради Успението на Пречистата Дева Марија Богородица, па повторно се вратил во Египет. Откако ја поминал Африка, тој дошол во Рим, оттаму во Медиолан, па во Фотикин, насекаде поставувајќи епископи и презвитери.

Потоа отпатувал во Британија[32] и поживеал

---

[30] Нерон царувал од 54 до 68 година.

[31] Таракина или Таракон – древна иберска населба на источното приморје во Шпанија.

[32] Под името Британија првобитно се подразбирале сите острови на север од Галија помеѓу Германско Море и Атлантскиот Океан. Британија најпрво се нарекувал најголемиот дел од тие острови, кои домородците ги нарекувале Албион.

долго време таму, приведувајќи многу народ кон Христовата вера. Во Британија, на свети Петар му се јавил ангел Божји и му рекол: ’Петре, се приближи времето на твоето заминување од овој живот. Затоа треба да одиш во Рим; таму ќе поднесеш крсна смрт и ќе добиеш праведна награда од Христос Господ‘.

Заблагодарувајќи Му на Бог за тоа, свети Петар се задржал уште неколку дена во Британија, утврдувајќи ги црквите и поставувајќи епископи, презвитери и ѓакони.

Во дванаесеттата година од Нероновото владеење, тој допатувал во Рим и како помошник во црковната управа го поставил Климент за епископ, иако тој се противел, не сакајќи таков јарем. Но, советуван од светиот Апостол, Климент, како послушен син, ја преклонил својата глава под Христовиот јарем и заедно со својот учител и со останатите свештени мажи го ширел словото Божјо.

И многу високородни и значајни мажи и жени во Рим се просветлувале со верата и Светото Крштение.

Кај царот Нерон имало две жени со извонредна убавина, кои тој ги сакал повеќе од сите останати негови наложнички. Откако ја примиле светата вера, тие сакале да живеат целомудрено и не сакале да се покорат на похотните желби на царот. А тој, најбесрамен и ненаситен похотливец и блудник, се разгневил поради тоа на целата црква на верните, особено на Апостолот Петар, како виновен за обраќањето на тие жени кон Христос и кон целомудрениот живот (притоа си спомнал и за смрт-

та на својот љубен пријател Симон маѓепсникот), и почнал да го бара свети Петар за да го убие.

Додека го барале свети Петар за да го убијат, верниците го молеле да се сокрие и да замине од Рим заради полза на многумина. Светиот Апостол никако не се согласувал со тоа, сакајќи попрво да пострада и да умре за Христос; но верниците со плач го молеле Апостолот да го сочува својот живот, толку потребен на Светата Црква, загрозена од брановите на опасноста среде неверници. Принуден од солзите на целото свое словесно стадо, свети Петар ветил дека ќе се оддлечи од градот и ќе се сокрие.

И следната ноќ, откако се простил со сите по соборната молитва, тој тргнал сам од градот. И кога бил кај градската порта, тој Го здогледал Господ Христос како оди кон градот и, откако Му се поклонил, го прашал: 'Каде одиш, Господи?' Спасителот му одговорил: 'Одам во Рим, за да бидам повторно распнат'.

Поразен, Апостолот сфатил дека неговото бегство од Рим не Му е угодно на Господ, и дека Господ Исус Христос, страдајќи во Своите слуги, како со вистински членови од Своето тело, сака и во неговото тело да пострада во Рим. Затоа тој се вратил кај верниците и бил фатен од војниците.

Свети Метафраст вели дека свети Петар не бил фатен сам, туку со моноштво верници, меѓу кои биле Климент, Иродион, Олимп; сите нив мачителот ги осудил на посекување со меч, а светиот апостол Петар на распнување.

Кога ги земале осудените, војниците ги извеле на губилиште; но Климент го поштедиле и го пуштиле на слобода, бидејќи му бил роднина на царот, а Иродион и Олимп, кои дошле во Рим заедно со Апостолот Петар, ги убиле со меч, а со нив посекле и многу верни.

Свети Петар, пак, ги замолил своите распнувачи да го распнат главечки, сметајќи се себеси за недостоен да пострада со истата смрт како и Спасителот, и сакајќи да ја преклони својата глава под Неговите нозе.

Така скончал великиот Апостол Господов свети Петар, прославувајќи Го Бог со крсна смрт: трпејќи големи болки од клинците во рацете и нозете, тој ја предал својата непорочна душа во Божји раце на 29 јуни/12 јули 67 година.

Неговиот ученик Климент го измолил телото на светиот Апостол, го симнал од крстот, го подготвил за погреб и, откако ги повикал сите верници и епископи, чесно го погребал. Исто така, чесно ги погребале и телата на постраданите светители Иродион, Олимп и сите останати верни, славејќи Го Христос Бог, славен со Отецот и Светиот Дух. Амин.“[33]

---

[33] Види: Архимандрит Јустин Поповић, *Житија Светих за јун*, књига 6, Манастир Ћелије код Ваљева, Београд, 1996.

## ПРВЕНСТВО ПО ЧЕСТ

Полезно е да го разгледаме и прашањето за позицијата на Апостолот Петар меѓу Апостолите и да извлечеме некои заклучоци за првенството по чест.

*А Он им рече: „А вие, за кого Ме мислите?“ Симон Петар одговори и рече: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог“. Тогаш Исус му одговори и рече: „Блажен си ти, Симоне, сине Јонин, оти тело и крв не ти го открија тоа, а Мојот Отец, Кој е на Небесата. А Јас тебе ти велам: ти си Петар и на тој камен ќе ја изградам црквата Своја, и вратите на пеколот нема да ја надвладеат. И ќе ти ги дадам клучевите од Небесното Царство, и што ќе сврзеш на земјата, ќе биде сврзано на Небесата; а што ќе разврзеш на земјата, ќе биде разврзано и на Небесата“* (Матеј 16, 15–19).

Петар Му се обраќа на Господ како прв меѓу еднаквите по чест, кој во тој момент ги изразува и сведочи верата и опитот на сите Апостоли, а не само својата вера и својот опит. Господ Исус ги праша сите Апостоли, но согласно воспоставениот ред, којшто до денешен ден важи во Православната Црква, првиот меѓу еднаквите по чест го објави мислењето на сите и проговори во име на сите.

Или, некој си мисли дека останатите Апостоли така случајно Го следеа Богочовекот Христос и немаа што да кажат, па вади и погрешни заклучоци од тоа свое мислење? Неправилното сфаќање на ова клучно евангелско случување предизвикува негово погрешно еклисиолошко толкување и многу недоразбирања потоа.

Цврстата основа на која Господ Исус ја гради Својата Црква не може да биде кој и да било човек, туку, пред сè, правилната (православната) вера во Него и Апостолското Преемство – како непрекинат дар на Светиот Дух Господ, Кој преку овој дар, во Светата Литургија, го остварува соборот на верните како Воскреснато и Вознесено Тело Христово. И ова досега е сè точно и православно, но има потреба од едно дообјаснување. За тоа малку подолу кога ќе го објаснувам првенството по чест.

Апостолските преемници – Епископите на Црквата Православна, се и сведоци и на гревот и на покајанието на луѓето, и затоа ја имаат власта да сврзуваат и разврзуваат состојби, на земјата и на небото. Но, ја имаат и обврската да ја водат Црквата со личен пример.

Тајната на Апостолското преемство истовремено е подучување и предание на вистинската вера (на Вистината), како и светотаинско Предание, што значи совршување на Божествената Евхаристија и останатите Свети Тајни, т.е. раздавање на благодатта. Вистината на Црквата, не во смисла на Личноста Христова, туку во смисла на вистинска вера, е пред сè, несоздадена и обожителна благодат и Божји дар

(харизма), Откровение Божјо, и е суштински неразделна од светотаинскиот (харизматичниот) живот на Црквата, неразделна е од благодатта на Светите Тајни. Така, таму каде што нема Вистина нема ни Свети Тајни; и обратно, таму каде што нема Свети Тајни, нема ни Вистина.

Апостолското преемство, пак, не се стекнува по автоматизам, и затоа не може да биде дејствително и ефективно ако оној што го прима нема внатрешна духовна подготовка за него. За ѓаконски чин тоа е сериозно чекорење по патот на очистување на срцето од страстите; за презвитерски чин тоа е нивото на просветлување на умот, со дарот на умно-срдечната молитва; а за епископскиот чин тоа е нивото на обожение на целата личност. Внатрешното духовно покритие го нарекуваме и царско или есхатолошко свештенство – свештенство кое ќе нè краси во Царството Небесно и не зависи од тоа дали е некој носител на свештенството како овоземната Света Тајна. Тајната на ова царско и есхатолошко свештенство ја разбира само оној што ја има.

Клучевите на Небесното Царство се и редот и поредокот во Црквата, како и поставување на некој што ќе го чува и што ќе го одржува, и врз основа на тој ред и поредок создавање атмосфера за исцеление на нашиот паднат (односно горд, расеан и затемнет) ум. Овој ред, поредок и хиерархија мора да се почитуваат ако некој сака да влезе во Царството Небесно, и не постои друг начин или некаков калауз наместо вистинскиот клуч, затоа што Самиот Бог го надгледува влезот. Овој ред и поредок мора

да го почитуваат и оние на кои тој им дава надворешно, пред сè, чинови, права и власт, но исто така и оние на кои тој им дава надворешно само позиција на ерархиска подреденост и на послушание. Клучевите на Царството за оние што ги држат во своите раце се меч со две сечила. Со тој меч тие можат да пресечат за добро на Црквата, а можат и духовно да се самоубијат. Ова е наједноставното објаснување.

Епископот по своето место и функција формално е врховен водач во Црквата. Но, поради отстапување од светоотечкото Предание за избор и поставување Епископи, односно поради немањето внатрешно духовно покритие кај носителите на овој висок чин – *обожение*, денес, во Православната Црква суштествува криза на ефикасно духовно и институционално лидерство. Кризата во лидерството, покрај останатите сфери од црковниот живот, се пројавува, главно, од една страна, како грешки (на кој било план) во дејствувањето на високиот клир на Црквата, а од друга, како недоверба на народот во свештенството, генерално, како и во Црквата сфатена како институција. Сите овие неправилности имаат свои социјални и многу други несогледливи, лоши последици. Ќе видите подолу некои од нив...

Затоа, и покрај теолошки и канонски цврсто поставената позиција на Епископот во Црквата, ние сè уште не можеме да говориме за некое негово суштинско лидерство. Кога говориме за неговата позиција во Црквата, најчесто подразбираме фор-

мално лидерство. Едно е авторитет на Епископ што произлегува само од значењето на институцијата што ја претставува, а друго е авторитет на Епископ што произлегува од внатрешното духовно покритие на неговиот чин со кој тој ја претставува институцијата.

Интересна е и позицијата на Првиот по чест меѓу Епископите. На секој нормален му е јасно дека на таква позиција без Божја Промисла не се стигнува, и на секој нормален му е јасно дека таквата позиција не смее да ја поткопува или руши, туку колку што може да ја поткрепува и штити. Така, доволно би било Првиот по чест да инсистира на избор на барем нормални луѓе за Епископи и неговата поглаварска позиција би била безбедна од лошото влијание на човечкиот фактор. Во црковната историја имаме доволно лоши примери на избори од кои требаше да се извлече поука. Затоа и Црквата Божја, во нормални услови, одредила изборот на Епископи да се врши од докажани монаси, а не под влијание на други, субјективни интереси.

Кон Првиот Епископ по чест, Епископите треба да негуваат чувство на своевидно братско послушание, иако светите Канони не ја регулираат таа тема. Совршено би било кога Првиот по чест би бил што поблиску до внатрешното духовно покритие на неговиот висок чин – *обожение*, така што своевидната послушност на Епископите да соодветствува на неговиот духовен авторитет, а не толку на функцијата. Ова што го напишав го разбираат само оние Епископи што при својот духовен развој го виделе клуч-

ното значење на послушанието во севкупниот Божји домострој на Спасението, во Божјата Промисла. Сега е појасно зошто изборот на Епископи Црквата одредила да се случува исклучиво од монашките редови.

Сето ова го напишав за поубаво да се сфати позицијата на Апостолот Петар во првата Црква, да се сфати позицијата на Вселенскиот Патријарх, да се сфати позицијата на секој поединечен Поглавар на секоја Помесна црква и да се сфати позицијата на Поглаварот на локалната Црква, која е Црква во сета своја полнота – која во својата Света Евхаристија ја содржи и првата Црква на Ерусалим и Есхатолошката Црква на Царството Небесно и сѐ помеѓу тоа, а сите ние заедно ѝ служиме само на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква. Мислам дека на претходно опишаниот начин најлесно можеме да ги избегнеме двете најголеми еклисиолошки искушенија – анархијата и централизацијата на Црквата.

За да не дојде до погореопишаните аномалии, светиот апостол Петар ги советува сите идни пастири како правилно, со личен пример, да го водат словесното стадо: *Оние, кои се меѓу вас свештеници, ги молам јас, кој сум и самиот свештеник, и сведок на Христовите страдања и соучесник во славата, што ќе се открие: пасете го Божјото стадо, што го имате, надгледувајќи го не присилно, туку драговолно и според Бог; не заради неправедна корист, туку од добро срце. И не како да управувате со народот, туку давајќи му пример на стадото. А кога ќе се јави Пастироначалникот, ќе добиете венец на слава што нема да свене* (1 Птр. 5, 1–4).

Еве го сведоштвото и на Апостолот Павле за добрите дела и добрите плодови на новозаветното и есхатолошко свештенство – во сите негови димензии, кое, како што рековме, е незаменливо внатрешно духовно покритие за видливите свештенички чинови, кои преку Тајната на Апостолското преемство денес недостојно ги носиме:

*Браќа, нас апостолите, Бог нѐ постави најпоследни, како осудени на смрт; бидејќи станавме призор на светот – на ангелите и на луѓето. Ние сме безумни заради Христос, а вие сте мудри во Христос; ние сме немоќни, а вие сте силни; вие сте славни, а ние бесчесни. До овој час ние и гладуваме, и жеднуваме, и необлечени одиме, се мачиме и се потураме по светов, но се трудиме, работејќи со своите раце. Кога нѐ укоруваат, ние благословуваме, а кога нѐ гонат – трпиме; кога хулат на нас, ние се утешуваме. Станавме како сметиште на овој свет, како отпад на сите луѓе.*

*Но ова ви го пишувам не за да ве посрамам, туку да ве поучам како мои омилени чеда. Зашто, и ако имате и на десетина илјади наставници во Христос Исус, многу татковци немате, бидејќи јас ве родив во Исус Христос преку Евангелието. Затоа, ве молам, подражавајте ме мене, како што јас – Христос* (1 Кор. 4, 9–16).

А еве го сведоштвото и на Богочовекот Исус Христос за лошите дела и лошиот плод на старозаветното свештенство – во сите негови димензии, отпаднато од Духот на Стариот Завет. Тоа се истите искривувања и отстапувања од Вистината што ги гледаме и кај денешното свештенство (најпрво за

самиот себе пишувам), кое го нема внатрешното духовно покритие за видливите свештенички чинови, кои преку Тајната на Апостолското преемство денес недостојно ги носи:

*Тогаш Исус му проповедаше на народот и на учениците Свои, говорејќи: „На Мојсеевото седиште седнаа книжниците и фарисеите. Затоа, сѐ што ќе ви кажат да пазите, пазете и извршувајте; а според делата нивни не постапувајте, оти тие говорат, а не извршуваат; врзуваат бремиња тешки и мачни за носење, и ги ставаат врз плеќите на луѓето, а сами не сакаат ни со прст да ги помрднат; и сите свои дела ги прават за да ги видат луѓето; ги истакнуваат своите записи од законот и прават големи поли на својата облека; сакаат прво место на гозбите и предни места во синагогите, и поздрави по улиците, и да им велат луѓето: учителе, учителе!“* (Матеј 23, 1–7).

*Како можете вие да поверувате, кога примате слава еден од друг, а славата што е од Единиот Бог не ја барате?* (Јован 5, 44).

*Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери, затоа што го затворате Царството Небесно пред луѓето; оти, ниту вие влегувате, ниту ги пуштате да влезат оние што сакаат да влезат* (Матеј 23, 13).

Просто човек да се запраша: ако отстапувањето на старозаветното свештенство од Бог го предвестуваше раѓањето на Синот Божји од Богородица и Секогашдева Марија и Светиот Дух – во тело, тогаш отстапувањето на новозаветното свештенство од благодатта на Светиот Дух нема ли да е предвес-

тување за Христовото повторно доаѓање во слава и за сеопштото воскресение на мртвите?

И, можеме да резимираме: на Црквата ѝ требаат пастири што ќе го возобноват духовниот православен живот; кои во пракса и теоретски, со личен авторитет и пример, ќе го актуализираат вистинското Предание на Црквата; кои ќе се грижат за единството, како и за првенството по чест меѓу Поглаварите и Црквите; кои ќе го сочуваат достоинството (и црковната полнота) на локалната епископална Црква, како и пастирскиот авторитет и кредибилитет на помесната Црква. Пастири кои нема да се занимаваат само со дневна политика, евтин популизам и лажен патриотизам, туку пастири во кои добронамерните ќе Го препознаваат Христос. Со еден збор, потребни ни се свети луѓе.

# ЗАКЛУЧОК

Се надевам дека сега ни е на сите појасно зошто Господ Христос го одбира токму Петар за пример. И зошто е тој прв меѓу еднаквите Апостоли. Неговото исповедање на Учителот како Господ Исус Христос, Синот Божји, е навистина каменот врз кој Господ ја утврдува Црквата[1]; но, за разлика од оние епископи кои се повикуваат на неговото првенство, а ги прогласуваат своите застранувања за безгрешни, Петар иако многупати греши, сепак знае и огнено да се покае. Човечки е да се падне, но демонски е да се остане во падот.

Секако, вистински водач е оној што привлекува и кого човек сака да го следи, а не оној што мора да го следи поради функцијата. Така, може да се заклучи дека: стекнувањето на највисоката позиција во Црквата не го обезбедува, самото по себе, и авторитетот на лидерството, ниту пак, немањето формален чин и позиција на власт во Црквата, самото по себе, подразбира неможност за духовно лидерство со авторитет. Напротив, кога во историјата на Црквата тие две позиции не се сов-

[1] Види: Матеј 16, 18.

паѓале, секогаш харизматското имало поголем авторитет од институционалното лидерство.

Како и да е, првиот по чест, колку и да ни изгледа нам обичен и просечен, треба смирено да го следиме во неговиот напор да го поткрепува единството на Црквата – за што е и поставен, освен ако не падне во ерес и остане непокајан. Дури и треба да му снисходиме во случај да пројавува некакви човечки слабости кои не допираат до суштината на верата и единството. Исто како и Апостол Петар, и него Господ на Црквата го бира, и тука завршува секоја наша недоумица. Истиот заклучок повторно можеме да го извлечеме од примерот на односот на светиот апостол Петар кон светиот апостол Јован Богослов: *„Господи, а овој, пак, зошто?“ Исус му рече: „Ако сакам тој да остане, дури дојдам, тебе што ти е? Ти врви по Мене!“* (Јован 21, 21–22).

## *Содржина*

Предисловие / проф. д-р Венко Андоновски 7

Наместо вовед 29

Светиот апостол Петар 71

Средбата со Господ 73

Христов ученик 77

*Жената Хананејка* 77

*1. Прифаќање* 82

*2. Благодарење* 83

*3. Божја и човечка правда* 87

*4. Непокажување* 89

*5. Молитва* 90

*Исклучителна новост* 91

*За простувањето и љубовта* 94

*Претскажување за крајот* 98

Очевидец на Христовите чуда 102

*Крвоточивата жена* 102

*Десетте лепрозни* 105

*Умножувањето на лебовите и рибите* 108

*Одењето по вода* 112

*До кога ќе бидам со вас?* 115

*Како бесот се крие* 117

*Статирот во устата на рибата* 122
*Спасоносниот плач на душата* 124
Преобразувањето на Горатa Тавор 127
Воскресение без распнување 133
Миењето на нозете 136
Автодисквалификација 140
Пасха 146
Претскажување на предавството и одрекувањето 150
Предавство 153
Распнување Христово 160
Едно поинакво сведоштво 166
Споредба 170
Сведок на Христовото Воскресение 174
Горење на срцето 180
Одрекување од одрекувањето 189
Исцеление на умот 195
Вознесение во Педесетница 198
Молитва во Негово име 202
Апостолски дела 207
Првенство по чест 219
Заклучок 228

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

271.2-312.55Апостол Петар, свети

НАУМ, митрополит струмички
Еден од нас / Митрополит Струмички Наум. - Велјуса :
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса, 2024.
- 230 стр. ; 21 см. - (Библиотека Воведение)

Фусноти кон текстот. - Можете и вие : (од херменевтика до
христијанска психотерапија) / Венко Андоновски: стр. 7-28

ISBN 978-9989-893-38-4

а) Апостол Петар, свети

COBISS.MK-ID 63539461

Печати: „Европа 92“ – Кочани

Тираж: 1000

На корицата: *Свети апостол Петар горко плаче*, фреска,
црква „Свети Георгиј“, Старо Нагоричане, 14 век.